**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

Постдипломски магистерски студии по меѓународни односи-
Решавање на конфликти, дипломатија и човекови права

Магистерски труд

# Можности и ограничувања на приодите за разрешување на конфликти кон меѓународниот тероризам

**Кандидат:**
**Игор Ташковски**

**Ментор:**
**Проф. д-р Тања Милошевска**

Скопје, 2018

**СОДРЖИНА:**

1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ....................................4
1.1. Истражувачко прашање....................................9
1.2. Цели и задачи....................................10
1.3. Дефинирање на предмет на истражување....................................11
1.4. Дефинирање на клучни концепти....................................14
1.5. Операционализација на предметот на истражување....................................18
1.6. Општа/специфична хипотетичка рамка....................................19
1.7. Истражувачки варијабли....................................19
1.8. Индикатори на истражувањето....................................20
1.9. Истражувачки методи....................................20
1.10. Општествена оправданост на истражувањето....................................20
1.11.Географска определба и период на истражување....................................21

2. ВОВЕД....................................22

3. РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ....................................26
3.1.Историја и развој на современите приоди за решавање на конфликти....................................26
3.2. Решавање кофликти: концепти, поими и модели....................................29
3.3. Приоди за решавање на конфликтите....................................35
3.4. Стратегии и методи за решавање на конфликти....................................40
3.5. Социо-психолошки димензии на меѓународните конфликти....................................52
3.6. Модели на современите конфликти....................................54
3.7. Космополитско решавање на конфликти: нов начин на справување со меѓународниот тероризам....................................55

4. МЕЃУНАРОДЕН ТЕРОРИЗАМ....58
4.1. Поим и дефинирање на тероризмот....58
4.2. Транснационален тероризам....60
4.2.1 Мотивации и цели....61
4.2.2. Активности....63
4.2.3. Организација и ресурси....64
4.3. Психологија на тероризмот и терористичките однесувања....69

5. МОЖНОСТИ И ОГРАНИЧУВАЊА НА ПРИОДИТЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ КОН МЕЃУНАРОДНИОТ ТЕРОРИЗАМ....75

6. СТУДИИ НА СЛУЧАЈ....83
6.1. Блиски Исток-случајот на Израел и на Палестина....85
6.2. Блиски Исток-случајот на Авганистан....93
6.3. Блиски Исток-случајот на Ирак....102
6.4. Блиски Исток-случајот на Сирија....111
6.5. Африка – случаите на Сомалија и Нигерија....119
6.6. Европа – случаите на Северна Ирска и Баскија....129
7. ЗАКЛУЧОК.. ....133
8. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА....140

# 1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Тероризмот е многу стар феномен кој според историчарите датира уште од античко време, кој во различен степен влијае врз многу региони и општества. Сепак, во ниту еден момент во историјата, меѓународниот тероризам не бил доминантен како во првата деценија на овој милениум, што уследува по нападите врз САД на 11 септември, 2001 година. Во овој контекст, не се менува толку интензитетот на заканата, бидејќи тероризмот кулминира во 1980-тите[1], туку се менува централноста што ја зазема во меѓународните односи. Според резултатите објавени во Индексот на глобален тероризам во 2016-та година[2], динамиката на глобалниот тероризам се менува брзо и овие промени се многу сложени. Современата терористичка активност има флуидна и нестабилна природа која може да се препознае во континуираното интензивирање на тероризмот во некои земји. Осврнувајќи се на податоците презентирани во овој документ, постојат силни докази дека тероризмот е високо концентрирана форма на насилство. Тоа главно се однесува на одредени земји, каде терористичките дејствија ги извршуваат мал број групи. Меѓу анализираните земји во светот, се издвојуваат пет кои имаат најголеми штети од тероризмот. Тоа се: Ирак, Авганистан, Нигерија, Пакистан и Сирија, кои учествуваат со 72% од сите смртни случаи предизвикани од тероризам во 2015-та година. Истиот извештај истакнува дека ИСИС, Боко Харам, Талибанците и Ал Каеда се одговорни за 74% од сите овие смртни случаи.

Денешниот тероризам е транснационален во причините, операциите и ефектите. Неговите суштински карактеристики ја етаблираат неговата важност во меѓународните односи, бидејќи претставува сосема нова безбедносна закана за државите: ризикот од напад не доаѓа само од други држави (преку војна), туку и од мобилните криминални групи што се движат меѓу државите и се шират низ целиот свет (транснационален тероризам). Државите го доживуваат овој нов бран на тероризам како загрозувачки за суштинските елементи на нивната сувереност - нивниот капацитет, легитимитет и автономија во рамките на одредена јурисдикција. Оваа сеопфатна закана води до низа

[1] Постојат различни бази на податоци за терористички инциденти кои значително варираат во нивните извештаи, поради тешкотијата да се „измери“ тероризмот.

[2] Global Terrorism Index. (2016). *Measuring and Understanding the Impact of Terrorism*. Institute for Economics and Peace.

последователни одговори, кои вклучуваат предвидување на нови кривични дела во законите, проширени правни дефиниции за тероризам, доделување поголеми овластувања за притвор и апсење, како и подобрување на финансирањето на државните агенции вклучени во борбата против тероризмот. Во светлината на транснационалните елементи, државите, исто така, бараат поблиска прекугранична соработка меѓу владините агенции, особено во полицијата и разузнавачките служби, со цел да се спречи ширењето на тероризмот. Државите, исто така, реагираат на новите закани со обиди за спречување или осуетување на појавата на идеи кои би можеле да го поддржат терористичкото насилство, започнувајќи иницијативи против радикализација на населението. Ваквите чекори понекогаш се нарекуваат "меки мерки"[3].

Меѓународниот тероризам апсолутно го пренасочува вниманието на големите сили и институции во светот, така што ги дефокусира од поддржување на основните развојни прашања, во голем степен насочувајќи ги кон спречување и ограничување на тероризмот. Економските и социјалните прашања се спроведуваат со антитерористичките активности. Тој станува извор на воспоставување на односи на меѓународно ниво. Последица на транснационалниот транзициски тероризам, е тоа што државите се соочуваат со многу меѓусебно испреплетени точки поврзани со одлуката за тоа кога и како да интервенираат. Првиот сет на одлуки се однесува на прашањето каде да се интервенира. Некои западни држави се соочуваат со искушение да интервенираат на меѓународно ниво, со цел да се спречи појавата на терористички групи или да се минимизира ефикасноста на веќе постоечките терористички групи. Ваквата интервенција доаѓа во форма на меѓународна помош, воена помош и обука, како и финансиска и воена поддршка на владите. Сепак, ова претставува и можен ризик да се даде поддршка на недемократски влади и да се направи вклучување во милитарни активности во спорните места. Вториот сет прашања се поврзани со фактот што тероризмот наметнува страв кај обичните цивили[4]. Ваквите операции, всушност, им одат во прилог на терористичките групи, давајќи им основа да ја форсираат својата агенда, зајакнувајќи ги локалните стравувања од агресивната интервенција од страна на Западот во нивните општества, на кои мораат да се

[3] Brown, K. E. (2017). "Transnational terrorism" in *International relations*, edited by Stephen McGlinchey, Bristol, England.
[4] Coll, S. (2014). 'The Unblinking Stare: The Drone War in Pakistan'. *New Yorker*. Available at: www.newyorker.com/magazine/2014/11/24/unblinking-stare

спротивстават. Поради тоа, можеби не е за изненадување што исламистичкиот тероризам, и други видови тероризам, е континуиран извор на загриженост во меѓународните односи.

Како што беше споменато претходно, доказите од теренот покажуваат дека најчестите акции како одговор на тероризмот се воените. Сепак, исто така, покажуваат дека таквите дејства не се доволно ефикасни за да се реши проблемот со тероризмот, па дури и да се искорени терористичкото однесување. Покрај тоа, често пати ваквите акции завршуваат со многу негативни контра-ефекти, предизвикувајќи дури и подеструктивни и понасилни акции од страна на терористите. Една веројатна причина за ова е природата на самиот тероризам, бидејќи тој претставува мозаик од различни видови на однесувања[5]. Затоа, ако целта на антитерористичката стратегија е да биде ефективна, со долгорочни придобивки за сите страни, треба да се направи многу повеќе од само воена интервенција. Во таа смисла, треба да се разгледаат и специфични приоди за разрешување конфликти насочени кон решавање на сложените и променливи терористички однесувања. Тоа значи да се дејствува истовремено на различни нивоа и во различни домени. Ова е од суштинско значење за регионите и земјите кои се соочуваат со долга историја на тешки и длабоки конфликти.

Иако постојат голем број истражувања за тероризмот, истражувањата за улогата на приодите за разрешување конфликти во борбата против тероризмот се сè уште мошне ретки. Постојат различни причини за ова. Имено, се одвива интензивна дебата дали таквите приоди треба да се земат предвид во справувањето со терористите. Честопати, многумина веруваат дека тоа не е вистинскиот начин за справување со тероризмот, бидејќи преговорите со терористите се знак на слабост, ги зајакнуваат нивните позиции и обезбедуваат лажен легитимитет за нивните акции. Освен тоа, се смета дека обемот на активностите на терористите е премногу широк, што ги прави тешко достапни за идентификување на лидерите на терористичките групи и за преговарање со нив. Сепак, искусните преговарачи даваат докази против ваквата позиција, објаснувајќи дека тоа е обично случај кога ситуацијата е неправилно проценета и/или процесот на преговарање се

[5] Kendall Hope. (2014). M. *The Middle East: How Conflict Resolution can Extinguish Terrorism*. Pax Pugna Publ.

спроведува непрофесионално. Во таа смисла, Вајс[6] истакнува дека, во криза или за време на конфликт, од суштинско значење е токму поинтензивна комуникација за да успешно се реши конфликтот. Спроведувањето на соодветни преговори значи дека фокусот треба да биде на постигнување на најдоброто можно решение за конфликтот, без да се поткопаат сопствените позиции.

Еден целосно потврден факт, е дека недостатокот на комуникација доведува до зголемување на дистанцирањето, изолацијата, недовербата и омразата меѓу луѓето. Ова, исто така, може да биде причина за насилни терористички напади. Затоа, како што Брајт[7] истакнува во својата статија "Зборувајќи со терористите" објавена во New Statesman, "*промената на политиката е стратегија со висок ризик во војната против тероризмот, но Министерството за надворешни работи го оправдува тоа, тврдејќи дека ако се развие дијалог, западните влади ќе имаат поголема можност да влијаат врз насоката во која се движи радикалниот Ислам*". Во глобалната анти-терористичка стратегија на ОН, Кофи Анан[8] истакнува пет основни компоненти:

1) да се одвратат луѓето од прибегнување кон тероризам или од негова поддршка;
2) да се негираат терористичките средства за извршување на напад;
3) да се осуетат државите од поддржување на тероризмот;
4) да се развие капацитет на државата за победа над тероризмот, и
5) да се бранат човековите права.

Медијацијата и дијалогот што ги водат различни меѓународни организации како што се UNDP, UNESCO и други, ја поттикнуваат првата спомената компонента. Дијалогот може да помогне да се едуцираат и меѓусебно да се поврзат луѓе од различни социјални средини, од различни религии и култури. Во таа смисла, Анан потенцира дека приодите за разрешување конфликти во насока на ставање крај на регионалните конфликти, би можеле

---

[6] Weiss, J. (February, 2003). "Why Has Negotiation Gotten a Bad Name?" преземено од http://www.mediate.com/articles/weissj.cfm
[7] Bright, M. (February, 2006). "Talking to terrorists", преземено од https://www.newstatesman.com/node/163753
[8] Canadian Iernational Institute of Applied Negotiation "Addressing Terrorism: Does Conflict Resolution Have a Role?", преземено од http://www.ciian.org/PDF%20Docs/cancraddressterrorism.pdf

да бидат многу корисни за намалување на распространетоста на тероризмот. Во исто време, користејќи медијација и дијалог како дел од посложената стратегија за борба против тероризмот, со цел да се спречи идното насилство и да се одвратат поединците од прибегнување кон тероризам, треба постојано да се поддржува.

Во релевантната литература обично постои концептуална разлика помеѓу разрешувањето на конфликти и менаџирањето на конфликти. Понекогаш, дефинициите на овие два концепта се толку некомпатибилни што се чини дека тие никогаш не би можеле да бидат интегрирани. Сепак, некои автори[9], го преиспитуваат ова наводно несовпаѓање анализирајќи ги слабостите на таквата позиција во промовирањето на мирни приоди кон решавањето на конфликтите. Имено, еден предлог сугерира дека ако решавањето на конфликтите се дефинира како градење на мирот, а менаџирањето на конфликтите како одржување на мирот (како дел од поширокиот концепт наречен култура на мирот), тогаш овие два приоди би можеле успешно и ефективно да се интегрираат во анти-терористичките стратегии.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, сегашното истражување се заснова врз премисата дека приодите за разрешување конфликти можат да обезбедат корисни знаења и стратегии кои би можеле да бидат ефективни во пошироката интервенција против терористичките напади. Во науката, добро е познато дека теоријата станува највредна тогаш кога е поврзана со практичното искуство. Следејќи го веќе споменатиот Индекс на глобален тероризам од 2016 година, како и космополитската перспектива на разрешување конфликти која го дефинира тероризмот како комплексен, повеќеслоен глобален-локален феномен[10], се анализираат неколку регионални кластери, со цел да се утврди кои приоди за разрешување конфликти најчесто се користат во справувањето со тероризмот на посочените простори, како и кои се резултатите од нивната примена. Споменатите кластери се: Блиски Исток - претставен со Ирак, Авганистан, Сирија и Израел; Африка - претставена со Нигерија и Сомалија; и Европа - претставена со Северна Ирска и Баскија. Целта е да се откријат можностите и ограничувањата на приодите за разрешување

[9] Ryan, S. (1990). Conflict management and conflict resolution. *Terorism and Political Violence*, Vol.2, Iss, 1, pp. 54-71 | Published online: 21 Dec 2007

[10] Ramsbotham, O. Woodhouse, T. & Miall, H. (2016). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*. Polity Press.

конфликти како начин за борба против тероризмот во различни контексти. На крајот е изведен заклучок за идните неопходни чекори во спроведувањето на приодите за решавање конфликти во однос на меѓународниот тероризам, кои исто така, можат да биде корисни и за Балканскиот регион.

## 1.1. Истражувачки прашања

Главно истражувачко прашање:

1. Каква е улогата на приодите за разрешување конфликти кон меѓународниот тероризам?

Од главното истражувачко прашање, произлегуваат следниве потпрашања:

1.1 До кој степен меѓународниот тероризам претставува вистинска закана за регионалниот и меѓународниот мир и стабилност?

1.2 Како функционираат терористичките организации и што го дефинира терористичкото однесување?

1.3 Кои се можностите и ограничувањата на приодите за разрешување конфликти во борбата против меѓународниот тероризам?

1.4 Кои приоди за разрешување конфликти најчесто се користат за време на интервентните процеси во дел од земјите со историја на тешки и длабоки конфликти и терористички напади?

1.5 Кои се најефективните приоди за разрешување конфликти во однос на меѓународниот тероризам и што треба да се направи во иднина?

## 1.2. Цели и задачи на истражувањето

### Научна цел:

Главна цел на ова истражување е да ги анализира актуелните услови во врска со заканата што меѓународниот тероризам ја претставува на регионално и глобално ниво. Во исто време, целта е, исто така, да се анализира како се применуваат приодите за разрешување на конфликти во регионите и земјите кои се соочуваат со заканата од терористички напади и со тешки и длабоки конфликти. Со ова се овозможува подобар увид во можностите и ограничувањата на приодите за разрешување конфликти кон меѓународниот тероризам и може да послужи како почетна точка за дизајнирање и имплементирање на ефективни стратегии на меѓународно ниво.

### Практична цел:

Следејќи ја главната цел, практичните импликации на ова истражување се:

- Проценка на реалната закана која меѓународниот тероризам ја претставува регионално и глобално;

- Идентификација на силните и слабите страни на приодите за разрешување конфликти во однос на тероризмот во различни региони;

- Идентификација на најдобрите практики за разрешување конфликти кои обезбедуваат најефективни резултати во справувањето со тероризмот на регионално и на глобално ниво;

- Дефинирање на идните чекори и приоди за разрешување на конфликти во однос на справувањето со тероризмот во меѓународен контекст.

## 1.3. Дефинирање на предметот на истражување

### Теоретска рамка

Терористичкиот напад на 11 септември 2001 година го шокираше меѓународниот систем и ги промени глобалните перспективи и кон заканата од тероризам и кон средствата потребни за негово спречување и сузбивање. Иако мултилатералните инструменти против тероризмот постојат уште од 1960-тите години, досегашниот дострел и потенцијал на терористичките мрежи, како што е Ал Каеда и нејзините приврзаници или подоцнежното појавување на ИСИС, претставуваат нова опасност. Покрај тоа, примамливата идеологија на терористичките групи го проширува својот дострел, наведувајќи некои поединци кои се надвор од директна команда да преземат насилни дејства. Во оваа смисла, токму заканата од ИСИС се покажа како глобална, повеќеслојна и тешко решлива.

И покрај последиците од транснационалниот тероризам што првенствено се чувствуваат кај муслиманското мнозинство, стравот и свеста за заканите се чувствуваат силно и во Европа и во Северна Америка. Тероризмот е "комуникативен чин", со кој се прави обид за испраќање на порака што оди подалеку од вистинското уништување на животите и имотот и која треба да ја слушнат три групи на луѓе. Првите се цивилите, локални или глобални, кои се сведоци на настаните. Вторите се владите кои се повикани да одговорат на терористичкото насилство, а третите се потенцијалните поддржувачи кои се привлечени да им се придружат во терористичките акции.

Транснационалните терористички групи се фокусираат на локацијата на напади со цел да пратат широка порака. Важноста на локацијата е прикажана со нападите во Париз во 2015 година, спроведени од поединци кои тврдат дека се верни на Ал Каеда и ИСИС. Овие напади ја зголемуваат постојаната загриженост за ранливоста на Европа на тероризам. Кратко време по нападите, властите спроведуваат рации за растурање на посебна терористичка ќелија во Белгија поврзана со ИСИС. Од појавувањето на ИСИС,

многу аналитичари и европски влади изразуваат загриженост за "странските борци", кои се европски граѓани или жители со муслиманско потекло и кои патуваат во Сирија или Ирак за да се приклучат на терористичката организација. Иако е тешко да се процени прецизниот број муслимани од Европа и од другите западни земји кои се вклучени во конфликтите во Сирија и Ирак, неодамнешните процени на Европол, укажуваат дека можеби се работи за 3.000 до 5.000 лица. Значајни земји-членки на ЕУ се Австрија, Белгија, Данска, Франција, Германија, Холандија, Шпанија, Шведска и Велика Британија. Конфликтот во Сирија, исто така, привлекува и борци од земји со голем број муслиманско население на Балканот, како и од Русија.

Иако меѓународните религиозно инспирирани групи извршија многу малку напади во изминатите години (на пример, шест во 2012 и ниту еден во 2011 година), заканата сепак се смета за сериозна и овие групи се активни, како што е наведено од страна на значаен број на поврзани истраги и апсења. Радикалната исламистичка терористичка закана, исто така, се развива. Профилот на насилни активисти постепено се менува, со зголемување на саморадикализирани и терористички групи. Ова го комплицира проблемот со борбата против тероризмот, бидејќи овие поединци се особено тешки за откривање на почетокот на процесот на радикализација. Воедно, потребен е поголем мониторинг на он-лајн активностите, отворајќи нов фронт во сајбер-просторот. Заканата се развива и во географска смисла. Со оглед на тоа што Авганистан ја губи својата позиција и повик за борците од страна на џихадистите, постои опасност некои од нив, а особено европските џихадисти, да се вратат во Европа и да започнат заговор за нов напад. Авганистан и Пакистан, познати како регионот Афпак, веќе се заменети со регионот Сахел и Сирија како ново жариште за меѓународниот тероризам, со што и јадрото на заканата се преселува поблиску до европските граници.

Едно од клучните објаснувања зошто поединците се приклучуваат и остануваат дел од транснационалните терористички групи, дава теоријата на радикализација. Под радикализација се подразбира "сè што се случува пред бомбата да експлодира"[11]. Во последните години, терористичките мрежи се развиваат, се оддалечуваат од зависноста од државно спонзорство, така што многу од најопасните групи и поединци сега

[11] Neumann, P. (2013). 'The Trouble with Radicalisation' *International Affairs* 89(4) 873-893.

функционираат како недржавни „играчи“. Со искористување на порозните граници и меѓусебно поврзаните меѓународни системи - финансиски, комуникациски и транзитни - терористички групи можат да стигнат до секој агол од светот. Така, додека некои остануваат фокусирани на локалната или национална политичка динамика, други сакаат да влијаат врз глобалните промени.

Оттука се наметнува важноста од познавање на психологијата на поединците кои се вклучуваат и остануваат вклучени во тероризмот. Релевантната литература укажува на тоа дека постои долготраен интерес кај научниците да се опише и објасни што е она што им е заемно на сите овие поединци и на нивното однесување[12]. Според Викторoф[13], постојат значителни докази кои сугерираат дека кон генезата на терористичкиот ум придонесуваат модифицирани социјални и психолошки фактори. Притоа, разбирањето на причините, мотивацијата и детерминантите на терористичкото однесување претставува огромен предизвик, но е, воедно, неразделен дел од секоја антитерористичка стратегија. Така, употребата на сознанијата од психологијата е од витално значење за справување со заканата на насилниот екстремизам кон глобалната безбедност.

Меѓународниот тероризам е сложено меѓународно прашање кое треба да се реши со целосно разбирање на природата и обемот на потребата од постоење глобален свет за борба против тероризмот. Различни професионални и социјални групи имаат многу прецизна и значајна улога во борбата против меѓународниот тероризам. Дипломатијата, исто така, игра клучна улога во развојот на овој меѓународен пристап. За да се спроведат политиките против тероризмот, државата има потреба од добро артикулирани механизми и процедури. Меѓународната безбедност преку границите на земјите треба да се надгради за да се промовира и да се намали движењето на терористите низ целата земја, со што се намалува влијанието на тероризмот низ целиот свет.

Меѓутоа, за да антитерористичката стратегија биде ефективна, со долгорочни бенефиции, како што е истакнато на самиот почеток, треба да се нарави многу повеќе. Во таа смисла, специфичните приоди за разрешување на конфликти кои имаат за цел

[12] Borum, R. (2011). Understanding Terrorist Psychology. In: Silke, A. (Ed.). *The Psychology of Counter-terrorism*. 19-33. UK: Rootledge.

[13] Victoroff, J. (2005). The Mind of the Terrorist: A Review and Critique of Psychological Approaches. *The Journal of Conflict Resolution*, 49, 1, 3-42

решавање на сложени и флуктуирачки терористички однесувања, треба да се инкорпорираат во поширокатa и посеопфатна интервенција. Сепак, не се согласуваат сите автори околу ваквиот предлог. Клучниот приговор што го покренуваат оние кои не се ангажираат во преговори со терористите, е тоа што, според нив, преговорите ги легитимизираат терористичките групи, нивните цели и средства. Зборувајќи со нив, само би се поттикнало насилство и би се ослабнала демократијата. Нивната главна поента, понатаму, е дека сложената транснационална структура на одредена терористичка организација доведува до забуни и сомневања во врска со тоа со кого официјалните лица би требало да започнат дијалог. Соочени со повеќеслојна, хоризонтална организација како што е терористичката, дилемата е како официјалните претставници да се вклучат во преговарачкиот процес. Сепак, вистината е дека приодите за решавање на конфликтите може да доведат до воспоставување на мир, дури и со терористите. Тие се сметаат за алтернативен пристап кон прашањето за легитимноста и сложеноста во справувањето со тероризмот. Во таа насока, резултатите од истражувањата на мирот и конфликтите, јасно посочуваат стратегии кои, всушност, можат да придонесат кон ненасилно решавање на конфликти кои вклучуваат терористичко насилство. Во таа смисла, легитимизацијата на терористичките групи преку разговори може да го трансформира конфликтот и да отвори нови можности за доаѓање до подобра реалност[14].

## 1.4. Дефинирање на клучните концепти

### Разрешување на конфликти

Решавањето на конфликтите обично се дефинира како сложен сет на приоди и техники за решавање на конфликти од страна на трети лица. Тој е цврсто поврзан со процесот на мировни операции. Историски гледано, полето на разрешување на конфликти се појавува во периодот на Студената војна, во текот на 1950-тите и 1960-тите години, речиси паралелно со дефинирањето на основните принципи на миротворењето. Тогаш, развојот на нуклеарното оружје и конфликтот меѓу суперсилите изгледаа дека го

[14] Toros, H. (2008). `We Don't Negotiate with Terrorists!' Legitimacy and Complexity in Terrorist Conflicts. *Security Dialogue*. 39, 4, 407-426

загрозуваат човечкиот опстанок[15]. Меѓутоа, денес постои уште поголема закана со која се соочува човештвото - онаа на меѓународниот тероризам.

Со текот на времето, мировните операции станаа централни во одговорот на меѓународната заедница во однос на многу комплексни насилни конфликти. Тука се вбројуваат иницијативите преземени во насока на превенцијата (на пример, УНПРЕДЕП во Македонија), интервенциите во активните воени зони (на пример, УНОМИЛ во Либерија, УНПРОФОР во Босна, УНИСОМ во Сомалија) и слично. Следствено на ова, теоретичарите за решавање на конфликти сè почесто им пристапуваат на мировните операции како кон важен инструмент за позитивна трансформација на конфликти[16]. Во оваа смисла, од мировниците, и оние воените и оние цивилните, сè повеќе се бара да ги користат психолошките и комуникациските стратегии во врска со употребата на воена сила. Како што, впрочем, посочува Келман (2007)[17], новата форма на практика на меѓународно решавање на конфликти, наречена интерактивно решавање на проблеми, се заснова врз социјално-психолошки принципи. Овие начела претставуваат конкретна рамка за анализа на меѓународните конфликти, а особено на меѓународните односи во општи рамки.

Кога станува збор за решавање на конфликтите и за проучување на конструктивните одговори на проблемите предизвикани од насилен етнички конфликт, многу автори прават разлика помеѓу менаџирањето на конфликти и приодите за решавање конфликти. Понекогаш, овие два приоди се дефинирани како некомпатибилни еден со друг. На пример, Коен и Арноне[18] прават разлика помеѓу менаџирањето на конфликти и решавањето на конфликти, дефинирајќи го првиот приод како типичен краток опсег во кој владите мора да се ангажираат, а вториот како долгорочен процес, кој мора да вклучува цели општества и замена на контрадикторните односи со кооперативни. Тие понатаму нагласуваат пет принципи кои се развиле од обидите да се олесни разрешувањето на

[15] Langholtz, H.J. (Ed.) (2015). *Peacekeeping and International Conflict Resolution.* USA: Peace Opertion Training Institute
[16] Ibidem
[17] Kelman, H.C. (2007). Social-Psychological Dimensions of International Conflict. In: Zartman, W. I. (Ed.). *Peacemaking in International Conflict: Methods and Techniques*. 61-107. United States Institute of Peace
[18] Cohen, S.P. & Arnone, H.C. (1988). Conflict Resolution as the Alternative to Terrorism. *Journal of Social Issues*, 44, 2, 175–189

конфликтите на Блискиот Исток. Меѓу нив спаѓаат: зајакнување на идентитетот на секоја од страните, создавање на нови симболи, пренесување на елементите во секоја од конфликтните групи, подобрување на односите во матичната земја и употреба на автохтони трети страни. Овие автори го гледаат невладиното олеснување на решавањето конфликти, заедно со владината соработка, како вистинска алтернатива на тероризмот.

Сепак, се чини дека претпоставката за основната некомпатибилност помеѓу менаџирањето на конфликтите и разрешувањето на конфликтите не е оправдана, бидејќи е генерално бескорисна во промовирањето на идејата за разрешување на конфликти. Затоа, некои автори (пр. Rayan, 1990) сугерираат начини како може да се комбинираат двата приоди, со воведување на концептот на мировни операции (препознаен како менаџирање на конфликти) и миротворењето и градењето на мирот (препознаени како разрешување конфликти). Според Рамсботам, Вудхаус и Миал[19], соодветните стратегии за решавање на конфликти, како денешните одговори на меѓународниот тероризам, се еден од најсериозните тестови на принципите и приодите кои се користат во општата филозофија за решавање конфликти. Судејќи според позицијата на космополитско решавање на конфликтите во 21 век, тероризмот се дефинира како комплексен, повеќеслоен глобален-локален феномен. Овие автори наведуваат дека приодите за решавање на конфликтите кои се користат во справување со меѓународниот тероризам, треба да вклучуваат две основни работи. Прво, тие треба да ги покријат сите нивоа (од локално до глобално). Второ, тие треба да добијат соодветен одговор врз основа на релевантните безбедносни стратегии, со цел да се анулира тероризмот и да се применат во поширока политичка рамка која се состои од три стратегии: превентивни (со цел да се истакне дека постои потенцијална основа за избивање на смртоносни конфликти и тероризам), персуазивни (со цел да се убедат релевантните политички групи) и координативни (со цел да се комбинираат сите споменати напори во рамките на чадор-стратегија врз основа на принципот на комплементарност).

---

[19] Ramsbotham, O., Woodhouse, T., & Miall, H. (2016). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*. Polity Press.

## Тероризам

Недостатокот на универзално препознатлива дефиниција на поимот е до одреден степен предодреден од неговата високо политизирана, а не чисто академска, природа и потекло. Ова овозможува да се јават различни толкувања во зависност од целта на преведувачот и од политичките барања на моментот. Сепак, за разлика од овие субјективни фактори, постојат објективни причини за недостиг на согласност за дефинирање на тероризмот - имено, разновидноста на неговите форми, видови и манифестации. За да се избегне ваквата конфузија, се користи најчестата дефиниција на тероризмот, која ги вклучува следните карактеристики:

• Тоа е употреба на насилство или закана од насилство со цел да се наметнат политички, верски или идеолошки промени;

• Тој може да биде извршен само од страна на недржавни актери или прикриен персонал кој служи во име на нивните влади;

• Достигнува повеќе од непосредните целни жртви и, исто така, е насочен кон цели од поголем спектар во општеството.

**Меѓународниот тероризам** може да се смета за употреба на психолошко, културно, морално или правно "неприфатливо" насилство, или закана за употреба на таква сила или насилство од страна на државни, антидржавни или дури и недржавни актери, генерално со намера да се постигне или изрази некоја форма на политичка, социјална, економска или идеолошка цел, верување или изјава која ги преминува државните граници или резултира во некоја форма на меѓународна реперкусија или одговор.

Иако постојат многу дефиниции за тоа што навистина значи тероризмот, најсоодветна е онаа на Алекс Шмит[20], советник во ООН, кој проучувал различни дефиниции. Тој заклучува дека не постои правилна или точна дефиниција за тероризмот, бидејќи самиот тероризам е апстрактен концепт. Една дефиниција не може да го вклучи можното значење на тој термин. Сепак, Шмит смета дека постојат голем број елементи кои се заеднички за сите главни дефиниции. Така, неговата емпириска анализа наоѓа

[20] http://terrorismanalysts.academia.edu/AlexSCHMID

дваесет и два заеднички елементи во повеќето дефиниции, од кои тој составува образец кој содржи тринаесет од тие елементи.

"Тероризмот е вознемирувачки инспиративен метод на повторувачки насилни дејствија, предводени од поединец, група или државни актери за идеолошки, политички или криминални цели, каде покрај атентатот, директната цел на насилството не се главните поединечни цели. Човечките жртви на насилството генерално се избираат по случаен избор (цели на можност) или селективно (претставници на симболични цели) од целната популација и служат како генератори на пораки. Заканите и насилството се засноваат врз процесите на комуникација меѓу терористичките (организациски) (загрозени) жртви, а главните цели се користат за манипулирање со главната целна група (публиката), претворајќи ги во цели на барањата за цели на теророт, или целите на грижата во зависност дали станува збор за заплашување, принуда или пропаганда"[21].

## 1.5 Операционализација на предметот на истражување

Како што беше претходно споменато, предмет на ова истражување се приодите за решавање конфликти и нивната улога во борбата против меѓународниот тероризам. Во исто време, се утврдуваат можностите и ограничувањата на приодите за решавање на конфликти во справувањето со меѓународниот тероризам и се посочуваат резултатите од нивната примена.

Поради соодветна операционализација на предметот на истражувањето, истиот е поделен на неколку сегменти, меѓу кои се:

- Карактеристики на меѓународните терористички активности;

- Структура на терористичките организации;

- Психологија на тероризмот и терористичкото однесување;

- Приоди за решавање на конфликти кон меѓународниот тероризам;

[21] Schmid, A. P. (1983). *Political terrorism: A research guide to concepts, theories, data bases and literature*. New Brunswick, NJ: Transaction.

- Сличности и разлики во приодите за решавање на конфликти во однос на тероризмот во различни региони;

- Можности и ограничувања на приодите за решавање конфликти кон меѓународниот тероризам;

- Идни чекори во приодите за решавање конфликти кон меѓународниот тероризам.

## 1.6. Општа истражувачка хипотеза

Општата хипотеза се однесува на тоа дека користењето соодветни приоди за решавање конфликти обезбедува поефикасни резултати во справувањето со меѓународниот тероризам.

Во рамките на оваа хипотеза, разумно е да се тврди дека дефинирањето на конкретни чекори и приоди за решавање конфликти директно ќе ја одреди ефективноста на антитерористичките стратегии во конкретниот регион и индиректно ќе влијае врз резултатите од општиот пристап во борбата против меѓународниот тероризам.

## 1.7. Истражувачки варијабли

*Независна варијабла*

- *Приоди за разрешување конфликти* - разбрани како специфични стратегии насочени кон: завршување на регионалните конфликти; одвраќање на луѓето од прибегнување кон тероризам или поддршка; одвраќање на државите од поддршката на тероризмот; развивање државен капацитет за пораз на тероризмот и заштита на човековите права.

*Зависна варијабла*

- *Меѓународен тероризам* и влијание врз резултатите од приодите за разрешување конфликти за намалување на распространетоста на тероризмот.

## 1.8. Индикатори на истражување

- Анализа на податоци на стратешки документи и извештаи (владини и невладини);

- Анализа на податоци на статии и вести обезбедени од релевантни страни (пр. невладини организации, весници, конференции итн.);

- Анализа на изјавите на водечки политичари;

- Анализа на специфични приоди за решавање на конфликти кои се применуваат во различни региони и земји во светот.

## 1.9. Истражувачки методи

Дискурсивна анализа, која се фокусира на конструктивните ефекти на јазикот (говорен и писмен) и анализата на текстови (документи). Исто така, направена е анализа на содржина, со цел да се добие увид во моќта на дискурсот во конципирањето на праксата. Воедно, се спроведува и компаративна анализа. Податоците за оваа студија воглавно се собираат од книги, списанија, статии и официјални документи. Анализата и толкувањето на информациите се направени со цел да се извлече значење, да се зголеми разбирањето и да се развие емпириско знаење.

## 1.10. Општествена оправданост на истражувањето

Социјалната оправданост на истражувањето се гледа во тоа што оваа теза има за цел да го процени степенот до кој меѓународниот тероризам е најзначајната закана за современата регионална и глобална безбедност. Исто така, ги разгледува и анализира стратегиите за решавање на конфликти во справувањето со меѓународниот тероризам, вградени во теоријата и извлечени од праксата. Конечно, ова истражување сугерира понатамошни можни начини за примена на приоди за решавање на конфликти како превенција од меѓународен тероризам и насилните конфликти регионите кои се погодени од терористички акции и/или се под ризик да бидат следната фокална точка на таквите активности.

## 1.11. Географска определба и период на истражување

Истражувањето е спроведено во периодот од ноември 2017 до февруари, 2018 година. За таа цел, анализирани се релевантни официјални документи, стратегии, извештаи, резимеа и статии, особено во однос на главните приоди и стратегии за решавање на конфликти.

# 2. ВОВЕД

Светот бргу се трансформира и континуирано се соочува со промени во секој аспект од човековото постоење. Секоја нова промена, без разлика дали е локална или глобална, претставува нов предизвик. За жал, некои тековни промени воопшто не се позитивни, како што се заканите кон меѓународната безбедност и стабилност кои произлегуваат од интензивирањето на меѓународниот тероризам. Секојдневно, на медиумите се емитуваат сцени од нови конфликти, терористички напади, убиства и страдања. Денешните генерации се сведоци на новата безбедносна закана за државите во форма на транснационален тероризам. Екстремистичките групи можат да стигнат до секој агол на светот за само неколку дена. Некои од нив остануваат фокусирани на локална или национална политичка динамика, но други сакаат да влијаат врз глобалните промени.

Гледајќи наназад во последнава деценија од 21-от век, интензивни и брзи промени поврзани со зголемена нестабилност и несигурност се случуваат во многу делови од светот. Почнувајќи од Арапската пролет што прерасна во смртоносни конфликти во некои арапски земји, преку милитаризираните судири во Украина, како и влошените односи меѓу Кина и Јапонија, тековните кризи во Северна Кореја, застрашувачките последици од повлекувањето на САД од Авганистан и актуелните терористички напади во Европа, целосно придонесоа кон растот на чувствата на небезбедност и несигурност кај луѓето. Иако некои автори тврдат дека *конфликтите се универзални карактеристики на* општествата[22], и денес, меѓународната безбедност се соочува со сериозни предизвици, што доведува до впечаток дека во светот веќе нема безбедно место за живеење. Според Рамсботам, Вудхаус, Миал[23], теоријата на решавање конфликти се обидува да одговори на ваквиот предизвикувачки контекст со нагласување на современиот космополитски пристап кон решавање конфликти кој се фокусира на *"... соодветни хибридни локални-глобални одговори за справување со новата реалност - хибридната мешавина на локални, регионални и глобални конфликти ... наречени транснационален конфликт"*. (стр. 313)

[22] Ramsbotham, O. Woodhouse, T. & Miall, H. (2016). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*. Polity Press.
[23] Ibidem

Природата на терористичкото насилство и нејзината поврзаност со конфликтите неодамна се редефинирани со приближување на овие два концепта. Помеѓу нив претходно се правеше разлика и се означуваа како вооружени конфликти и тероризам, но сега истите се споени во една позиција. Ова се должи на неколку фактори. Прво, постои побрза процена и усовршување на базите на податоци кои го регистрираат и следат развојот на терористичките напади во светот штом ќе се случат. Второ, се случи драматична промена по 2011 година и почетокот на т.н. Арапска пролет, која резултираше со брутални судири и граѓански војни во некои арапски земји погодени од овие револуции. Таа го отвори патот за нео-џихадистичка побуна не само во северниот дел на Африка и на Блискиот Исток, туку и во Нигерија и во суб-сахарска Африка[24]. Особено, како што е наведено во Индексот за глобален тероризам[25], тероризмот најчесто е извршен во одредени земји од страна на мал број групи, меѓу кои се Ирак, Авганистан, Нигерија, Пакистан и Сирија, учествуваат со 72% од сите смртни случаи од тероризмот во 2015 година.

Типологијата на тероризмот би можела понатаму да биде мапирана врз типологијата на конфликтот, која според Стокхолмскиот меѓународен институт за истражување на мирот,[26] се состои од четири главни типови конфликти:

- *меѓудржавни* (на пример, Заливската војна 1991),
- *револуција/идеологија* (пр. Египет),
- *идентитет/отцепување* (на пример, Курдите) и
- *економски/ресурси* (на пр. Мексико).

Главната цел на "револуционерниот/идеолошки конфликт" е да предизвика длабока промена во природата на владата во една држава. Ова може да се направи на различни начини, како, на пример, преку менување на системот (на пример, капитализам во социјализам) или промена на формата на власта (на пример, диктатура кон демократија), или промена на верската ориентација на државата (на пример, од секуларна кон религиозна).

---

[24] Ibidem

[25] Global Terrorism Index. (2016). *Measuring and Understanding the Impact of Terrorism*. Institute for Economics and Peace.

[26] Ramsbotham, O., Woodhouse, T., & Miall, H. (2016). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*. Polity Press.

Од друга страна, "конфликтот на идентитети/сецесија" го вклучува релативниот статус на заедниците во однос на државата и обично подразбира борба за автономија, за отцепување или за контрола.

И на крај, терминот "економски/ресурсен конфликт", се однесува на меѓуелитни борби за моќ, воени лидери и криминални дејствија насочени кон узурпација, заземање или задржување на државната моќ/ресурси, главно, за понатамошни економски и/или други интереси.

Оттука, Рамсботам, Вудхаус и Миал[27] сугерираат дека "националниот/ сепаратистичкиот тероризам" треба да биде во корелација со типот на конфликт со „идентитет/отцепување“, додека "социјалниот револуционерен тероризам", "десничарскиот тероризам" и "верскиот фундаменталистички тероризам" треба да се анализираат како манифестации на типот на конфликт на револуција/идеологија. Сепак, постојат два типа на тероризам - "државен тероризам" и "меѓународен тероризам" - кои не се вклопуваат во оваа типологија на конфликти. Првиот вклучува внатрешна репресија и надворешни акти на тероризам проследени со спонзорирање на тероризмот од страна на државата. Вториот тип се однесува на групите кои не се вкоренети во организации засновани врз национално ниво (како што е Ал-Каеда) и чии активисти се меѓународни како според персоналот, така и според целта. Влијанието на меѓународниот тероризам е значително зголемено со појавата на ИСИС во Сирија и Боко Харам во Нигерија.

Сето погоре споменато отвора нови прашања за тоа како да се одржи безбедноста и стабилноста на национално и на меѓународно ниво? Поконкретно, кои приоди кон решавање на конфликти треба да се искористат во справувањето со терористите и терористичкото однесување? Релевантната литература ги истакнува преговорите, медијацијата и дијалогот како најважни стратегии за разрешување на конфликтите. Сепак, дали овие приоди се доволно ефикасни во борбата против тероризмот? Некои би рекле дека стратегиите за решавање на конфликтите нема што да понудат во областа на смртоносните безбедносни закани кои доаѓаат од фанатичките идеологии. Сепак, петтата генерација професионалци кои работат во полето на разрешување на конфликти -

[27] Ramsbotham, O., Woodhouse, T., & Miall, H. (2016). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*. Polity Press

"космополитите", како што ги нарекуваат Рамсботам, Вудхаус и Миал[28] - дефинитивно имаат потенцијал за справување со тероризмот и терористичкото однесување повеќе од која било друга генерација на мировници претходно. Ова е така, бидејќи прашањето на културата што стои во центарот на космополитското решавање на конфликти е главното прашање што треба да се разгледа кога се размислува за најефикасните стратегии за решавање на меѓународните конфликти и меѓународниот тероризам.

[28] Ibidem

# 3. РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ

## 3.1 Историја и развој на современите приоди за разрешување конфликти

Конфликтите се универзални карактеристики на општествата и можат да се појават во многу домени, како што се меѓу членовите на семејството, помеѓу семејства, организации, заедници или држави. Ова ги легитимира приодите за решавање конфликти кои треба да се применат во сите овие домени. Сепак, постојат различни ставови околу параметрите за решавање на конфликти и за главните сфери што тоа ги опфаќа, па затоа постои недостаток на консензус за овие карактеристики помеѓу различните автори. Според Крисберг[29], некои автори го поврзуваат овој поим со конкретен вид активности (на пример, ангажирање во медијација на одреден начин). За други, тоа се однесува на различни начини на менаџирање и/или завршување на конфликтите, со користење на заеднички напори насочени кон взаемно прифатливи договори. Конечно, постојат и автори кои веруваат дека решавањето на конфликтите може да се примени во сите фази на конфликтот. Тие се фокусираат на конструктивните начини на справување со и трансформирање на конфликтите, кои обезбедуваат безбедни и правични односи потоа. Еволуцијата на ова поле е тесно поврзана со динамичната интеракција на практиката, академските теории и истражувањата. Практиката вклучува дејствија кои професионалците ги преземаат за да влијаат врз текот на конфликтите, со примена на методите за решавање на конфликти, додека во областа на истражувањето се вклучени анализи кои помагаат во дедуктивната теорија и претставуваат основи за изградба на индуктивна теорија.

---

[29] Kriesberg, L. (2009). The Evolution of Conflict Resolution. In: Bercovitch, J.; Kremenyuk, V.; & Zartman, W.I. (Eds.). *The Sage Handbook of Conflict Resolution*, 15-32. Thousands Oaks, CA: Sage

Како што укажува Крисберг[30], релевантната литература обично нагласува четири главни периоди во еволуцијата на современите приоди кон решавање на конфликтите:

а) Прелиминарни случувања (1914-1945);

б) Поставување на темелите (1946-1969);

в) Проширување и институционализација (1970-1989), и

г) Дифузија и диференцијација, од 1989 година.

Овој автор дополнително објаснува дека постојат неколку начини на кои современите приоди за решавањето на конфликите се разликуваат од многу традиционални методи за разрешување конфликти. Прво, решавањето на конфликтите ги нагласува процесите кои генерираат решенија фокусирани на заеднички придобивки за сите страни во конфликтот. Второ, користи знаење и податоци од академските истражувања и теории, како и од традиционалните и иновативни практики. Трето, има тенденција минимално, или воопшто да не се потпира врз насилство во водењето и решавањето на конфликтите. Конечно, настојува да ја нагласи улогата на надворешните посредници во завршувањето на конфликтите. Карактеристиките на современото решавање на конфликтите се резултат на долгата историја на ова поле и на многуте релевантни извори денес. Тоа е суштински фокусирано на запирање на насилството и дава големо значење на градењето на услови за мир, вклучувајќи помирување по насилството, подобрување на правдата, воспоставување системи за менаџирање на конфликтите и така натаму.

Од последната деценија на 20-от век, во литературата се истакнуваат неколку концептуални рамки во врска со различните начини на употреба на стратегиите за решавање на конфликти. Во оваа смисла, на пример, Лунд (1996, според Beriker, 2009)[31] ја опишува рамката за превентивна дипломатија како сеопфатна типологија која воведува политики и инструменти за спречување на насилни конфликти. Овде, авторот посебно

[30] Ibidem

[31] Beriker, N. (2009). Conflict Resolution. The missing linkg between liberal international relaitons theory and realistic practice. In: Sandole, J.D.D.; Byrne, S.; Staroste-Sandole, I. Senehi, J. (Eds.). *Handbook of Conflict Analysis and Resolution.* 256- 271. Routledge, NY

нагласува три широки концепциски категории во кои се елаборирани различни политички опции. Овие категории вклучуваат воени, невоени и приоди за развој и менаџирање. Потоа, исто така, се споменува и работата на Ледерах (1997, според Beriker, 2009)[32], кој нуди приоди кои се фокусираат на актерите и на градење на мирот, што би можело да се искористи за одржливо помирување во поделените општества. На сличен начин, Стерн и דракман (2000, според Beriker, 2009)[33] претставуваат рамка за стратегии и средства за решавање на конфликти во ерата по Студената војна. Нивниот пристап се фокусира на политиката на моќ, трансформацијата на конфликти, структурната превенција и нормативните промени како ефективни стратегии за решавање конфликти.

Рамсботам, Вудхаус и Миал[34] прават преглед на решавање на конфликтите како прогресивно поле кое се менува преку пет фази на меѓугенерациски развој и пракса. Овие фази се именувани и опишани со користење на главните идеи на нивните претставници и може да се сумираат на следниов начин: 1) генерација на предвесници (1918-1945); 2) генерација основачи (1945-1965); 3) генерација на консолидатори (1965-1985); 4) генерација на реконструктори (1985-2005); и 5) генерација космополити (2005 - денес). Овие генерации може да се сфатат како временски-интелектуални категории. Така, првите два главно се однесуваат на пристап во решавањето на конфликтите каде државата е во центарот. Третата генерација користи пристап кој е помалку центриран на државата и повеќе ориентиран кон граѓанското општество. Од друга страна, претставниците на четвртата генерација се фокусираат на изградба на комплексен и комплементарен систем кој ги поврзува нивоата на граѓанското општество со државата, но истовремено го проширува и на регионално и меѓународно ниво. Конечно, петтата генерација е ориентирана кон надминување на недостатоците од претходните генерации, преку развивање глобална компетентност осетлива на контекстот, со цел да ги реши конфликтите и да го одржи мирот на ненасилни начини, постигнувајќи долгорочни позитивни ефекти за сите луѓе и генерации.

32 Ibidem

33 Ibidem

34 Ramsbotham, O., Woodhouse, T., & Miall, H. (2016). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*. Polity Press

## 3.2 Решавање конфликти: концепти, поими и модели

Решавањето на конфликти, како што посочуваат многу автори,[35] е *повеќестепен процес*, што значи дека анализите и решението мора да ги инкорпорираат сите нивоа на конфликти (т.е. меѓучовечки, меѓугрупи, национални, меѓународни, регионални и глобални) и динамичната интеракција помеѓу нив. Исто така е *мултидисциплинарно*, бидејќи мора да го поврзе знаењето од различни релевантни дисциплини. Решавањето конфликти е *мултикултурно* и треба да се води сметка за контекстот (локацијата) во кој се случува конфликтот и разновидноста на културата на страните во конфликтот, со цел да се примени најефективната стратегија и решение. Потоа, *тоа е и аналитичко и нормативно.* Вклучува систематска анализа и толкување на податоците, во комбинација со нормативната цел да се научи како да се трансформира актуелната (насилна) ситуација во ненасилна, предизвикувајќи социјални, политички и многу други форми на промени. Конечно, разрешувањето на конфликти *е теоретско и практично*, бидејќи постојано се фокусира на взаемната интеракција помеѓу теоретското разбирање и практичното искуство на неефективните и на најефективните начини за решавање на конфликти.

Решавањето на конфликтите може да биде *вистинско* и *привидно*. Првото подразбира потполно отстранување на причините кои придонеле до нивно јавување, што може да се постигне преку соработка и дијалог кои ќе бидат насочени кон тоа секоја од страните во конфликтот да добие, а не да изгуби. Второто повеќе се однесува на половично решавање, каде секоја од страните мора да се откаже од дел од сопствените барања, за да се дојде до некакво решение кое речиси без исклучок е компромисно. Тоа води до конечен исход каде секоја од страните делумно и губи и добива.[36] Како што претходно беше споменато, конфликтите се присутни во животот на луѓето и како такви тие често се дел од меѓучовечките и меѓугрупните односи. Сепак, конфликтите не се секогаш исклучиво негативни. Тие се неутрални по својата природа и можат да бидат или позитивни или негативни, во зависност од нивниот исход. Понекогаш тие се многу

[35] Ibidem
[36] Гоцевски, Т. Ортаковски, В. Георгиева, Л. (1999). *Разрешување и трансформација на конфликтите*. Куманово: Македонска ризница

деструктивни, но во други моменти можат да ја стимулираат креативноста или да бидат мотиватор на позитивни промени во односите и личностите, т.е. да бидат предизвик за личен/заеднички раст и развој. Според Галтунг (според Мурџева-Шкариќ, 2007)[37], суштината на конфликтот може да се дефинира преку т.н. "конфликтен триаголник". Неговите основни состојки се:

а) *Конфликтни ставови*;

б) *Конфликтно однесување*, и

в) *Конфликтна ситуација, односно контрадикција.*

Причината за конфликтот може да започне од секој агол на триаголникот, но обично започнува поради контрадикцијата. Конфликтните ставови можат да бидат когнитивни и емоционални, позитивни и негативни и претставуваат психолошка состојба што произлегува од некомпатибилноста или контрадикцијата. Конфликтното однесување, може да биде физичко и вербално, повеќе или помалку насилно и деструктивно, од една страна, но исто така и конструктивно и помирувачко, од друга страна. Тоа е акција преземена од спротивната (ите) страна (и) во конфликтната ситуација. Намерата за такво однесување е спротивната страна да се откаже од своите цели или да ги промени. Конечно, конфликтната ситуација, односно контрадикцијата се јавува помеѓу две или повеќе страни кои се залагаат за различни и конфликтни цели.

Според овој модел, конфликтот мора да се реши со примена на холистички пристап. Ова значи дека сите три аспекти треба да се третираат во исто време, со цел да се трансформира конфликтот. Во спротивно, кога не се зема предвид целиот триаголник, можат да се појават три вида грешки: а) грешка во ставот - се случува ако акцентот се поставува само на потребата за повеќе љубов, а контрадикцијата е занемарена; б) грешка во однесувањето - се јавува кога се смета дека за решавање на конфликтот е доволно да се намалат агресијата и насилството; и в) грешка во контрадикцијата - што значи дека несоодветната врска со контрадикцијата придонесува за несоодветно решавање на конфликтот. Галтунг (според Мурџева-Шкариќ, 2007)[38], укажува дека со цел да се

[37] Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна трансформација на конфликти.* Скопје: Филозофски факултет
[38] Ibidem

трансформира конфликтот, ставот на омраза, недоверба, неодлучност, и слично, треба да се трансформира во емпатија. Понатаму, насилното однесување треба да се трансформира во ненасилно, додека контрадикцијата треба да се трансформира во креативност.

Галтунг (според Мурџева-Шкариќ, 2007)[39], исто така, прави разлика меѓу три различни форми на насилство: структурно, културно и директно. Структурното насилство обично се објаснува како вертикално (кое вклучува политичко угнетување, економска експлоатација, културно отуѓување и воени притисоци) и хоризонтално, но исто така, вклучува и колективно насилство, социјална и економска депривација итн. Тоа е скриено, невидливо и може да се намали или надмине преку поправеден социјален и економски систем. Патологијата на длабоките структури, според Галтунг, може да се објасни со четирите механизми кои го сочинуваат ПСФМ-синдромот:

а) Пенетрација - степен до кој доминантните структури успеваат психолошки да проникнат за да ги потчинат подредените и да ги натераат да прифатат дека социјалната структура треба да биде таква каква што е;

б) Сегментација - степен до кој информациите се контролирани од страна на елитата;

в) Фрагментација - степен до кој подредените се чувствуваат изолирани, одделени едни од други и без комуникација; и

г) Маргинализација - степен до кој дел од населението се чува исклучено од социјалната интеракција, во незнаење што се случува во светот.

Овој синдром може да се реши така што пенетрацијата ќе премине во автономија; сегментација - во интеграција; фрагментација - во солидарност; и маргинализација - во ангажирање.

Културното насилство се состои од два особено штетни синдроми. Првиот е емоционална патологија претставена со ИСТ синдромот (избраност-слава-траума). Вториот е когнитивна патологија, претставена со ДМА синдром (дихотомија-манихеизам-армагедон). Синдромот ИСТ содржи сериозни трауми, повеќе повреди и порази на

[39] Ibidem

непријатели. Се случува во култури каде постои поделба меѓу генерации, раси, класи, нации и пол. Да се биде *избран* значи дека постојат оние кои се сметаат себеси за повредни од другите. *Слава*, значи дека избраните имаат прекрасно минато или голема мисија што треба да ја остварат. Конечно, *траумата* се залага за слава и избори направени во тешките битки за да се постигне таа мисија. Од друга страна, синдромот ДМА се однесува на когнитивните претстави. Следејќи ја таа логика, *дихотомијата* е обид да се подели светот на два дела, најчесто спротивставени. *Манихеизмот* е разбирање дека едната страна е добра, а другата е лоша, додека *армагедон* е непомирлива борба, победа или на еден или на друг. Затоа, пристапот за транформација кој го промовира Галтунг тврди дека правното и одржливо решение се постигнува само ако се работи на подигнување на свеста за длабоките борби и култури на страните во конфликтот[40].

Комбинирајќи ги претходно објаснетите два триаголници (оној за структурата на конфликтот и оној за видовите на насилство), може да се заклучи дека структурното насилство (на пример, деца кои умираат од сиромаштија) може да се реши со отстранување на структурните противречности и неправди. Истовремено, културното насилство завршува со менување на ставовите од омраза кон емпатија и љубов, додека директното насилство (на пример убиство на цивили) - со запирање и менување на конфликтното однесување. Овие одговори за решавање на конфликтот понатаму се однесуваат на поишроки стратегии за одржување на мирот, градењето на мирот и миротворењето. Оттука, решавањето на конфликтите мора да вклучи низа динамични промени кои ќе донесат де-ескалација на конфликтното однесување, значителна промена во ставовите, како и трансформација на односите или судирот на интереси кои се сместени во јадрото на структурата на конфликтот[41].

Од претходно наведеното, може да се согледа дека трансформацијата се случува во три аспекти: структурата, личноста и меѓучовечките односи. Трансформацијата на структури вклучува промени во целата структура на односите меѓу страните. Со цел да се направат структурни промени неопходно е да се трансформира конфликтот во друга реалност, односно истиот да се трансцендира. Во оваа смисла, градење култура на мирот,

[40] Ibidem
[41] Ramsbotham, O., Woodhouse, T., & Miall, H. (2016). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*. Polity Press

е модел за трансформирање на општествените структури. Трансформацијата на личноста вклучува промени на индивидуално ниво, поврзани со зголемувањето на способноста да се анализира ситуацијата, како и да се донесуваат одлуки кои ја земаат предвид и личната перспектива и перспективата на другите. Конечно, трансформацијата на меѓучовечките односи цели кон мирна соработка што треба да се постигне со здружување на силите и преку планирани, намерни и правични размени. Наместо притисок од типот доминација-подреденост, процесот треба да се фокусира на почит, взаемно збогатување, сочувство, љубов и слично. Ова ќе доведе до помирување и простување. Во суштина, ефективната трансформација на конфликтот претпоставува дека постојат промени во однесувањето, чувствата и сознавањето[42].

Со цел да се направат вистински трансформативни промени, Мичел (според Мурџева-Шкариќ, 2007)[43] верува дека треба да се појават неколку клучни промени во квалитетот на меѓусебните односи. Овие промени вклучуваат промена од неурамнотежени кон избалансирани размени или барем помеѓу страните кои се согласуваат дека достигнале приближно иста вредност во размената. Треба да постои промена од зависни кон меѓузависни размени, каде сите страни се задоволни, а во блиска иднина се очекува истата размена. Потоа, исто така, постои промена од дисонантни кон усогласени размени на проценки, каде страните ги делат истите ставови за корисноста и прифаќањето на размената. Друга важна промена е онаа од нелегитимни до легитимни процени на размена, така што страните подеднакво ја прифаќаат правичноста, па дури и сакаат да продолжат со размената. Затоа, трансформацијата воведува систематски промени кои се вклучени во процесот што води кон поголема еднаквост и еднаквост во општествениот систем како целина.

Според Викс[44], наодите од конфликтното партнерство вклучуваат некои важни сугестии кои треба да се земат предвид при решавањето на конфликти. Конфликтот е комплексен феномен или производ на човечката интеракција, а не само изолиран настан, или појава во одреден момент. Тој е резултат на разновидност. Интерперсоналните односи

---

[42] Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна трансформација на конфликти.* Скопје: Филозофски факултет
[43] Ibidem
[44] Викс, Д. (1998). *Осум есенцијални чекори кон разрешување конфликти* [The Eight Essential Steps To Conflict Resolution]. Скопје: Филозофски факултет

обично вклучуваат повеќе компоненти (потреби, цели, чувства, итн.). Конфликтот не е само борба помеѓу апсолутните вредности, туку често има субјективни претпочитања и желби. Затоа, за да биде ефикасно, во решавањето на конфликтот сите инволвирани страни треба да се однесуваат како партнери. Следејќи ја оваа главна идеја, Викс предлага осум основни чекори за решавање на конфликти, како што се: а) создавање на ефективна атмосфера; б) појаснување на перцепциите; в) фокусирање на индивидуални и заеднички потреби; г) градење на взаемна позитивна моќ; д) гледање во иднината, а потоа учење од минатото; ѓ) генерирање на можности; е) развивање на скала на дејствување; и ж) доаѓање до заеднички договор кој овозможува заеднички придобивки.

Кристофер Мичел (според Мурџева-Шкариќ, 2007)[45], наведува дека ефективната трансформација на конфликти е истовремено и процес и исход. Ги трансформира структурите, актерите и односите и вклучува различни аспекти и стратегии. Меѓу нив е најзначајно учеството на учесници од сите нивоа на општеството. Потоа, се прават обиди да се зајакне послабата страна, како и напори да се обезбеди контрола врз трансформативниот процес. Од посебна важност е насоката не само кон непосредниот проблем, туку и кон долготрајната траума. Прекинувањето на омразата преку избран медијатор кој има познавање на стратегиите за решавање на конфликти и ја разбира културната и социјалната структура на спротивставените страни, е уште еден клучен аспект на овој процес. Исто така, постои потреба за заедничко креирање на нов став за конфликтот и способност да се изградат и применат процедури кои ќе ги одржат потребните промени за решавање на тековниот конфликт. Конечно, заедничка, интерактивна обука на спротивставените страни за природата на социоекономските и политичките системи кои произлегуваат од конфликтите и динамиката на конфликтот, исто така, треба да бидат дел од овој процес.

[45] Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна трансформација на конфликти.* Скопје: Филозофски факултет

### 3.3. Приоди за разрешување на конфликтите

Решавањето конфликти има големо значење и важност денес, бидејќи многу земји се соочуваат со бројни социјални, економски, политички, етнички и други видови конфликти. Затоа, само преку механизмот за решавање на конфликти, конфликтите, споровите и нееднаквостите можат да се решат или минимизираат, со што се воспоставува траен мир. Важно е да се напомене дека решавањето на конфликтот е механизам во процесите на градење на мирот и миротворењето. Тоа е дисциплина на мировните студии, која нагласува дека сите конфликти треба да се решат со мирни и ненасилни методи како што се дипломатијата, дијалогот, преговорите, медијацијата, соработката и мерките за градење доверба и слично. Праксата покажува дека насилството предизвикува уште поголемо насилство. Оттука, за да се заштити човештвото од војни, страните во конфликт треба да бидат подготвени да усвојат механизми за решавање на конфликти кога се соочуваат со конфликтни ситуации[46].

Следејќи ја дефиницијата според која решавањето на конфликти вклучува "формулирање, примена и тестирање на структури и практики за спречување, менаџирање, завршување и трансформирање на насилен и деструктивен конфликт"[47], може да се заклучи дека процесот на решавање на конфликти вклучува три фази: *превенција на конфликти*, чија цел е да се избегне насилството; *миротворење*, кое има за цел да го спречи насилството без да ги заостри основните причини за насилството; и *градење на мирот*, чија цел е "да создаде средина која ќе обезбеди сигурност, правда и благосостојба за сите и онаа во која решавањето на конфликтот може да биде самоодрживо"[48]. Сепак, овие фази речиси секогаш се преклопуваат и треба да се концептуализираат како практики кои треба да се воспостават истовремено. На пример, превенцијата на конфликти често мора да продолжи, откако мирот почнал да ја избегнува ескалацијата на насилството, додека градењето на мирот треба да започне дури и пред

---

[46] Wani, H. A. (2011). Understanding Conflict Resolution. *International Journal of Humanities and Social Science*, 1 (2), 104-111

[47] Toros, H. (2016). *Terrorism, Counterterrorism, and Conflict Resolution: Building Bridges*. Center for Excellence Defence against Terrorism. NATO.

[48] Ibidem

решавањето на насилството, за да се обезбеди дека договорите се изградени на цврста основа.

Целта на *превенцијата на конфликти* (*conflict prevention*) е да се спречи насилен конфликт, па често се смета дека се случува кога "насилството сè уште не е доминантен израз на проблемот"[49]. Поточно, целта е "да се намали потенцијалот за насилство, да се направи неразумна опција и да се создадат услови кои поттикнуваат мирно решавање на политичките разлики" (Bercovitch and Jackson, 2009, стр. 89; според Торос, 2016, стр. 7)[50]. Авторите често го делат превенирањето на конфликти на два дела. Прво е *директна превенција на конфликти*, исто така наречена *превентивна дипломатија* која е ориентирана кон актерите со цел да се избегне нивното свртување кон насилство. Второ е *превенција на структурни конфликти,* која е ориентирана кон проблемите, насочена кон решавање на основните структури или "основните причини" на конфликтот[51]. Во големи конфликти, како што се меѓудржавни или вонредни војни, превенцијата на конфликти главно може да се спроведе пред да се прошири насилството, бидејќи ако се пропушти можноста за директно спречување на конфликтот, можноста за ангажирање е доведена во прашање и во голема мера е намалена од самото насилство.

*Миротворењето (peacemaking)* се однесува на ангажирање во преговори и дијалози или директно со вооружените групи или со помош на медијатори. Од друга страна, *градењето на мирот* (*peacebuilding*) е процес што првично е сфатен како природна прогресија кон миротворење што обезбедува долготрајна стабилност и просперитет. Тоа е многу широка агенда која се движи од изборни реформи, до разоружување, демобилизација и реинтеграција, амнестии и помирување. Со оглед на случаите на меѓународно терористичко насилство, Ледерах тврди дека градењето на мирот бара трансформација на "политичкиот и општествениот живот" кој го одгледувал ваквиот тероризам преку дијалог кој вклучува "цели региони, народи и погледи на светот" (Lederach, 2001; во Торос, 2016, стр. 14)[52]. Асиметричната природа на конфликтите обележани со терористичко насилство може да го отежни мирот и помирувањето. Оттука,

[49] Ibidem
[50] Ibidem
[51] Ibidem
[52] Ibidem

градењето на мирот бара вклучување во процесот на широки општествени делови, вклучувајќи ги и деловите на општеството кои се релативно интактни од насилството во конфликтот. Во такви случаи, тешко е да им се помогне на овие делови од населението да сфатат дека страните стигнале во взаемно застрашувачки ќор-сокак и се подготвени за мировен договор. Ова е особено проблематично кога пошироката популација е сведок на стратегија која ја отфрла можноста за мир со недржавните вооружени актери[53].

Насилниот конфликт е еден од најголемите предизвици за развојот. Според Кендал Хоуп[54], сите конфликти на одреден начин потекнуваат од (перцепцијата на) криза и можат да напредуваат негативно или позитивно. Циклусите на насилство се невидливи на почетокот, но тие потекнуваат од лице(а) во таканаречениот внатрешен циклус на насилство, што, исто така, може да е последица од интернализирање на надворешен конфликт. Ако поединец или група перципираат криза, тие дејствуваат како да е тоа реалност за нив. Изборот дали ќе се дејствува согласно оваа перцепција, обично е поврзан со поминување на времето. Од друга страна, надворешниот циклус на насилство најчесто започнува со чин на штета што останува непристрасна. Станува дел од дисфункционално циклично повторување на реакции кои се продлабочуваат во внатрешни конфликти меѓу поединци и/или групи, кои потоа почнуваат да дејствуваат според овие нови перцепции. Насилството се однесува на вербални, физички или вооружени дејствија кои имаат за цел да им наштетат на другите. Тоа започнува како мисла и чувство. Оттука, насилството е сложен концепт, бидејќи е поврзан со институции, културни својства и однесување кои го спречуваат или ограничуваат развојот на човечките потенцијали и настојувањата да го контролираат своето тело, однесување и социјална средина.

Решавањето на конфликти применува различни приоди кон конфликтите, со цел да се соочи со циклусот на насилство на најефикасен начин. Така, кога не постои примена на мерки за решавање на конфликти во криза, се чини дека негативниот раст води кон ескалација на кризата. Кризата најчесто ќе се промени во конфликт доколку се напредува кон примена на соодветни интервенции. Доколку стратегиите за интервенирање се

[53] Ibidem
[54] Kendall Hope, M. (2014b). *Transcending the Cycles of Violence*. Pax Pugna Publ. North Carolina

ефективни, тоа понатаму ќе доведе до примена на мерки за спречување на конфликти кои во исто време ќе продолжат да го намалуваат конфликтот. Оваа фаза се реализира кога постои раст во меѓучовечките интеракции и понатаму продолжува со тоа што се иницираат мерки за трансформација на конфликтот. Конечно, постои и последна фаза на позитивен пораст наречена вистина и помирување, насочена кон промовирање на исцелување и разбирање меѓу сите страни. Сепак, Кендал-Хоуп[55] нагласува дека постојат пет важни фактори кои го одредуваат поставувањето на конфликтот во циклусот на насилство.

- ✓ Прво, важни фактори се мерките што се преземени за решавање на конфликтот;
- ✓ Втор фактор е колкав е интензитетот на кризата или заканата од насилство;
- ✓ Третиот фактор е времетраењето, односно историјата на кризата/конфликтот и нејзините последици врз оние кои директно биле вклучени во неа;
- ✓ Четвртиот е фреквенцијата на манифестирање на насилство;
- ✓ Конечно, вклучувањето на надворешни нации/организации, култури, субкултури или групи, е петтиот фактор кој е, исто така, многу важен.

Приодите за решавање на конфликти може да се претстават на различни начини и преку различни модели. Еден од нив е опишан претходно од страна на Кендал-Хоуп преку циклусот на насилство и РИНГ моделот за решавање на конфликти. Рамсботам и Вудхаус[56] го нудат т.н. модел на *песочен часовник* за приоди за решавање на конфликти, во кој ги комбинираат идеите на Галтунг за конфликтите и насилството, со фазите на ескалација/де-ескалација на конфликтите. Овој модел претставува стеснување на политичкиот простор што ја карактеризира ескалацијата на конфликтот и проширување на политичкиот простор што ја карактеризира де-ескалацијата на конфликтот. Во зависност од тоа дали просторот се стеснува или проширува, примената на различни приоди за решавање на конфликти станува повеќе или помалку соодветна или можна. Така, *трансформацијата на конфликтот* се смета дека ги опфаќа најдлабоките нивоа на културно и структурно градење на мирот. Од друга страна, *смирувањето на конфликтот* соодветствува на "елитно миротворење", односно преговорите и посредувањето се

[55] Ibidem
[56] Ramsbotham, O., Woodhouse, T., & Miall, H. (2016). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*. Polity Press

насочени кон взаемно прифатлив договор. Реорганизацијата на конфликтот најмногу вклучува превентивно одржување на мирот, ограничување на војната и мировни операции по прекин на огнот. Меѓутоа, важно е да се забележи дека Рамсботам и Вудхаус прават јасна разлика меѓу елитното миротворење, кое ја формира суштината на решавањето на конфликтот и подлабоките нивоа на мирот (како што е помирување и образование), кои се повеќе видливи во културното градење на мирот.

Релевантната литература илустрира пет приоди за решавање на конфликти врз основа на тоа дали фокусот е ставен на Себеси или на Другиот. Оттука, првиот приод е наречен *пресудување*, во кој постои голема загриженост за Себеси, и ниска за Другиот. Вториот, наречен *попуштање* му дава поголемо значење на Другиот, отколку на Себеси. Третиот е *избегнување* или *повлекување*, каде загриженоста е ниска и за Себеси и за Другиот. Четвртиот, наречен *компромис*, е балансиран помеѓу Себеси и другите и е подготвен да се спогоди. Последниот - *решавање на проблемот* - подразбира силно земање предвид и на сопствените интереси и на интересите на другиот. Можните исходи на овие приоди за решавање на конфликти се победи-изгуби, изгуби-изгуби и победи-победи.[57] Исто така, постои уште еден можен резултат – *трансцендирање* - што е резултат на трансформацијата. Најтешко се постигнува, но дава највредни долгорочни резултати во смисла на трајно решавање на конфликтот.

Сепак, новите модели на голем вооружен конфликт кои стануваат познати во 1990-тите години, наметнуваат посуптилен модел на појава на конфликти и нивна трансформација. Според овие нови модели, конфликтните форми произлегуваат од општествените промени, што доведува до процес на насилна или ненасилна трансформација на конфликти. Тоа понатаму резултира со општествени промени каде маргинализираните групи или поединци ги артикулираат нивните потреби, интереси, постојни норми и структури на моќ. Така, прогресијата се движи од мирни општествени промени, од појавување на конфликти, кон насилни конфликти, а потоа до трансформација на конфликти и повторно воспоставени мирни општествени промени. Сепак, секвенцата може да биде различна. Таа може да започне од појавување на конфликтот, кон обид да се избегне насилен конфликт и да се продолжи со

[57] Ibidem

трансформација на конфликтот, а потоа да се врати на општествените промени. Конечно, исто така, може да се движи од појавување на конфликти до насилен конфликт и назад кон создавање на нови конфликти.

Постојат и други модели и приоди кои нагласуваат различен и широк опсег на интервенција на трети страни. Меѓу нив е, на пример, Францисовиот модел кој го надградува оригиналниот асиметричен модел на конфликт на Курлс, со вградување на класични стратегии за решавање конфликти во рамките на поширокие стратегии за трансформирање на ваквите конфликти. Потоа, исто така, постои моделот на Енкарнасион и соработниците, кој го истакнува начинот на кој надворешните страни можат да станат клучни, бидејќи се зголемува нивното ниво на вклученост, со цел да се потенцира важноста на вклучените страни во конфликтот, кои често играат клучна улога во обидите за решавање. Конечно, уште еден мошне признаен модел е оној на Ури, кој ги поврзува улогите на т.н "трети страни" во решавањето на конфликтите во фазите на ескалација/де-ескалација на фазите на конфликтот.[58]

## 3.4. Стратегии и методи за решавање на конфликти

Целта на решавањето на конфликтите е да се трансформира актуелната или потенцијално насилната ситуација во мирен процес. Тоа е посеопфатен термин од менаџирањето на конфликти и се однесува на длабоко вкоренети извори на конфликти. Решавањето конфликти подразбира дека се промениле однесувањето, ставовите и структурата на конфликтот. При менаџирањето на конфликтниот процес и одредувањето на неговиот исход, постојат различни приоди кои може да се споредат во однос на моќта на донесување одлуки, институционалните улоги, моделите на комуникација итн. Сепак, тука фокусот ќе биде ставен на најчесто користените стратегии и методи, меѓу кои се: *преговарањето, медијацијата, арбитражата, олеснувањето, дијалогот* и *помирувањето*.

*Преговарањето* е процес на комбинирање на дивергентни/конфликтни позиции преку комуникација, кон постигнување заедничка одлука. Тоа се заснова врз

[58] Ibidem

подготвеноста на сите страни да ги решат меѓусебните конфликти. Преговарањето е главен дел од сите меѓународни односи и надворешни работи и обично доаѓа како последна фаза во решавањето на конфликтите[59]. Тоа може да биде *попустливо* (насочено кон избегнување на лични конфликти и доаѓање до пријателско решение) или *круто* (ситуацијата се набљудува како натпревар на волјите во која подобро поминува поиздржливиот)[60]. Преговорите се процес кој е фокусиран на постигнување меѓусебен договор и обично е првата стратегија што луѓето можат да ја користат за време на конфликтот со цел да го решат. Овој процес е составен дел на секоја човечка активност. Овој термин, исто така, значи дека сите интеракции, стратегии и обиди за соочување со конфликтот треба да се земат предвид и да ја модифицираат позицијата на страните во конфликт.

Оттука, преговорите имаат улога во три периоди:

1) На почетокот, кога конфликтот е само прашање или проблем, за да се спречи негово влошување;

2) За време на конфликтот, да обезбеди решенија и резолуции; и

3) Во криза, ако првите две не успеале, да се стави крај на ескалацијата и насилството[61].

Во зависност од природата и изворите на конфликтот, преговорите можат да се спроведуваат на различни начини. Обично се изведуваат во три фази, почнувајќи од прелиминарни преговори, потоа се оди кон аргументација, конфронтација или директни преговори и се завршува со спроведување на договорот[62]. Главните прашања може да се идентификуваат директно од страна на спротивставените страни кои се подготвени да се ангажираат во процесот на намалување на тензиите и престанок на непријателствата. Активностите за пребарување на условите за порамнување може да вклучат влечење на можни решенија, испитување на сите можни последици и комуникација на параметри.

---

[59] Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје: Магор

[60] Фишер, Р.; Ури, В. и Патон, Б. (1998). *Како да постигнете договор. Преговарање без отстапување* [Getting to Yes. Negotiation Agreement without Giving In]. Балкански центар за мир, Скопје: Филозофски факултет

[61] Zartman, W. (2008). *Negotiation and Conflict Management. Essays on Theory and Practice*. Routledge. NY.

[62] Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје: Магор.

Оттука, донесувањето на одлуки е поддржано со договори за фактички прашања, разумни општи цели и јасна дефиниција на дискутираните прашања. Во преговорите, страните можат да постигнат договор преку компромис. Доколку не се можни преговори меѓу двете страни, трети страни можат да бидат вклучени во промовирањето на комуникацијата и да даваат предлози за решенија во донесувањето на одлуки[63]. Мотивацијата за вклучување во преговорите би можела да биде многу различна. Таа може да произлезе од когнитивно-рационалната проценка дека сопствените интереси не можат да се реализираат со понатамошно одржување на конфликтот. Стравот од ескалација на конфликти, промената на инволвираните страни, политичките односи, како и промената на ставовите, може да бидат причини за започнување на преговорите. Процесот на учење, промоцијата на меѓусебните односи, или само тактичкото добивање во време и интервенција од меѓународната заедница, се, исто така, важни причини за преговарање[64].

Во принцип, преговорите се спроведуваат во фази, со премин од дефинирање на агенди за разјаснување на позициите за договарање. Во етничките конфликти, фасилитаторите може да им помогнат на страните во истражувањето на опциите кои можат да ја задоволат нивната потреба за идентитет и други основни потреби. Решавањето на конфликти се бара со договор врз основа на споделено разбирање и заедничко прилагодување. Ритуализацијата на резултатите може да се следи со формална афирмација, јавен оглас или официјално признавање. Потоа, резултатите од преговорите треба да бидат потврдени и спроведени од сите страни вклучени во овој процес. Еден сет на преговори е проследен со уште една серија дискусии за формалните услови на договорот. Страните во конфликт можат да ги надминат разликите со употреба на компромис, но тие ќе мора да се потпрат врз добра волја, а не врз закани и насилство. Кога страните имаат доволно доверба и силно се посветени на спогодбата, интервенцијата на трети страни можеби и не е потребна. Сепак, вклученоста на трета страна е неизбежна кога постои висок степен на континуирана неизвесност, недоверба и нерамнотежа на

[63] Jeong, H.W. (2010). *Conflict Management and Resolution. An Introduction*. Routledge, NY.
[64] Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје: Магор

моќта, како и недостаток на ефикасни, директни комуникациски канали, што е честа појава во сложените конфликти[65].

*Медијацијата* е уште една стратегија за решавање на конфликтот на ненасилен начин. Императив за спроведување медијација е да биде доброволна и доверлива. Авторите најчесто го дефинираат овој поим како процес во кој спротивставените страни доброволно се согласуваат да работат на развивање на опции, разгледување алтернативи и постигнување консензус што ќе доведе до заедничко прифатливо решение, користејќи помош од неутрална трета страна[66]. Медијацијата е форма на интервенција на трети лица во конфликтот. Таа се разликува од другите форми на интервенција на трети лица, бидејќи не се заснова врз директна употреба на сила и не е насочена кон помагање на еден од учесниците да победи. Нејзината цел е да го доведе конфликтот до решение кое е прифатливо за сите инволвирани страни. Од страните не се очекува да ги прифатат идеите на медијаторот, па во тој поглед се разликува од процесот на арбитража. Оттука, вредноста на медијаторот во решавањето на конфликтот е тоа што третата страна им помага на страните да најдат решение кое не можат сами да го откријат. За да ги оствари своите цели, медијацијата мора да биде прифатлива за страните во конфликтот, кои, за возврат, треба да соработуваат[67].

Постојат неколку видови на медијација: *евалуација, олеснување и трансформација*. Првата има прагматична цел да понуди можност за постигнување на взаемно прифатливо решение, додека не ги менува околните односи и нивните меѓусебни биланси на моќ. Затоа, таа е најблиску до дистрибутивните преговори и припаѓа во категоријата на комерцијални посредувања. Втората, олеснувачка медијација, се обидува да го најде решението со користење на креативноста на процедурално ниво и следење на принципите на правдата. Третата, трансформативна медијација, е насочена кон постигнување на решение кое ќе предизвика значителни промени на односите помеѓу актерите и околината[68]. Трансформативната медијација се фокусира на подобрените односи што им помагаат на страните во конфликт да го развијат сопствениот капацитет за решавање на

---

[65] Jeong, H.W. (2010). *Conflict Management and Resolution. An Introduction*. Routledge, NY

[66] Wani, H. A. (2011). Understanding Conflict Resolution. *International Journal of Humanities and Social Science*, 1, 2, 104-111

[67] Zartman, W. (2008). *Negotiation and Conflict Management. Essays on Theory and Practice*. Routledge. NY.

[68] Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје: Магор

голем број спорови што се појавуваат. Разјаснувањето на основните прашања и интереси е од суштинско значење за преформулирање и приоретизирање на прашањата, како и расчистување на претпоставките. Таа користи неутрални трети лица за да се постигне договор кој се однесува на подлабоките емоционални аспекти на збир на проблеми и се обидува да го поттикне процесот на исцелување од минатите согледувани неправди[69]. Овој тип медијација има долгорочни ефекти, бидејќи ги менува ставовите, моралните судови на актерите, како и нивната подготвеност да се помират. Како што беше опишано претходно, медијаторите треба да бидат неутрални, дискретни, непристрасни и професионални. Тие можат да користат разни стратегии, како што се комуникациски, процедурални и директивни. Во првиот тип, медијаторот во основа разменува информации и применува мека процедурална контрола. Затоа, ова е пасивна улога на медијаторот. При спроведување на процедурална стратегија, медијаторот користи строга контрола на целиот процес, додека во третиот тип медијаторот нуди вистинско посредување[70].

Во последните десет години, некои автори[71] забележуваат драматичен пораст во медијацијата и во појавата на многу различни медијатори. Ваквата состојба, иако во извесен степен предизвикана од дифузијата на самиот поим, е делумно резултат и на препознавањето дека различните конфликти и фази на конфликтот, имаат потреба од различни типови на медијатори и медијација. Со оглед на тоа што постојат официјални и независни, приватни медијатори, сите медијатори треба да бидат свесни за придобивките од меѓусебната соработка, надополнување и соодветна комуникација. Така, на пример, официјалните медијатори имаат тенденција да доминираат во миротворење во меѓудржавните конфликти и кризи, каде што нивната моќ, влијание, односи и интереси ги прават релативно корисни, атрактивни или едноставно неизбежни. Независните медијатори, пак, имаат тенденција да се фокусираат на внатрешните конфликти, каде нивниот ангажман носи мало симболично значење и можат да бидат поканети со малку трошоци за страните во конфликт. Воедно, независните медијатори имаат тенденција да се

[69] Kendall Hope, M. (2014b). *Transcending the Cycles of Violence*. Pax Pugna Publ. North Carolina
[70] Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје: Магор
[71] Griffiths, M. & Whitfield, T. (2010). *Mediation Ten Years On. Challenges and Opportunities for Peacemaking*. Henry Dunant Centre for Humanitarian Dialogue

вклучат во раната фаза на мировните процеси и имаат поголем пристап до конфликтите со понизок стратешки приоритет.

Медијацијата е посоодветна од арбитражата кога емоциите предизвикуваат погрешни перцепции и стереотипи, кои се вградени во лоша комуникација или дури и погрешно комуницирање. Добро е познато дека луѓето не ги гледаат проблемите на ист начин и не ги прават истите претпоставки. Оттука, посредуваната комуникација е ефикасна алатка за расчистување на недоразбирањата. Довербата и соработката произлегуваат од минимизирање на ефектите од стереотипите преку комуникациски процес во медијацијата. Намалувањето на когнитивните блокади придонесува за создавање амбиент за меѓусебна соработка. Емпатијата и сочувството се, исто така, неопходни во овој процес, бидејќи тие можат да ги олеснат негативните одговори. Активните медијатори имаат тенденција да интерпретираат информации, да даваат конкретни предлози, да лиферуваат мислења, да даваат препораки, да ги оценуваат преференциите и барањата на страните и да предлагаат решенија и модификации. Меѓу сите аспекти на медијацијата, најважно е страните да донесат конечни одлуки за ова прашање, заедно со заложбата за спроведување на истите тие одлуки. Тие, во принцип, не се принудени да го прифатат или да го отфрлат исходот од договорот и можат да се повлечат во која било фаза од процесот, доколку сметаат дека медијацијата е неправедна кон нив. Покрај тоа, страните имаат голем степен на слобода да ги отфрлат несаканите резултати[72].

Неуспехот на медијацијата може да доведе до арбитража или судско одлучување[73]. *Арбитражата* е уште еден метод за решавање на конфликти. Со други зборови, таа се однесува на решавање на спорот со доделување на трибунал кој ги ефектуира постојните закони и кој ги обврзува страните. Арбитрите треба да бидат експерти за предметот на расправа, како и да имаат способност да донесат непристрасна пресуда. Тие обезбедуваат можност спротивставените страни да бидат сослушани и да ги разгледаат сите презентирани тврдења со придружни факти и докази пред да дадат конечно мислење. Експертската арбитража ги испитува сложените фактички прашања кои се од суштинско

[72] Jeong, H.W. (2010). *Conflict Management and Resolution. An Introduction*. Routledge, NY
[73] Fahed-Sreih, J. (2018). Conflict Management. *Conflict in Family Businesses*, 23-51, DOI 10.1007/978-3-319-62852-3_2

значење за спорот во смисла на објективни критериуми. Моделите за комуникација се карактеризираат со постапки во кои двете страни даваат аргументи, одговараат на другата страна и одговараат на прашањата на арбитрите при сослушувањето. Непристрасното пресудување е најважната референтна точка на арбитражата. Главните карактеристики на арбитрите треба да бидат праведноста, непристрасноста, еднаквоста, совесноста итн. Арбитражата постои како квази-судски процес во рамките на правниот систем. Во арбитражата, страните во спорот може флексибилно да се согласат да ги организираат и модифицираат формите и распоредот. Со оглед на нивната вклученост во дизајнирањето на процедурите за донесување одлуки, противниците поседуваат поголема контрола над процесот во арбитражата отколку судскиот систем[74].

*Олеснувањето* служи како метод за приспособување на интеракцијата во средина која е погодна за флексибилно донесување одлуки. Олеснетата дискусија треба да обезбеди поддршка за процесот за постигнување на договор. Обично се дефинира како процес во кој е вклучена трета страна, а политичка и стручна помош се користи за постигнување на взаемно прифатливо решение. Помалку е амбициозно и прави помал притисок врз дипломатските активности, отколку медијацијата[75]. Разумните компромиси може да се направат преку негување на добра волја и взаемна доверба. Третата страна помага во комуникацијата меѓу инволвираните страни, создавајќи позитивни ставови и доверба во целиот процес. На страните им е дозволено да ги искажат своите грижи и чувства директно или индиректно на состаноците што ги олеснуваат медијаторите. Во олеснувањето, третата страна може да биде набљудувач и на тој начин да има минимално учество во доаѓањето до соодветно решение. Слично како и медијаторите, олеснувачите го одржуваат редот, сугерираат постапка, поставуваат распоред, управуваат со состаноците и утврдуваат точки по кои е постигната согласност. Општо земено, групните олеснувачи се помалку вклучени во дискусијата за суштинските прашања од медијаторите. Тие можат да бидат ангажирани како обучувачи доколку на групите им се потребни посебни вештини за управување со состаноци, наместо да бидат составен дел од целиот процес. Меѓутоа, вообичаено треба да се применат различни чекори за да се

[74] Ibidem

[75] Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје: Магор

минимизира тензијата пред да се спроведат разговори со прифаќање на општествени методи на влијание[76].

*Дијалогот* е основа на преговарачкиот процес. Општо земено, тој е дизајниран да го подобри меѓусебното разбирање и да предизвика промени во конфликтното однесување. Неговата оригинална дефиниција произлегува од два грчки зборови што значи нешто што се води низ зборови и разум (во буквален превод „преку зборот"). Тоа е дипломатска алатка меѓу државите и значи да се стави крај на насилството во една заедница. Како таков, тој е применлив во сите три типа на дипломатија: а) *Тип 1* – ги вклучува официјалните дипломати и претставници на државата, политички лидери и официјални (формални) медијатори, насочен е директно кон страните во конфликтот и кон исходот преку постигнување краткорочни резултати, а може да применува мерки на принуда (на пример, закани, санкции и воени интервенции) и „меки" мерки како што се мисија за изнаоѓање на факти, преговарање, асистирање, економска помош и слично; б) *Тип 2* – вклучува поранешни медијатори, приватни преговарачи (кои не се делегирани со мандат од државата), академски институции, религиски организации итн., насочен е кон процесот преку постигнување индиректни резултати на среден рок, не користејќи мерки на принуда, туку преговарање преку културна размена меѓу неофицијални претставници; и в) *Тип 3* – вклучува невладини и локални организации, насочен е кон процесот и кон постигнување долгорочни резултати во градењето на мирот, користејќи активности во кои е активно вклучено граѓанството. И покрај тоа што ваквата диференцијација најчесто е корисна за стекнување увид во различните типови дипоматија, сепак треба да се има предвид дека истата е чисто теоретска, бидејќи во пракса дипломатијата, преговарањето и дијалогот се мошне комплексни процеси кои вклучуваат многу страни, актери, мерки и стратегии.[77]

Дијалогот е дизајниран да ги подобри односите меѓу страните во конфликт преку зголемување на контактите меѓу нив. Сите страни вклучени во овој процес треба да бидат подготвени да ги надминат разликите во мислењата и да се приспособат на различните потреби. Тоа е процес на заедничко барање задоволителен исход или барем прифатлив за

[76] Jeong, H.W. (2010). *Conflict Management and Resolution. An Introduction*. Routledge, NY
[77] Rieker, P. & Thune, H. (2017). *Dialogue and Conflict Resolution. Potential and Limits*. Routledge, NY

сите учесници. Како што напредува дијалогот, спротивставените страни можат да ги дефинираат и редефинираат условите на односите[78]. Дијалогот се заснова врз синергијата на актерите. Тој води кон откривање на нови, подобри, ненасилни начини за решавање на конфликти. Воедно, доведува и до трансформација на ставовите и односите преку нивно проширување и збогатување. Дијалогот остава простор за истражување и испитување на различни можности и решенија. Отвора процес на меѓусебна комуникација и разбирање. Додека се вклучени во дијалог, сите страни подобро се запознаваат, што е предуслов за успешно преговарање и медијација. Дијалогот е колаборативен, практикува активно слушање, користи аргументација и цели кон преиспитување на сопствената појдовна точка во светлина на аргументите презентирани од спротивната страна. Емпатијата, што овозможува разбирање за тоа како другите се чувствуваат/размислуваат и зошто се чувствуваат/размислуваат на тој начин, е клучен дел од секој вистински дијалог. Во поттикнувањето на емпатијата, групните средби при комуникација лице-в-лице промовираат градење на доверба[79].

Разликата меѓу дијалогот (и другите процеси на олеснување) и преговорите, е дека не вклучува процеси на договарање, ниту пак промовира компромис. За разлика од преговорите, олеснувањето не се заснова врз проценка на идеите според фиксни критериуми. Олеснетиот процес е повеќе ориентиран кон развивање на меѓусебното разбирање, пред формалните преговори наменети за задоволување на интересите на сите. Тука, имањето доволно време и посветеност, се од суштинско значење за градење на односи и одржлива соработка. Во дијалозите при олеснувањето, моментите на транзиција можат да бидат креирани од секоја инволвирана страна која ги споделува грижите на спротивната страна преку емпатско слушање. Трансформациските процеси се неопходни за промовирање на големите промени во конфликтните односи, без оглед дали се одвиваат приватно или јавно. Како дел од градење на мировни мисии, долгорочната цел на дијалогот е промоција на мирот преку поттикнување на соработка меѓу луѓето. Може да се преземат заеднички акции за да се подобрат ситуациите или да се соопштат сличните интереси. Процесот на дијалог може да оди рака под рака со градење на институциите, вмрежување и практични проекти кои генерираат градење доверба. Дијалогот претставува

[78] Ibidem
[79] Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје: Магор

критична практика на создавање смисла и градење на заедница. Целта на овој процес е да се развие рамка за да се дојде до взаемно разбирање и заедничка контрола на олеснувачкиот процес и исходот. Разјаснувањето на различни гледишта може да биде придружено со признавање на суштински прашања. Серија дијалози, обично во долготрајни конфликти, се дизајнирани да ги откријат основните потреби и стравови, но и вредности на засегнатите страни. Размислувајќи за искуството од конфликтот, учесниците бараат меѓусебно познавање на историјата на конфликтот. На тој начин, разбирањето на суштинските прашања резултира со идентификација на заедничките интереси и потреби[80].

Откако ќе се реши конфликтот, сите страни треба да се помират со цел да ги минимизираат или уште подобро - да ги избришат - сите негативни и деструктивни емоции кои можат да предизвикаат идни непријателства. За надминување на насилството и градење мирни односи, постои потреба за реконструкција на нарушените односи и доверба, како и за ресетирање на очекувањата од себе и од другите. Сепак, овој процес не е ниту лесен, ниту брз. Активностите за помирување треба да се постават во контекст на надминување на маргинализацијата, отуѓувањето и други психолошки и социјални ефекти од насилниот конфликт. Тоа е подолг процес на решавање антагонизам и премин од конкуренција кон соработка. Според некои автори, тоа е дел од процесот наречен миротворење, кој, исто така, вклучува и трансформација на конфликти[81].

Генерално, првичниот процес на градење на мирот е изграден врз траекторијата на насилниот конфликт во минатото. Со цел да се оствари коегзистенција, најважен елемент е промената во ставовите и однесувањето на сите страни во конфликтот. Почитувањето на човештвото и почитувањето на идентитетот на другите се императиви за утврдување на идниот ненасилен контекст и/или општество. За тоа е потребно време и социјален простор за надминување на гневот и фрустрацијата поради загубата, но и за справување со стравовите и тагата. Рехуманизацијата на непријателот може да започне од посветеноста кон помирување и прифаќање на изборот да се прости[82]. Процесот на *помирување* (*реконсилијација*) речиси ниту еден од истражувачите не го поврзува со тероризмот, па дури и се поставува прашање за смислата на нивното поврзување, односно за тоа дали

---

[80] Jeong, H.W. (2010). *Conflict Management and Resolution. An Introduction*. Routledge, NY
[81] Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје: Магор
[82] Jeong, H.W. (2010). *Conflict Management and Resolution. An Introduction*. Routledge, NY

помирувањето може да биде соодветен одговор во справувањето со конфликтите предизвикани од тероризмот или во случај на вакви конфликти, треба да биде изоставен од севкупната стратегија. Сепак, парадигмата на помирувањето треба да биде неизоставен краен елемент на одговорот на конфликтите предизвикани од тероризам. Гледано прагматично, помирувањето по (меѓу)државните конфликти е единствениот можен начин за нивно трајно решавање. Од нормативен аспект, тоа може да се сфати како интринзично значајна цел. Сепак, примената на помирување после тероризам се соочува со низа предизвици, најпрво бидејќи, навидум, се чини дека најефективен начин за справување со терористичките групи е милитарниот (што ни најмалку не го искоренува проблемот со тероризмот, туку, напротив, го усложнува, со оглед на тоа што ги наведува разбиените терористички групи, кои, патем, честопати се дел од поголема мрежа на лобисти и спонзори, да се регрупираат, реструктурираат, реорганизираат и да се „вратат на сцена" уште помоќни и поопасни, како што е, на пример, случајот со Талибанците). Исто така, циклусите на насилство како последица од нападите со цел да се сузбие тероризмот и одговорите од страна на терористите на тие напади, значително го отежнуваат процесот на помирување, неретко враќајќи го на сам почеток.[83]

Процесот на *помирување* вообичаено вклучува три елементи: емоционални, когнитивни и бихејвиорални. Во целост им помага на поединците и групите да изнајдат начини за ефикасно да ги излекуваат болките од минатото и да ја прифатат спротивната страна како подеднакво вредна. Ова е многу важно, бидејќи без простување, нема иднина. Процесот често започнува со преодна или постконфликтна правда, која во основа е вовед во помирувањето. Се завршува со извесна реконструкција на траумите и прогласување на разбирање и компензација за жртвите[84]. Заедничкото планирање е неопходно за разгледување на историјата и можните решенија. Договорите за конструктивен ангажман можат да се засноваат врз едукација за искуствата на другите заедници во однос на ефектите од конфликтот. Тоа што е најважно, е дека признавањето на штетата и

[83] Torstensen, R. L. (2014). *Creative Tools in Reconciliation after Terrorism*. Unpublished Master thesis. Norwegian School of Theology, Oslo, Norway

[84] Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје: Магор

сочувствувањето со страдањето треба да доведе до истражување на вистината и надоместување на неправдите[85].

Главниот предизвик во многу постконфликтни услови е да ги негуваат ставовите, вредностите и капацитетите за почит и соработка, ако не веднаш, тогаш со текот на времето. Градење на нова врска треба да оди рака под рака со континуираните напори за решавање на нерешените прашања, заедно со разгледување на околностите одговорни за виктимизацијата[86]. Притоа, значаен елемент на помирувањето се образовните програми кои помагаат "да се реконструираат" историјата, колективната меморија на групите и да им обезбедат знаење и мотивација да продолжат да живеат заедно[87]. Психолошките аспекти на помирувањето се особено релевантни за елиминација на остатоците од чувствата на виктимизација. Помирувањето и лекувањето остануваат важен дел од процесот на решавање на конфликтот, бидејќи наследството од минатото насилство служи како латентен извор на идните конфронтации. Оттука, тоа е процес кој укажува на централните потреби и стравови на општествата. Групното залечување и други активности можат да се фокусираат врз индивидуалната и социјалната благосостојба во надминување на патолошките, психолошките и социјалните услови кои најверојатно ќе го задржат конфликтот. Помирувањето и залечувањето треба да бидат поддржани од социјални и институционални промени, како што се демократизација, развој и реформа на безбедноста[88].

[85] Jeong, H.W. (2010). *Conflict Management and Resolution. An Introduction*. Routledge, NY
[86] Ibidem
[87] Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје: Магор
[88] Jeong, H.W. (2010). *Conflict Management and Resolution. An Introduction*. Routledge, NY

## 3.5. Социо-психолошки димензии на меѓународните конфликти

Постојат неколку тврдења за природата на меѓународните конфликти кои потекнуваат од социо-психолошката перспектива. Едно од нив, е дека меѓународните конфликти се процеси кои се движат од колективните потреби и стравови. Другите тврдења нагласуваат дека овие конфликти се меѓусебни, повеќеслојни и интерактивни процеси на взаемно влијание, со ескалирачка, само-поттикнувачка динамика[89]. Оттука, заедничка карактеристика на меѓународните конфликти, е дека тие се процеси кои влијаат врз меѓународните односи. Кога се разговара за првото тврдење во врска со потребите и стравовите, треба да се истакне дека не се задоволени основните човекови потреби (какви што се оние за физичка безбедност, храна и засолниште, здравје, идентитет, автономија, чувство на правда и многу други), кои се највлијателните каузални фактори во секој вид на конфликт (меѓународен, меѓуетнички, меѓурасен итн.). Ова е посебно нагласено во теоријата на основните човекови потреби (Staub, 2003). Во ситуација на директно насилство, меѓу поединци или нации, потребите за безбедност и идентитет стануваат најважни. Кога луѓето живеат во структурно насилство, каде не се задоволени економските потреби или потребите за слобода на говорот и самоопределувањето, патот кон насилство е јасно отворен.

Стравот од неможноста да се задоволат основните потреби (особено перцепираната закана за *идентитетот* и *безбедноста*), е тесно поврзан со ерупција на меѓугрупни конфликти. Кога се присутни долготрајни конфликти меѓу идентитетските групи, тие стравови би можеле да станат егзистенцијални по својата природа, со што би се претвориле во борба за опстанок на групата. Како што покажуваат теоријата и практиката, причините за конфликтот обично ги комбинираат и објективните и субјективните фактори кои се меѓусебно поврзани. Меѓутоа, кога субјективните фактори поврзани со колективните основни потреби и егзистенцијалните стравови го преземаат водството, тие значително влијаат врз ескалацијата и продолжувањето на конфликтот. Тоа е така, бидејќи таквите потреби и стравови создаваат отпор кон промени, дури и кога сите страни во конфликтот се свесни дека е во нивен најдобар интерес да се стави крај на конфликтот.

[89] Kelman, H.C. (1997). Social-Psychological Dimensions of International Conflict. In: Zartman, W.I. & Rasmussen, L.J. (Eds.). *Peacemaking in International Conflict. Methods and Techniques*, 191-238. United States Institute of Peace Press, Washington D.C

Освен тоа, колективните потреби и стравови честопати се поврзани со индивидуалните потреби и стравови, па затоа во меѓународните конфликти лидерите нив можат релативно лесно да ги манипулираат, предизвикувајќи високо ниво на гнев и насилство[90]. Затоа, како што нагласува Кристи (според Мурџева-Шкариќ, 2007)[91], решавање на конфликтите може да се постигне само со задоволување на основните човекови потреби (или барем на оние за идентитет, безбедност, благосостојба и самоопределување), намалување на стравот и постигнување на социјална правда.

Меѓународниот конфликт, како меѓусекторски феномен, го опфаќа целото општество, и кога насилството е експлицитно и кога е прикриено. Затоа, при анализирање на конфликтите, треба да се води сметка не само за нивните стратешки, воено-дипломатски димензии, туку и за економските, психолошките, културолошките и социјално-структурните димензии. Сите тие комуницираат едни со други и ги дефинираат интрасоцијалните и меѓусебните процеси кои го водат конфликтот. Со оглед на тоа што секоја страна во конфликтот ги штити сопствените позиции и интереси, конфликтот се појавува кога тие интереси се судираат. Затоа, страните се залагаат за взаемно влијание насочено кон унапредување на нивните интереси и блокирање на оние на спротивната страна. Сепак, конфликтот е процес во кој сите страни се менуваат со текот на времето и реагираат во односот едни со други. Кога конфликтот е многу интензивен, интеракцијата станува сè повеќе тензична и насилна, со зајакнување и продлабочување на конфликтот. Ваквата интеракција е водена од одредени норми и принципи кои доведуваат до создавање на ескалирачка, самоодржлива динамика[92].

Имајќи го предвид фактот дека меѓународните конфликти се комплексни процеси, приодите кои се користат за нивно решавање или надминување треба да бидат систематски и холистички. Како што објаснува Галтунг (според Мурџева-Шкариќ, 2007)[93], конфликтот, кој може да биде симетричен или асиметричен, е триаголник кој се состои од

---

[90] Kelman, H.C. (1997). Social-Psychological Dimensions of International Conflict. In: Zartman, W.I. & Rasmussen, L.J. (Eds.). *Peacemaking in International Conflict. Methods and Techniques*, 191-238. United States Institute of Peace Press, Washington D.C.

[91] Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна трансформација на конфликти*. Скопје: Филозофски факултет

[92] Kelman, H.C. (1997). Social-Psychological Dimensions of International Conflict. In: Zartman, W.I. & Rasmussen, L.J. (Eds.). *Peacemaking in International Conflict. Methods and Techniques*, 191-238. United States Institute of Peace Press, Washington D.C.

[93] Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна трансформација на конфликти*. Скопје: Филозофски факултет

став, контрадикција и однесување. Овие три компоненти постојано се менуваат и влијаат една на друга, бидејќи конфликтот е динамичен процес. Така, решавањето на конфликтот мора да вклучува симултани интервенции во сите три компоненти. Ова вклучува де-ескалација на конфликтното однесување, промена на ставовите и трансформација на односите, личностите и интересите на сите страни во конфликтот.

## 3.6. Модели на современите конфликти

Според Грифитс и Витфилд[94] постојат пет различни трендови или модели во современите конфликти. *Првиот* укажува дека, таму каде што мирот се распространува, како што е највидливо во многу африкански конфликти, но и во други контексти (на пример, во Авганистан), населбите се кревки и ранливи. Раното воспоставување на мирот во овие ситуации зависи во голема мера од ефикасноста на спроведувањето на договорите за поделба на власта во контекст на градење на државата, како и од нивната стабилност. Притоа, праксата покажува дека во оние ситуации каде мировниот договор опстојува најмалку една година, има поголеми изгледи да опстои и во наредниот период.

*Вториот* модел е дека, и покрај постојаното намалување на конфликтите (сметајќи од врвот на раните 1990-ти), неколку региони сеуште се издвојуваат како конфликтни, особено Централна/Јужна Азија, Блискиот Исток и Централна Африка. Овде, постои зголемена регионализација на конфликти во областите каде што границите се особено порозни и слаби и каде е присутно неконтролирано движење на луѓе, оружје, стоки, ресурси и идеологии[95].

*Третиот* модел покажува дека конфликтите поврзани со ресурсите и економските двигатели може да добијат на важност, поттикната од глобалните и од локалните фактори, вклучувајќи ја цената на нафтата, зголемувањето на трошоците за храна, климатските промени, недостатокот на вода, растот на населението и државните политики.

---

[94] Griffiths, M. & Whitfield, T. (2010). *Mediation Ten Years On. Challenges and Opportunities for Peacemaking.* Henry Dunant Centre for Humanitarian Dialogue

[95] Ibidem

*Четврто*, се зголемува присуството на политички ислам и исламистички групи во многу конфликтни зони. Сепак, во некои делови на Азија и Блискиот Исток каде се присутни радикални исламистички групи, постојат и докази дека се зголемува нивната политичка и социјална фрагментација, бидејќи некои заедници отфрлаат насилни и екстремни тактики.

Според *петтиот* модел, "војната против тероризмот" предводена од САД поттикнува да се јави тенденција многу групи и конфликти да се разгледуваат првенствено како терористичка закана, што не секогаш помага да се разбере мотивацијата и другите фактори кои ја водат динамиката на конкретниот конфликт. Овие пет обрасци разгледани заедно, сугерираат постоење на една многу комплексна слика кога станува збор за современите конфликти. Тоа, пак, создава значителен простор за интервенции по пат на медијација со вклучување на трети страни, но исто така, е и динамичен и збунувачки терен во кој самата медијација е ставена пред сериозен предзвик за докажување на својата ефективност и успешност[96].

## 3.7. Космополитско решавање на конфликти: нов начин на справување со меѓународниот тероризам

Ефектите на глобализацијата во 21-от век ги принудија општествата да ги отворат своите граници, да прифатат нови идеи, нови начини на комуникација, различни културни вредности, системи на верување и начини на живеење. Сепак, ова резултираше и со тоа локалните конфликти да се манифестираат на глобално ниво и обратно, така што нивните ефекти се чувствуваат многу подалеку од местото на кое тие првично се појавуваат. Затоа, конфликтите не се искусуваат само на интрадржавно или меѓудржавно ниво, туку и на глобално ниво, што ги прави транснационални по природа. Според Рамсботам, Вудхаус и Миал[97], транснационалниот конфликт е хибридна мешавина од локални, регионални и глобални конфликти. Ова бара нови доктрини за интервенција, но исто така и ново

[96] Ibidem
[97] Ramsbotham, O., Woodhouse, T., & Miall, H. (2016). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*. Polity Press

разбирање на мирот и безбедноста. Во таа смисла, космополитскиот приод во решавањето на конфликтите веројатно има најмногу што да понуди.

Космополитското решавање на конфликти е реактивно и проактивно. Неговата активност се гледа во унапредување на глобалната агенда заснована врз одредени вредности, како и во неговата сеопфатна стратегија за поттикнување на понатамошна трансформација. Авторите го користат овој термин за да ја истакнат потребата од пристап кој промовира конструктивни начини за решавање на конфликти на сите нивоа (од локално до глобално), сето тоа во најдобар интерес на човештвото. Во суштина, космополитската трансформација на конфликтот е посветена на спречување, намалување и прекинување на штетните аспекти на транснационалниот конфликт, со што се заштитуваат оние кои најмногу страдаат од таквиот конфликт.[98] Како што беше споменато во почетокот на овој труд, најсериозна закана за меѓународната безбедност денес е транснационалниот тероризам. Затоа, прашањето дали космополитскиот пристап за решавање на конфликти може да обезбеди нова и поефикасна стратегија за справување со тероризмот, се наметнува природно. Некои автори се сомневаат во ова, велејќи дека решавањето на конфликти нема што да понуди во областа на смртоносните безбедносни закани од фанатичките идеологии. За среќа, ова е далеку од вистината.

Во однос на справувањето со тероризмот, космополитскиот пристап за решавање на конфликти дава рамка составена од четири димензии: *превенција, убедување, негирање* и *координација*. *Превенцијата* значи да се намали застапеноста на тероризмот што е во суштината на стратегијата за борба против тероризмот. Ова дополнително значи да се разгледа она што го мотивира меѓународниот тероризам на глобално ниво, кои се регионалните системи и прашањето за државната легитимност и капацитет. *Убедувањето*, како втора димензија, обезбедува три главни елементи на својата стратегија: да ги оспори идеологиите на теророт; да ги убеди страните во конфликт да користат не-терористички средства; и да се намали апелот на тероризмот во рамките на поширокиот актуелен или потенцијален опсег на поддршка[99]. Третата димензија - *негирање* - е фокусирана на намалување на ранливоста и поразување на тврдокорните приврзаници на тероризмот.

[98] Ibidem
[99] Ibidem

*Промоцијата на меѓународна соработка и легитимитет* е последната, четврта, димензија во предложената рамка. Таа вклучува координација на регионални и локални иницијативи во најшироката коалиција на меѓународните актери. Примената на принципите на непредвидливост, комплементарност и компаративна предност, исто така, е дел од оваа димензија. Во исто време, многу е важно да се осигури дека терористичката акција е санкционирана на меѓународно ниво и дека е во согласност со меѓународното право.

Прегледот на релевантната литература открива пет генерации на приоди за решавање на конфликти. Космополитското решавање на конфликтите е наведено во најновата генерација што се појавува во 2005-та година. Тоа е фокусирано на развивање нови средства и приоди соодветни за светот кој бргу се менува и за влијанието на глобалната информатичка комуникациска технологија. Честата употреба на интернетот од многу различни страни отвора глобален простор за постигнување на негативни цели (како што е организирање на терористички напад или ширење на омраза и страв), но и за постигнување на позитивни цели (како што се интервенции насочени кон спречување конфликти, едукација на младите генерации и зголемување на свеста за важноста на дијалогот и имплементацијата на ненасилни стратегии за решавање на конфликтите). Исто така, фокусот во оваа петта генерација е на солидарноста меѓу луѓето, како и напорите да се осигура дека решавањето на конфликтот ќе биде навистина меѓународно. Подоцна имплицира дека централната цел на "трансформирање на потенцијалното насилство во ненасилни промени"[100], треба да се споделува меѓукултурно за да биде космополитска. Конечно, свеста за *хуманоста,* која лежи во суштината на космополитскиот приод за решавање на конфликти, треба да се препознае и на крајот да се почитува, бидејќи тоа е најдлабокиот идентитет на сите - поединци, етнички групи, нации, држави, религии и култури - и е основна карактеристика која го дефинира човековиот род.

[100] Ibidem

# 4. МЕЃУНАРОДЕН ТЕРОРИЗАМ

## 4.1. Поим и дефинирање на тероризмот

За поцелосно и поусогласено дефинирање на тероризмот, се наметнува и потребата за воспоставување определен меѓународен договор, со цел нациите да можат да изградуваат, развиваат и да спроведуваат кохезивни и ефикасни контратерористички начела, кои ќе поддржуваат билатерални и мултиратерални цели. Основната цел на овој план е, преку прецизно дефинирање на тероризмот, да се создадат - воспостават основи врз кои ќе се прави разлика помеѓу насилни акти и неприфатливи криминални активности. Овој приод, во голема мера, придонесува за елиминирање на двосмисленоста помеѓу политичкиот криминал и обичниот криминал.

За одредена појава да се окарактеризира како тероризам, самиот чин на терор мора да има политичка цел. Тероризмот претставува спој на политика и насилство со тенденција да се добие моќ. Насилството е основен предуслов на тероризмот и на неговите актери кои мислат дека само преку насилство во општеството можат да ги постигнат нивните долгорочни политички цели.[101]

Тоа е облик на таканаречен асиметричен конфликт, специфична форма на политичко – воена интервенција меѓу два актери.[102]

Брајан Бургон[103] смета дека тероризмот е политички мотивирано насилство против неборбени сили, додека Чарлс Тили[104] го проучува тероризмот како политичка стратегија која ја имплементираат оние кои се обидуваат да ја централизираат својата моќ или оние кои, по пат на страв, се обидуваат да ја предизвикаат државата со цел да се здобијат со моќ или предност.

[101] Hoffman, B. (2006.) *Inside Terrorism*, New York: Columbia University Press.
[102] Lizardo, O. (2008.) Defining and Theorizing Terrorism: A Global Actor-Centered Approach, *Journal of World-Systems Research*, XIV (2), 91-118. *http://jwsr.ucr.edu/archive/vol14 /index2. Html.*
[103] Burgoon, B. (2006.) On Welfare and Terror: Social Welfare Policies and Political-Economic Roots of Terrorism, *Journal of Conflict Resolution*, 50 (2), 176-203.
[104] Tilly, C. (2005.) Terror as Strategy and Relational Process, *International Journal of Comparative Sociology*, 46 (1-2), 11-32.

Тероризмот, во суштина, претставува криминална повреда на речиси секој национален или меѓународен правен кодекс. За таа цел, неопходно е да се детерминираат најзначајните основи врз кои ќе се прави разлика на силните акти и неприфатливите криминални активности. Оттука, од суштинско значење е да се расветли феноменот на тероризмот и како кривично дело:[105]

- тероризмот претставува кривично дело што е насочено против одреден државен поредок и против легитимно избраната власт на конкретната држава;
- тероризмот претставува кривично дело што во описот на своето битие ги содржи следните елементи: насилство, терор, застрашување, уцени, земање заложници, киднапирање, закани итн;
- тероризмот претставува кривично дело што е насочено кон граѓаните и кон претставниците на воено-безбедносните формации на државата;
- тероризмот претставува кривично дело што е тесно поврзано со политиката;
- тероризмот претставува кривично дело што се финансира и е тесно поврзано со блиските и сродни инкриминации, кои, во суштина, ги претставуваат и основните извори за нивно финансирање: трговија со дрога, трговија со оружје, нуклеарна, хемиска и биолошка пролиферација, трговија со луѓе, поврзаност со феномените на транснационалниот организиран криминал, а посебно со финансискиот криминал и со рекетирањето.
- мотивацијата на терористичкиот чин може да има социјална, политичка, филозофска, идеолошка, религиозна, културна и етничка основа и
- тероризмот претставува сосема идентичен облик на криминалитет со воените злосторства (честопати е тешко да се направи разлика помеѓу тероризмот и воениот криминал).

Анализата на голем број дефиниции упатуваат на заклучокот дека тероризмот претставува закана за користење или реално користење на насилство (терор) за постигнување на политички цели. Не постои тероризам без терор, но од друга страна,

[105] Котовчевски, М. (2003). *Современ тероризам*, 82-83, Скопје: Македонска цивилизација

секој терор, секој чин на насилство не мора да значи и тероризам. За одредена појава да се окарактеризира како тероризам, самиот чин на терор мора да има политичка цел.[106]

Овие несогласувања околу целосното и прецизното дефинирање на тероризмот, во голема мера, го комплицираат криминалистичкото и судското гонење и го ограничуваат правосудството во неговото благовремено и ефикасно дејствување. За да се избегнат недоследноста и двосмисленоста за објективното детерминирање на поимот тероризам, голем број аналитичари се залагаат тероризмот да се дефинира според природата на чинот, а не според идентитетот на извршителите или според природата на нивните идеали.

## 4.2. Транснационален тероризам

Денешниот тероризам е транснационален во причина, операција и ефект. Неговите суштински карактеристики ја осигуруваат неговата важност во меѓународните односи бидејќи претставува сосема нова безбедносна грижа за државите: ризикот од напад не доаѓа само од други држави (војна), туку од мобилните криминални групи што се движат меѓу државите и се шират низ целиот свет (транснационален тероризам). Државите го гледаат овој нов бран на тероризмот како загрозувачки за суштинските елементи на нивниот суверенитет - нивниот капацитет, легитимитет и автономија во рамките на одредена јурисдикција. Оваа сеопфатна закана доведе до низа на одговори од страна на засегнатите страни.

Тие вклучуваат создавање на нови кривични дела во кривичните закони на државите, проширени правни дефиниции за тероризам, доделување поголеми овластувања за притвор и апсење, како и подобрување на финансирањето на државните агенции вклучени во борбата против тероризмот. Во светлината на транснационалните елементи, државите, исто така, бараат поблиска прекугранична соработка меѓу владините агенции, особено во полицијата и разузнавачките служби, со цел да се спречи ширењето на тероризмот. Државите, исто така, реагираат на новите закани со обид за спречување или

[106] Schmid, P. A. & Jongman, J.A. (1988.) *Political Terrorism: A New Guide to Actors, Authors, Concepts, Data Bases, Theories and Literature,* Amsterdam: North-Holland Publishing Company.

нарушување на појавата на идеи кои би можеле да го поддржат терористичкото насилство преку иницијативи против радикализација. Тие понекогаш се нарекуваат "меки мерки". Во странство овие мерки вклучуваат поддршка на развојните цели на другите земји за да се олесни нивната стабилизација и добивање на умерени гласови во политиката. Во рамките на домашните јурисдикции, "меките" политики за екстремизам вклучуваат поголемо нагласување на предизвикот на екстремни идеи во училиштата и универзитетите, следење на граѓаните за знаци на радикализација и нелегално сопственииштво и дистрибуција на материјали кои го слават насилството.[107] Овие облици на интервенција ја доведуваат државата подиректно во контакт со секојдневниот живот на граѓаните, честопати без оглед на прекршените закони.

## 4.2.1. Мотивации и цели

Поединци се приклучуваат на терористички групи од различни лични и политички причини. Тие можат да се приклучат, бидејќи повеќето од нивните пријатели се вклучени, или поради чувството дека членството во организацијата носи бенефиции. На пример, групата Исламска држава (исто така позната како Даеш, ИСИС и ИСИЛ), се обидува да воспостави нова теолошки управувана држава на Блискиот Исток и им ветува на потенцијалните борци од целиот свет подобри животни услови и плати отколку што би можеле да ги постигнат во нивните матични земји. Способноста за слободно патување низ границите поради глобализацијата и економските ресурси што се достапни на Исламската држава во форма на нафта го прават тоа можно. Лицата, исто така, можат да се вклучат во терористичка организација, бидејќи тие силно се соживуваат и се идентификуваат со групата, дури и ако тие не се директно засегнати од причината. Глобалните онлајн медиуми можат да ја олеснат оваа идентификација со тоа што ќе им дадат споделување и медиумска распространетост на оваа кауза. Важно е да се забележи дека она што ги мотивира поединците да се приклучат и да останат во транснационални терористички организации не е секогаш исто со пошироките цели на тие групи.

[107] Brown, K.E. & McGlinchey, S. (Ed). (2017). *International Relations*, E-International Relations Publishing: Bristol, England.

Клучниот начин на разбирање зошто поединците се приклучуваат и остануваат дел од транснационалните терористички групи, е теоријата на радикализација. Под радикализацијата се подразбира сѐ што се случува пред бомбата да се темпира.[108] Тоа сугерира дека постојат патеки по кои поединците/групите стануваат радикални или терористички и дека тоа е динамичен и многу индивидуализиран процес. Поради својата индивидуална природа, во денешниот транснационален свет, во одредени земји, не постои единствен терористички профил.

Важно е да се напомене дека логиката на светското угнетување што го обликува Исламската држава и размислувањето на Ал Каеда не е репрезентативна за најголемиот дел од муслиманското население во светот и е широко осудена од некои исламски научници. Исто така, важно е да се напомене дека иако повеќето од покриеноста на терористичките настани се чини дека се фокусираат на настани од висок профил во западните држави, мнозинството од убиените во терористичките напади ширум светот од 2001 година, всушност, биле муслимани, кои живееле во муслиманско мнозинство. Ова се случува поради низа фактори.

Прво, полесно е да се насочат терористички акти кон помалку добро заштитени и одбранети локации во посиромашните земји со муслиманско мнозинство.

Второ, идеолошки, муслиманите кои се спротивставуваат на насилството на џихадистите се демонизирани како неверници од тие групи и затоа стануваат "непријатели" кои можат да бидат убиени.

Конечно, насилните активности се често насочени кон промена на односите меѓу владите и граѓаните во муслиманскиот свет и кон подобрување на стратешката позиција на терористичката група.[109]

---

[108] Neumann, P. (2013). "The Trouble with Radicalisation" *International Affairs* 89(4).

[109] Mustafa, D. & Brown. K. E. (2010). The Taliban, Public Space, and Terror in Pakistan. *Eurasian Geography and Economics* 51(4).

### 4.2.2. Активности

И покрај последиците од транснационалниот тероризам што првенствено се чувствува во земјите со муслиманско мнозинство, стравот и свеста за заканите се чувствуваат силно во Европа и во Северна Америка. Тероризмот е "комуникативен чин", со кој се обидува да испрати порака која оди подалеку од вистинското уништување на животот и имотот. Таа порака треба да ја слушнат три групи луѓе.

1) Првите се цивили, локални или глобални, кои се сведоци на настаните.

Транснационалните терористички групи се фокусираат на локација на напади со цел да генерираат широка порака. Важноста на локацијата е демонстрирана од нападите во Париз во 2015 година од групата Исламска држава. Ова ја сигнализираше идејата дека секој и насекаде е цел, зголемувајќи го стравот и публицитетот за активностите на групата. Оваа стратегија за таргетирање е во спротивност со онаа на групите кои може да дејствуваат преку граници - како Техрик-е-Талибан, кои работат и во Авганистан и Пакистан, или во Боко Харам, кои работат во Нигерија и соседните земји - но за кои локалната политичка сцена останува клучна.

2) Втората група се владите кои се повикани да одговорат на терористичкото насилство.[110]

Втората карактеристика на транснационалниот тероризам е дека активностите понекогаш се дизајнирани да провоцираат држави во акција, како и да генерираат страв кај населението. Нападите се често симболични во целите и често имаат висока стапка на жртви за максимална вредност на шок. Беше незамисливо, на пример, дека САД нема да одговорат на нападите од 11 септември или дека Франција нема да реагира на нападите во Париз. Тука, нападите се дизајнирани да ги предизвикаат државите да прават нешто за да докажат дека ги штитат цивилите, дури и кога таквата акција може да ги поткопа вредностите што тие ги практикуваат или да завршат да бидат толку скапи, што популарната поддршка за владата е уништена.

3) Конечно, третата група се потенцијалните поддржувачи кои се привлечени да се приклучат на терористичките акции.

---

[110] Brown, K.E. & McGlinchey, S. (Ed). (2017). *International Relations*, E-International Relations Publishing: Bristol, England.

Третата причина за терористичко насилство е да се регрутираат членовите и да се зајакне лојалноста и членството меѓу постојните поддржувачи. Екстремно насилните или високо технички напади ја демонстрираат способноста и волјата на групата која го спроведува нападот и нејзината целосна поддршка. Гледаме поддршка за Исламската држава што доаѓа од граѓаните во држави од секој регион, бидејќи нивните напади се драматични и спектакуларни, што го подигнува профилот на групата и го демонстрира нивното воено мајсторство. Мандавил[111] го нарекува овој мит за успех. Видеата и пропагандата од Исламската држава често ја потврдуваат слабоста на опозицијата.

## 4.2.3. Организација и ресурси

Управувањето со таква транснационална организација и поврзување со повеќе локации и идентитети бара значителна логистичка и организациска способност. Едно од главните тврдења за транснационалните терористички групи е дека тие не се хиерархиски во структурата, туку се ќелијски, па дури и анархични, без формален лидер. Ова доведе Марк Сагман да зборува за "џихад без водачи".[112] Ефикасноста на мрежната организација зависи од неколку фактори. Мрежата постигнува долгорочна организациска ефективност кога ќелиите делат обединувачка идеологија, заеднички цели или заемни интереси. Проблемите за мрежната организација, кои не споделуваат единствена идеологија, се јавуваат кога ќелиите извршуваат цели или преземаат активности што се контрапродуктивни за терористичката организација. Во овој случај, независноста на ќелиите води кон неуспех за развивање синергија меѓу нивните активности и го ограничува нивниот придонес кон заеднички цели.

Терористичките ќелии на мрежите не контактираат со други ќелии, освен за координација од суштинско значење за одредена операција или функција. Избегнувањето на непотребната координација или командното одобрување за спроведување акција обезбедува способност на терористичките лидери за одрекување одговорност за

[111] Mandaville, P. (2007). *Global Political Islam.* Abingdon, UK: Routledge.
[112] Sageman, M. (2008). *The Leaderless Jihad: Terror Networks in the Twenty-first Century.* Philadelphia: University of Pennsylvania Press.

определени акти на терор, како и за подобрување на оперативната безбедност.[113] Како резултат на тоа, комуникацијата со транснационалните терористички групи може да биде тешка. Преговарачите не можат да бидат сигурни дека луѓето со кои разговараат се валидни претставници на групата или имаат доволно моќ да влијаат врз другите членови на групата. Кога се работи за преговори со терористи, постои некомпатибилност меѓу она што владите го пропагираат и она што всушност го спроведуваат. Но, ригидноста на позицијата „без преговори“спречува какво било систематско истражување на начините на кои најдобро може да се спроведат такви преговори.

Како може демократска влада да преговара со терористи без да го загрози интегритетот на својот политички систем?

Кои терористи се предмет на преговори?

Кога треба преговорите да се отворат?

Клучната цел на секоја влада која планира преговори со терористите не е само крај на насилството, туку и начин на кој ќе го минимизира ризикот да воведе опасни преседани и да го дестабилизира својот политички систем. Имајќи ја предвид оваа двојна цел, потребно е да се остварат многубројни предуслови за да успеат преговорите. Да се претпостави дека преговорите се соодветни во сите случаи, би претставувало не повеќе валидна теорија од онаа која претпоставува дека тие никогаш не се.[114]

Сцакдолгозат (2007; според Танески, 2011)[115] нагласува дека првото и најочигледно прашање за која било влада која размислува за преговори, е дали терористите со кои се соочува можат да бидат добри преговарачки партнери. Утврдената идеологија и целите на терористите треба да бидат одлучувачки фактор во определувањето на тоа дали тие би биле расположени да одат на компромис. Тоа ќе се потврди доколку се направи дистинкција меѓу нихилистичките терористи кои имаат „апсолутни“ или дури „апокалиптични“ цели (честопати инспирирани од религијата) и за кои насилството прераснало во извитоперена форма на сопствена реализација и потрадиционални

[113] Милошевска, Т. (2018). *Глобален тероризам*, Скопје: Филозофски факултет

[114] Танески, Н. (2011). Методи на сузбивање на модерниот тероризам. *Безбедносни дијалози*, 4(2), 161-174. Скопје: Филозофски факултет.

[115] Ibidem

терористи за кои се смета дека се „инструментални" или „политички" во своите аспирации и оттука го поседуваат потенцијалот да прераснат во конструктивни соговорници.

Тука може да се земе предвид примерот на ИРА и ЕТА, кои се чини дека се порационални отколку, на пример, Ал Каеда. Причина е тоа што нивните цели - национализмот и сепаратизмот – имаат долга историја во западната политичка мисла. Терористите од левистичките крила на фракцијата на Црвената Армија во Западна Германија од 1970-те и 1980-те, или италијанските Црвени Бригади, се сметаат за политички, бидејќи Марксизмот беше концепт, кој им беше познат на нивните цели. Целта на Ал Каеда насочена кон повторно создавање на Исламска империја не е поапсолутистичка од наметнувањето на националност на популација или претворањето на Западна Германија во република на марксистички работници. Но, разликата се состои во тоа што идеологијата на Ал Каеда не стана дел од идеологиите на XXI век.

Втората разлика е во брзината на посегнувањето по насилство. Многу терористички групи не започнале да делуваат како насилни, тие прибегнале кон насилство кога нивните политички амбиции биле исфрустрирани или кога почнале да го гледаат насилството како инструмент за остварување на нивната цел. За овие движења полезноста на насилството некогаш се намалува и ги наведува да заклучат дека нивните цели би можеле полесно да се остварат преку ненасилна агитација. Никој од редовите на ИРА никогаш не ги напуштил апсолутистичките амбиции на организацијата за обединета Ирска, но во определен момент кон крајот на 1980-те лидерите на групата сфатиле дека нивната воена кампања повеќе не ја придвижуваа таа цел и почнале да бараат алтерантивни начини.[116]

Можеби некои религиозно инспирирани групи – особено онаа како што е јапонската организација Аум Шинрикјо – се помалку рационални во споредба со ИРА. Но, повеќеслојните идентитети на многу други, честопати погрешно се сведуваат на нивната религиозна компонента. Иако и Хамас и Хезболах пропагираат радикални политички идеологии, голем дел од својата моќ тие црпат од нивното тврдење дека претставуваат посебна етничка група. Тие не само што имаат поддржувачи во реалниот свет кои мораат

[116] Weinberg, L. (2008). *Democratic Responses to Terrorism,* p. 93. New York

да ги задоволат, туку демонстрираат и дека можат да ја моделираат нивната примена на сила против Израел, според повеќе или помалку рационални политички проценки.

Друг фактор во однос на прашањето дали треба да се преговара со терористичка група треба да биде нејзиниот степен на внатрешна кохезија. Иако терористите се склони кон тоа да се прикажуваат како прецизно структурирана организација, условите под кои тие делуваат – особено тајноста, го сведуваат на степен на невозможно обидот да одржат совршен команден ланец. Дури и во релативно хиерархиски организации како ЕТА, власта е често пати децентрализирана и раководството делува на степен малку повисок од координативно тело. Во терористичките мрежи како Ал Каеда, раководството тешко дека игра каква било оперативна улога со што едвај обезбедува идеолошка инспирација и морални санкции за своите придружни мрежи. Како резултат на тоа, властите мора да размислуваат не само околу тоа дали терористичкото лидерство ќе ги прифати условите за спогодба, туку и дали тоа може да воспостави контрола.

Постојат ризици и слабости за терористичките организации поврзани со овој пристап, особено во врска со информации и оперативна сигурност, прашања поврзани со координацијата и еластичност. Исто така, постојат предности во однос на долговечноста: недостатокот на централно раководство им дава поголем обем и опфат на операции и ги отежнува спротивставувањето или уништувањето.

Презентирањето на генерализирана операциона структура може да претставува проблем, бидејќи терористичките групи се наоѓаат на различни нивоа на развој во поглед на способностите. Промената во терористичкото водство, без оглед дали се случило како резултат на генерациска транзиција или е одговор на засилени безбедносни операции, може да претставува сигнал за значајни приспособувања на организациските приоритети и расположливи начини за реализирање на терористички акти. Групите кои се поврзани преку етничка или националистичка агенда и кои ги ограничуваат нивните операции на една земја или на одреден регион имаат потреба од помали капацитети. Поголемите групи може да настанат како резултат на спојување на повеќе помали или, пак, малите групи може да се одвојат од големите терористички организации. Организацискиот метод е

ситуација што зависи од специфичните околности на операционото опкружување во текот на одреден период.[117]

Во минатото, тероризмот бил препознатлив преку организации коишто ги идентификува командна и контролна структура, која била подложна на револуционерната теорија или идеологија. Радикалните левичарски организации, како што се Јапонската црвена армија, Црвената армиска фракција, Црвените бригади во Италија, како и етно-националистичките терористички движења како Палестинската ослободителна армија, Ирската републиканска армија и Баскиската ЕТА, ја применуваат оваа структура којашто им овозможува контрола над димензиите на насилство[118]. Овие терористички организации имаат јасни дефинирани политички, општествени или економски цели и соодветни елементи како политичко крило (чија улога е притисок за започнување политички преговори) или општествени групи за активна поддршка за регрутирање нови членови, публицитет, промовирање на целите и пропаганда. Потребата за координирачки акции меѓу различните подредени ќелии фаворизира силна хиерархиска командна структура, која може да спречи несакани индивидуални престапи.[119]

Тероризмот и терористите се транснационални на три начини: нивните цели, нивните постапки и нивната организациска форма. Сепак, потребна е претпазливост пред да се претпостави дека ова е новата, и единствена, форма на тероризам. Не секој тероризам е транснационален. Терористичките групи како Ирската републиканска армија (ИРА) и Еускади Та Аскатасуна (ЕТА) сé уште работат на национално ниво, насочени само кон една држава. Државите, исто така, се покажуваат способни да нанесат форми на тероризам. Понатаму, иако примерите на транснационалниот тероризам од 2001 година покажуваат дека може да се појави како претежно религиозно инспириран, не може да се заклучи дека исламот конкретно е значаен фактор. Наместо тоа, токму во овој пример Исламот обезбедува рамка за некои маргинални групи да изградат убедлив контра-наратив за светот во кој доминираат западните политички, социјални и економски модели. Поради

[117] Милошевска, Т. (2018). *Глобален тероризам*, Скопје: Филозофски факултет
[118] ИРА се воздржа од користење насилство десетина дена по нападите во подземното метро во Лондон на 7 јули 2005 година. Желбата да се разликуваат од сторителите на масовни недискриминирачки насилни акти беше најверојатно еден од факторите што влијаеја врз одлуката на ИРА.
[119] Милошевска, Т. (2018). *Глобален тероризам*, Скопје: Филозофски факултет

тоа, можеби не е изненадување што исламскиот тероризам стана постојано прашање за загриженост во меѓународните односи. Важна забелешка за заклучокот е дека борбата против тероризмот не е обврска исклучиво на државата: исто така, имаат улога и граѓанското општество и секојдневните постапки на обичните луѓе. Тие може да вклучуваат примери на популарна култура, меѓуверски дијалог и моменти на солидарност кои го разбиваат спротивниот и бинарен поглед на светот кој доминира во транснационалната терористичка идеологија. Сепак, терористичките групи се производи на своето време и, исто како и луѓето, живеат во глобализиран свет, обликувани се од глобализацијата и придонесуваат кон тоа преку нивните акции.

Тероризмот во иднина ќе вклучува сè повисоко ниво на насилство и негова основна карактеристика во иднина ќе бидат непредвидливоста и сложеноста. Растечката сè поинтензивна и побрутална ескалација на тероризмот треба и мора да се разгледува не само како придружна појава што оди заедно со сите позитивни и негативни страни на процесот на глобализацијата, туку и како опасност што најсериозно се заканува да се вкорени како најоптимален насилнички модус за ефикасно остварување на поставените цели.

## 4.3. Психологија на тероризмот и терористичко однесување

Тероризмот, како што веќе беше наведено претходно, е меѓу најопасните закани за националната, регионалната и меѓународната безбедност и стабилност денес. Затоа, меѓу другите фактори, особено е важно да се идентификуваат, опишат и евалуираат психолошките фактори кои придонесуваат за разбирање на однесувањето на терористите и на самиот тероризам. Психолошките теории и истражувања, посебно би можеле да обезбедат објаснување, на пример, за тоа како и зошто луѓето влегуваат, остануваат во, и ги напуштаат терористичките организации, или до кој степен личноста на поединецот е релевантна за разбирање или спречување на тероризмот? Понатаму, може да им помогне на другите професионалци да го разберат влијанието на психопатологијата или животните искуства на поединецот во разбирањето или спречувањето на тероризмот. Исто така е многу важно да се знае улогата на идеологијата во терористичкото однесување. Други релевантни прашања каде психологијата може да понуди можни одговори се, на пример, што ги разликува екстремистите кои дејствуваат насилно од оние кои не дејствуваат на

таков начин, или кои се слабите точки на терористичките групи и како се формираат, како функционираат и како не успеваат терористичките организации[120].

Достапните истражувања укажуваат на повеќе фактори кои се силно поврзани и дури влијаат едни врз други во предизвикување на насилството. Така, постои консензус меѓу авторите дека насилството е предизвикано од комплексна интеракција на биолошки, социјални/контекстуални, когнитивни и емоционални фактори кои се случуваат со текот на времето. Затоа, некои причини се поистакнати од други кај одредени поединци и за одредени видови насилство и агресија. Исто така, вистина е дека повеќето насилства се *намерни*, т.е. се избираат како стратегија на дејствување. Воедно, има и *целесообразност* со намера да се постигне некој исход кој е вреден за актерот. Оттука, тоа не е производ на вродените, инстинктивни пориви, ниту е неизбежна последица на предодредените психолошки и општествени сили.[121]

Насилството е поврзано со агресивното однесување. Односот меѓу овие два феномени е двонасочен, што значи дека насилството може да предизвика агресивно однесување и агресивното однесување лежи во основата на насилството. Од оваа гледна точка, важно е да се направи разлика помеѓу агресивното однесување и насилството. *Агресивност* е предиспозиција за избор на агресивно и конкурентно однесување, наспроти алтернативни форми на однесување. Предиспозицијата кон однесување е конгенитална тенденција да се прифати еден вид однесување од страна на поединецот, наспроти друг вид на однесување. Таквата предиспозиција може да се отстрани под влијание на ефективни епигенетски информации и да не поттикне на конкретно поведение. Од друга страна, *поведение* е функционален производ на нервниот систем и е најзначајната карактеристика на поединецот. *Агресијата* како концепт, е однесување со кое се нанесува штета на телото и/или на душата на друго лице, со цел лични егоистични придобивки и/или придобивки за групата. Сепак, тоа е само функционален потенцијал што не се јавува доколку одредени културни информации не дозволат негов финален развој и определување. Конечно, *насилството*, како што веќе е објаснето, е поврзано со

[120] Borum, R. (2004). *Psychology of terrorism.* Tampa: University of South Florida.
[121] Ibidem

институциите, културните карактеристики и однесувања кои го спречуваат или ограничуваат развојот на човечките потенцијали па затоа е посложен концепт[122].

Стауб[123] тврди дека постои добро и зло во секој поединец, а примери на овие однесувања може да се најдат насекаде. Најзагрижувачки проблем на злото се човековите постапки што им штетат на другите. Поединците, групите и општествата можат да развијат карактеристики кои придонесуваат за појава и повторна ангажираност во насилни и лоши акции. Нациите често дејствуваат на себични и деструктивни начини. Истото важи и за поединци и за групи. Примери на тешки бесмислени дела на големо индивидуално насилство (на пример, самоубиствен терористички напад), но и на војни и геноцид, се резултат на одредени основни психолошки и општествени процеси и нивна еволуција во екстремни форми. Оние што им штетат на другите имаат тенденција да ги девалвираат своите жртви, што им олеснува повторно да им наштетат. Контекстот е, исто така, многу моќен активирач на деструктивно или на добронамерно однесување. Така, растењето и развивањето во група, општество или култура што го толерира или дури и го поттикнува агресивното однесување, ќе резултираат со тоа што поединецот/групата ќе му дава/ат предност на овој тип однесување во однос на другите алтернативни однесувања, секојпат кога ќе сака/ат да постигне/ат лична, егоистичка потреба, интерес или цел. Од друга страна, дури и во најекстремните околности, личносниот склоп и индивидуалниот вредносен систем влијаат врз реакциите на луѓето. Оттука, некои луѓе ќе помогнат без исклучок кога некој има потреба, додека други ќе изберат улога на пасивни минувачи или на сторители на насилство.

По оваа дискусија, јасно е дека познавањето на психологијата на поединците кои се вклучени во тероризмот е многу важно, бидејќи може да понуди корисни објаснувања како и зошто да се користат одредени приоди за решавање конфликти во справувањето со терористите и зошто да не се користат други кои би биле помалку ефикасни. Една веројатна причина за ова е природата на самиот тероризам, бидејќи претставува мозаик од различни видови однесувања[124]. Релевантната литература покажува дека постои

[122] Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна трансформација на конфликти*. Скопје: Филозофски факултет
[123] Staub, E. (2003). *The Psychology of Good and Evil. Why Children, Adults and Groups Help and Harm Others*. Cambridge University Press.
[124] Kendall Hope, M. (2014). *Transcending the Cycles of Violence*. Pax Pugna Publ. North Carolina

долготраен интерес кај научниците да се опише и објасни што им е заедничко на сите тие поединци и на нивното однесување[125]. Според Викторофф[126], постојат значајни докази кои сугерираат дека во генезата на терористичкиот ум придонесуваат модифицирани социјални и психолошки фактори.

Современите психолошки истражувања на тероризмот го објаснуваат истиот и сродните терористички однесувања од холистички аспект, нагласувајќи многу фактори на макро и микро ниво, кои влијаат врз политичкото насилство и врз тероризмот. Во оваа смисла, авторите истакнуваат дека во разбирањето на психологијата на тероризмот треба да се земат предвид политички, историски, семејни, групни, органски, па дури и чисто случајни фактори. Како што тврдат Хорган и Тејлор (2001, според Borum, 2004)[127], претпоставката дека терорист се станува со дискретен избор на поединецот за промена на статусот, не е многу вистинита. Нивните наоди сугерираат дека ретко се случува свесна одлука за станување терорист. Повеќето вклучувања во тероризмот се резултат на постепено и континуирано изложување и социјализација на екстремистичко однесување. Според нив, вмешаноста во тероризам е процес кој се состои од три фази: а) да се стане терорист, б) да се биде терорист (и да се вклучи во терористички дејствија) и да се ослободи од тероризмот (Horgan, 2004; според Borum, 2004)[128].

Меѓу клучните психолошки фактори во разбирањето дали, како и кои поединци ќе станат терористи, се мотивот и ранливоста. Во психолошка смисла, мотивот е емоција, желба, физиолошка потреба или сличен импулс кој делува како поттикнувач на дејствување, додека ранливоста се однесува на подложност или одговорност за подлегнување, за убедување или за потпаѓање под искушение. Во оваа смисла, идеологијата на групата често се претпоставува дека е мотив поединецот да се вклучи кон терористичка група. Сепак, според Креншоу (1985, според Borum, 2004)[129], реалноста е дека мотивите за приклучување кон терористичка организација и вклучување во

---

[125] Borum, R. (2011). Understanding Terrorist Psychology. In: Silke, A. (Ed.). *The Psychology of Counter-terrorism.* 19-33. UK: Rootledge.
[126] Victoroff, J. (2005). The Mind of the Terrorist: A Review and Critique of Psychological Approaches. *The Journal of Conflict Resolution*, 49(1), 3-42
[127] Borum, R. (2004). Psychology of terrorism. Tampa: University of South Florida.
[128] Ibidem
[129] Ibidem

тероризам значително варираат кај различни групи, а и во рамките на групите и може да се менуваат со текот на времето. Таа сугерира дека меѓу терористите постојат најмалку четири категории на мотивација: а) можност за дејствување; б) потреба за припадност; в) желба за социјален статус; и г) стекнување на материјална награда. Други автори, на пример, Пост (1990, според Borum, 2004)[130] тврдат дека тероризмот е цел за себе, независно од наведените политички или идеолошки цели.

Согледуваната неправда во подолг временски период е признаена како централен фактор за генерално разбирање на насилството и конкретно на тероризмот. Желбата за одмазда е заеднички одговор за санирање на неправдата нанесена од некоја друга страна. Затоа, една од најсилните мотивации позади тероризмот е одмаздата, особено желбата не да се одмазди себе си, туку другите. Одмаздата може да биде специфична или дифузна, но тоа е опсесивен нагон кој е моќен мотив за насилство кон другите, особено луѓето за кои се смета дека се одговорни за неправдите (Crenshow, 1992; според Borum, 2004).[131] Перцепциите на неправдата, според некои автори, се најважната причина за тероризам. На пример, Рос (1993; според Borum, 2004)[132] сугерира дека поплаките можат да бидат економски, етнички, расни, правни, политички, верски и/или социјални и дека можат да бидат насочени кон поединци, групи, институции или различни категории на луѓе. Идентитетот е уште еден силен фактор кој има потенцијал да го мотивира поединецот да се приклучи на терористичка група. Особено барајќи го својот идентитет, поединецот може да биде привлечен кон екстремистички или терористички организации на различни начини. Варијанта за овој процес е онаа во која поединецот го дефинира својот идентитет едноставно преку членство во групата, без чувство за (или потреба за) индивидуалност. Како што Џонсон и Фелдман (1992, според Borum, 2004)[133] сугерираат, за некои поединци членството во терористичка група обезбедува чувство на идентитет или припадност што е најважната компонента на нивниот личен идентитет.

Како што е веќе истакнато, транзицијата кон тероризам ретко се случува ненадејно. Релевантните истражувања за влијанието на психопатолошките маладаптивни особини на

[130] Ibidem
[131] Ibidem
[132] Ibidem
[133] Ibidem

личноста при појавата на тероризам и терористичко однесување, се конзистентни во откривањето дека сериозните психопатолошки или ментални болести меѓу терористите се релативно ретки и, секако, не се главен фактор за разбирање или предвидување на терористичкото однесување. Тероризмот обично се смета од страна на многу автори како форма на антисоцијално однесување. Сепак, постоечките истражувања откриваат значително отсуство на сериозна психопатологија кај потенцијалните напаѓачи-самоубијци. Резултатите, исто така, покажуваат дека мотивацијата и динамиката за избор да се вклучат во самоубиствениот напад се разликуваат од оние во клиничкиот феномен на самоубиство. Постои и рационална "стратешка логика" за употреба на кампањи за самоубиствени напади во асиметричните конфликти. Во таа смисла, Силке (2003, стр. 94, според Borum, 2004; стр.33)[134] тврди дека "како и со другите терористи, нема индикации дека бомбашите-самоубијци страдаат од психолошки нарушувања или се ментално неурамнотежени на други начини. Спротивно на тоа, нивните личности обично се доста стабилни и незабележливи (барем во рамките на нивниот културен контекст)".

Постоењето на таканаречена „личност на терорист“ нема силна емпириска поддршка и според некои автори, обидите да се потврди присуството на терористичка личност или профил, се релативно неуспешни. Така, профилирањето на терористите има многу сериозни предизвици, бидејќи се соочува со проблемот дека повеќето лица кои се вклопуваат во општиот опис на терорист, воопшто не се терористи и никогаш нема да извршат чин на терористичка агресија. Од друга страна, постојат поединци кои планираат и се подготвуваат за терористички напад, а не соодветствуваат на типичниот профил на терорист. Како што на крајот констатира Борум[135], не постои „личност на терорист“, ниту пак има точен профил на терористите. Освен тоа, особините на личноста сами по себе не се многу добри показатели за однесувањето. Оттука, комплексен збир на фактори треба да бидат земени предвид холистички, со цел да се разбере терористичкото однесување, како и мотивите и карактеристиките што лежат во неговата основа.

[134] Ibidem
[135] Ibidem

# 5. МОЖНОСТИ И ОГРАНИЧУВАЊА НА ПРИОДИТЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ КОН МЕЃУНАРОДНИОТ ТЕРОРИЗАМ

Како што беше споменато на почетокот на тезата, постојат многу истражувања за тероризмот, но студиите за улогата на приодите за решавање на конфликти во борбата против тероризмот се сè уште мошне ретки. Сега е јасно дека конкретните стратегии за решавање на конфликти (како што се преговорите и дијалогот), кои имаат за цел решавање на сложени и флуидни терористички однесувања, треба да се сметаат како дел од поширокaта интервенција против терористичките напади. Како што е веќе наведено, некои автори се спротивставуваат на оваа идеја. Сепак, вистината е дека приодите за решавање на конфликти може да доведат до мир, дури и со терористите. Ваквите пристапи за решавање на конфликти нудат иновативен пат кон разбирање на тероризмот преку сфаќање на тероризмот како форма на насилство кое е дел од еден поширок конфликт. Така, тероризмот станува стратегија што се користи во конфликтите од страна на актерите кои веруваат дека тоа е најдобрата одлука што треба да се донесе во дадено време. Од гледна точка на решавање на конфликтот, тероризмот не може да се разгледува надвор од конфликтот и може да биде анализиран само во ваков поширок контекст[136]. Размислувајќи реално, не треба да се очекува да се случи магија преку ноќ, бидејќи дури и најдобрите стратегии за решавање конфликти не се семоќни. Сепак, постојат одредени стратегии кои всушност можат да придонесат за ненасилно решавање на конфликти кои вклучуваат терористичко насилство и може да помогнат да се намали распространетоста на тероризмот. Во овој поглед, дијалогот може да помогне да се едуцираат и поврзат луѓе од различни социјални средини, од различни религии и култури.

Амин[137] истакнува дека долгорочните приоди за решавање на конфликти се најпогодни за справување со тероризмот. Тука се можни неколку ефективни политички стратегии. Една од нив е инклузивноста на луѓето и проблемите. Оваа стратегија е важна, бидејќи има потенцијал да ја намали фрустрацијата од незадоволените основни човекови потреби, што е голем мотив за луѓето да ги поддржат терористите и тероризмот и/ или да

[136] Toros, H. (2016). *Terrorism, Counterterrorism, and Conflict Resolution: Building Bridges*. Center for Excellence Defence against Terrorism. NATO
[137] Amin, S.J. (2017). Adopting a Conflict Resolution Perspective towards Terrorism – Possibilities and Limitations. *International Journal for Excogitation Education and Research*, 1(2), 48-54

прибегнат кон насилство. Авторот посочува дека примената на оваа стратегија, на пример, беше ефикасна во случајот на Северна Ирска, бидејќи кога економската состојба беше подобрена и политичките структури внатре во системот беа отворени за католиците во Северна Ирска, поддршката за ИРА беше намалена во доцните 1980-ти и 1990-тите. Кога се занимаваат со т.н. "нихилистички терористи", кои се религиозни терористички групи, кои имаат апсолутни цели и се водени од фанатизам, приодите како што се медијацијата и преговарањето може да не произведат ефективни резултати, бидејќи овие групи имаат тенденција да бидат ригидни во нивната позиција. Сепак, координацијата со верските водачи и обидот да се изгради однос со нив до одреден степен може да го намали насилството.

Гледано во целост, постојат одредени ограничувања во усвојувањето на решавањето на конфликтот како приод кон борбата против тероризмот. Во некои случаи, преговорите, медијацијата и дијалогот со терористите се сметаат за слабост, а многумина претпочитаат да користат воени приоди. Некои терористички групи се структурирани на таков начин што им наметнуваат на преговарачите или медијаторите физички да контактираат со нив за да им ги пренесат пораките. Недостатокот на отворени канали за комуникација ја зголемува изолацијата и недовербата и честопати ги прават приодите за решавање конфликти да изгледаат неуспешни. Ригидноста и менталитетот на религиозните екстремисти често им отежнуваат на креаторите на политиките да ги решат конфликтите со нив по мирен пат, а со тоа и да бидат принудени да употребуваат присилни мерки за борба против тероризмот. Сепак, постојат и други мерки кои можат да се применат за да се одговори на тероризмот. Една од нив е убедувањето насочено кон намалување на мотивот на страните во конфликт да се впуштат во насилство и да ја минимизираат поддршката за терористите. Овој процес вклучува идеологии кои го предизвикуваат тероризмот, убедувајќи ги страните во конфликт да употребуваат ненасилни и неприсилни тактики, со цел да се намали привлечноста на тероризмот. Покажувајќи поголема човечност и ефикасност на нетерористичките алтернативи и убедување на страните дека ненасилните мерки најдобро можат да ги исполнат своите стратешки цели, може да се направи долг пат во ефективно справување со терористите и нивните групи за поддршка. Намалувањето на ранливоста и поразувањето на тврдокорните приврзаници, или со други зборови "негирањето", исто така, може да се

искористи како одговор на тероризмот. Во исто време, координацијата и максимизирањето на меѓународните напори се потребни за ефикасно да се одговори на тероризмот[138].

Од претходната дискусија е јасно дека секој пристап за решавање конфликти има свои силни и слаби страни. Некои од нив даваат подобри резултати во одредени видови конфликти, но не и во други. На пример, дијалогот е возможен помеѓу еднакви страни кои треба да бидат подготвени да започнат дијалог. Со цел да се направат структурни промени неопходно е да се трансформира конфликтот во друга реалност, односно истиот да се трансцендира. Трансформацијата воведува системски промени и тоа е процес кој води кон поголема еднаквост и еднаквост во општествениот систем како целина. При трансформирањето на конфликти со длабоки корени, неопходно е да се примени стратегијата "дејствувај локално, мисли глобално" преку работа на локални решенија кои ќе направат промена и во глобалната општествена структура. Тука, психолошкиот план бара справување со омразата и траумите, со цел да се пресели од културата на одмазда - око за око, заб за заб - кон култура на помирување. Во оваа смисла, градење култура на мирот е модел за трансформирање на општествените структури[139]. Сето ова подразбира дека пред да се примени некој пристап или стратегија за решавање конфликти, треба да се знаат нејзините целосни потенцијали и ограничувања во конкретното опкружување и типот на конфликтот.

Анализата на потенцијалите и ограничувањата на приодите за решавање на конфликти кон меѓународниот тероризам презентирани во соодветната литература, нагласува неколку главни заклучоци. Во врска со превенцијата на конфликти, Торос[140] истакнува дека не смее да се прецени нејзиниот потенцијал во конфликти предизвикани со терористичко насилство, кои можат да бидат особено отпорни на ваквиот приод. Според Креншоу (2005, според Торос, 2016)[141], бунтовничките групи се мали и не мора да бидат зависни од нивната заедница со која често ја губат врската кога се изолираат и одат „под земја“. Во некои случаи одржувањето на групата непроменета може да стане крајна цел на

[138] Ibidem
[139] Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна трансформација на конфликти*. Скопје: Филозофски факултет
[140] Toros, H. (2016). *Terrorism, Counterterrorism, and Conflict Resolution: Building Bridges*. Center for Excellence Defence Against Terrorism. NATO
[141] Ibidem

самата групата (Crenshaw, 2005, Weinberg and Davis, 1989, Wilkinson, 2001, според Торос, 2016)[142]. Сепак, иако односот е сложен и не треба да постојат очекувања за автоматски резултати, сепак вклучувањето во мерки за спречување на конфликти предизвикани со терористичко насилство, може да има влијание врз запирање на потенцијалната ескалација на насилството. Исто така, со ова се истакнува важната врска помеѓу превенцијата на конфликти и антитероризмот и како таа треба да се смета за дел од еден поширок одговор кој го разбира тероризмот како дел од еден поширок конфликт.

*Миротворењето*, исто така, има свои потенцијали и ограничувања кога се применува на конфликти предизвикани со терористичко насилство. Добро е познато дека насилството може да има големо влијание врз преговорите. Вооружените групи во минатото погрешно го пресметувале нивниот капацитет да влијаат врз преговорите со следење на стратегии на насилство за да ја зголемат својата потпора (на пример, ИРА). Понатаму, почетокот или крајот на насилството ретко се обележуваат со чисти текови. Вообичаената асиметрија во конфликтите е означена со терористичко насилство, што им отежнува на државните лидери и официјални претставници да прифатат дека не можат да ја поразат малата група на оние што често ги сметаат за криминалци и терористи. Друг предизвик за миротворењето е тоа што во контекст на терористичкото насилство постои потенцијална потреба за тајност на почетокот на преговарачкиот процес. Како што покажува практиката, многу случаи на преговори меѓу државите и недржавните вооружени групи започнале во тајност. *Преговорите* честопати може да пропаднат, како што беше случајот со многу конфликти кои вклучуваат терористичко насилство, како што е, на пример, случајот со баскискиот конфликт. Меѓутоа, разбирањето на тероризмот како стратегија што се користи во поширокиот конфликт, го отвора прашањето дали завршувањето на тероризмот нужно значи и решавање на конфликтот[143].

Општо земено, преговорите можат да бидат класифицирани во неколку типови. Според Фрчкоски[144], еден од нив е *дистрибутивното* преговарање (како, на пример, Дејтонскиот процес и Дејтонскиот договор и веројатно првиот дел од преговорите за децентрализација на Косово), што е обично почетниот дел од долгорочниот процес. Тоа ја

[142] Ibidem
[143] Ibidem
[144] Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје: Магор

дистрибуира постоечката моќ, контролата на полето и барањата помеѓу сите страни и меѓусебно преку конечен нацрт-договор кој не вклучува ништо ново како содржина и тема на преговори. Ова е тип на преговори фокусиран на она што може да се искористи од актуелната ситуација и се фокусира на постигнување заеднички компромис. Се обидува да ја нормализира конфликтната ситуација со помош на договор. Друг вид на преговори се *интегративните* преговори фокусирани главно кон зголемување на алтернативните решенија, односно на креативен приод во решавањето на проблемите. Во овој случај, преговарачот се обидува да ги зголеми придобивките за сите страни вклучени во конфликтот. Овој тип на преговори нуди поширок простор на сите страни за да се направи компромис во една област и да има компензација во друга, со што се зголемуваат можностите за постигнување на успешно решение. Потребни се партнерски односи од вклучените страни и креативен пристап во текот на целиот процес. Сите досега споменати карактеристики се предностите на овие два типа на преговори кои можат да се комбинираат со цел да се постигнат подобри резултати.

Во случај на потреба за преговарање со екстремистички опции, односно екстремистички групи, може лесно да се размислува за различните тешкотии и проблеми што демнат зад аголот. Меѓу нив е, секако, можноста за преговори да биде одбиена од екстремистичките групи. Некои би рекле дека вклучувањето на овие групи во преговори е награда, а не казна за нив. Ова би можело дополнително да го оптоварува целиот процес, бидејќи може да ги навреди и да биде политички штетен за умерени, разумни опции, бидејќи нема да бидат соодветно ценети. Сепак, поканувањето на терористите да преговараат е во секој случај корисно, бидејќи ги зголемува шансите за успешен исход и сите опции за отварање на нови барања се затворени со ставање на сè што е важно на масата. Покрај тоа, практичното искуство покажува дека екстремистите што веќе дошле до преговори јасно покажуваат дека се подготвени за решение, со што ќе се овозможи ефикасно затворање на спорот. Ова е така, бидејќи тие знаат што се нивните цели, имаат листа на јасни барања, но би можеле да бидат и сосема подготвени да направат компромиси. Во исто време, екстремистите се свесни дека тие се последното ниво после кое нема кој да го оспори постигнатиот договор, па затоа нема да имаат притисок кога ќе прават компромиси или отстапки. Ова, сепак, значи дека процесот ќе биде долг и

предизвикувачки, но тоа е барем добар почеток, кој може да заврши со постигнување заеднички договор и со решавање на конфликтот[145].

Сепак, како што е претходно кажано, преговорите имаат и свои ограничувања. Постојат различни проблеми кои можат да се појават во текот на овој процес. Некои од нив се поврзани, но не се ограничени на повторно решавање на веќе решено прашање, блокада, ќор-сокак, застој, двоумење, несигурност и недостиг на подготвеност да се преземе одговорноста за потпишување на договорот или резолуцијата итн. Некои од проблемите зависат од тешкотиите поврзани со основната тема на преговарање, додека други се типични пречки што можат да се појават во различни фази на преговарањето. Ќор-сокак обично се случува кога сите инволвирани страни ги исцрпуваат сите можности за понатамошна концесија додека сеуште одржуваат сериозни разлики во нивните позиции. Така, ќор-сокакот може да се смета за застој во динамиката на постигнување на компромиси во преговорите. Кога процесот се соочува со ваква ситуација, секоја од страните ги остварува своите ограничувања на барањата на другата страна и реагира на нив. Со други зборови, тоа е ситуација во која процесот на договарање е затегнат до неговите крајни граници[146].

*Дијалогот,* како друг аспект на миротворењето, исто така, се разликува во неговата улога според видот на конфликтот, неговото времетраење и исходот. Иако дијалогот може да биде многу ефикасен во решавањето на конфликтите по ненасилен пат, вистина е и дека во некои случаи не се регистрирани постојани ефекти, освен како предуслов за примена на други средства и политики. Оттука, дијалогот е важен како инструмент на дипломатијата, но неопходните услови за интегративен пристап за успех ретко се присутни во конфликтите со длабоки корени, како што е, на пример, оној во Украина, или како што се оние во Грузија, Либија и Иран. Остварената стабилност, исто така, лесно може да се наруши, така што во овие случаи има потреба од долгорочен и систематски пристап кон решавање на конфликти. Од друга страна, процесот на помалку формален

[145] Ibidem
[146] Ibidem

дијалог кој го спроведуваат не-дипломати (како, на пример, во Авганистан или Судан), е оправдан и покрај огромните трошоци за војната и прилично скромните постигнувања[147].

Според Рикер и Туне[148], некои анализи на потенцијалите и ограничувањата на дијалогот укажуваат на тоа дека однесувањето и позициите имаат тенденција да се менуваат како резултат на промена на меѓународните и домашните околности, а не исклучиво поради дијалогот. Исто така, се покажува дека дипломатските дијалози не мора нужно да ги трансформираат вредностите и идентитетите на актерите, што е особено очигледно во длабоко вкоренетите конфликти, но може да влијае и врз времето на настаните и врз природата на мерките што се усвојуваат. Понатаму, доколку недостасуваат механизми за спроведување, договорот постигнат со преговарање може да биде лабилен, што се однесува и на договорите засновани врз дијалог. Успехот на дијалогот се разликува во зависност од тоа дали преговорите ги олеснува неутрална трета страна или не. Исто така, зависи од нивото на тајност и доверливост. Практикувањето на пристапот од врвот надолу обично го отежнува вистинскиот дијалог. Конечно, практиката покажува дека дијалогот е поефективен во спречувањето на конфликтите отколку во нивното решавање.

Како што посочува Торос[149], градењето на мирот обично ги презема разоружувањето, демобилизацијата и реинтеграцијата на вооружените борци како една од неговите примарни политики. Сепак, со оглед на актерите кои се вклучени во терористичко насилство, истите не се реинтегрираат во општеството, бидејќи фокусот на оваа политика е повеќе ставен на ослободување од тероризмот. Ова има потенцијално опасни реперкусии за решавање на конфликтот и севкупното ниво на насилство во општествата по потпишувањето на договорот. Исто така, асиметричните односи на моќ во конфликтот може да доведат до заклучок дека компромис не е неопходен за да се стави крај на конфликтот со терористите. Сепак, токму асиметричната природа на конфликтите предизвикани со терористичко насилство, може посебно да ги отежни мирот и помирувањето. Една од најголемите грижи во врска со градењето на мирот, што се

---

[147] Rieker, P. & Thune, H. (2017). *Dialogue and Conflict Resolution. Potential and Limits*. Routledge, NY
[148] Ibidem
[149] Toros, H. (2016). *Terrorism, Counterterrorism, and Conflict Resolution: Building Bridges*. Center for Excellence Defence Against Terrorism. NATO

спроведува од страна на меѓународните организации, е дека се применува модел со големина која би требало да одговара за сите региони низ целиот свет не водејќи доволно сметка за локалните специфичности или за општествените трошоци на широко распространетите реформи. Оттука, градењето на мирот може да биде извор на обновени конфликти ако го следи моделот од горе надолу. Во таа насока, може да се заклучи дека конфликтите предизвикани со терористичко насилство мора да се разберат како конфликти кога се гради мирот, но државите и другите актери треба да ја земат предвид екстремната асиметрична природа на конфликтот и нејзиното влијание врз стратегиите за градење на истиот тој мир (стр. 15)[150].

[150] Ibidem

# 6. СТУДИИ НА СЛУЧАЈ

Според Индексот на глобален тероризам[151], динамиката на глобалниот тероризам се менува брзо и овие промени се многу сложени. Современата терористичка активност има динамична природа која може да се препознае во континуираното интензивирање на тероризмот во некои земји. Осврнувајќи се на податоците објавени во ИГТ 2016, постојат цврсти докази дека тероризмот е високо концентрирана форма на насилство. Тоа, воглавно, се случува во одредени земји од страна на мал број терористички групи. Меѓу анализираните земји, има пет кои се под најголемо влијание од тероризмот. Тоа се: Ирак, Авганистан, Нигерија, Пакистан и Сирија, кои учествуваат со 72% од сите смртни случаи од тероризам во 2015 година. Истиот Извештај истакнува дека ИДИЛ, Боко Харам, Талибанците и Ал Каеда се одговорни за 74% од сите овие смртни случаи. Оттука, како и потпирајќи се врз космополитската перспектива на решавање конфликти која го дефинира тероризмот како комплексен, повеќеслоен глобално-локален феномен, анализирани се три регионални кластери: *Блискиот Исток* (претставен со Ирак, Авганистан, Сирија и Израел); *Африка* (претставена со Нигерија и Сомалија); и *Европа* (претставена со Северна Ирска и Баскија), со цел да се утврди кои приоди за решавање конфликти најчесто се користат во справувањето со тероризмот, како и какви се нивните исходи во посочените случаи.

При решавањето на конфлики, меѓународните актери често пати се јавуваат во улога на трета страна, со цел да го олеснат процесот на комуникација или да ја променат структурата на конфликтната средина. Во таа насока, постојат два вида стратегии кои се применуваат. Првите се интервенции поврзани со трансформација на конфликтите и вклучување на трети страни во спречувањето на конфликтите. Вториот сет на стратегии се поврзани со структурната превенција. Механизмите кои се користат за трансформирање на дисфункционалните односи помеѓу страните во конфликтите, се насочени кон создавање на заеднички интелектуален и вредносен простор. Во овој контекст, третите страни можат да се вклучат како олеснувачи, мировни работници (т.н. мека дипломатија), обучувачи за решавање на конфликти или, пак, постконфликтни рехабилитатори. Ова

[151] Global Terrorism Index. (2016). *Measuring and Understanding the Impact of Terrorism*. Institute for Economics and Peace

подразбира дека третата страна задолжително треба да почитува одреден сет на критериуми, како што се неутралност, непартиска улога, професионално искуство, доследност, непоткупливост и слично. Вакви иницијативи и активности, досега, се применети во однос на решавањето на конфликтите во случаите на Израел и Палестина, дел од земјите во Јужна Африка, Северна Ирска и Кипар. Од друга страна, интервенциите поврзани со структурната превенција се дизајнирани да ја променат структурата на страните во конфликт, во очекување дека ќе ги наведат да го променат своето конфликтно однесување. Оттука, една од формите на политичка и економска структурна интервенција, е, на пример, инвестирањето во социо-економски развој, градење на институции и социо-културна отвореност[152].

Во контекст на преговарањето и дијалогот со терористичките вооружени групи, приватните преговарачи и невладините субјекти имаат посебни предности во спроведувањето на тивки контакти со овие групи, кои другите сметаат дека се политички и практично невозможни. Сепак, се работи за мошне сложен процес, со оглед на тоа што честопати е мошне тешко да се идентификуваат оние со кои треба да се разговара и како тоа најдобро да се изведе. Освен тоа, општата определба дека дијалогот е добар и неопходен како вовед во процесот кон политичко решавање на конфликтот, е нешто што подлежи на континуирано преиспитување согласно видот и природата на конфликтот[153].

Како што наведува Петрарек (2005; според Griffiths & Whitfield, 2010)[154], обидите да се преиспита функционалноста и оправданоста на водењето преговори и дијалог со терористичките групи, вообичаено ги вклучуваат следниве претпоставки: а) ангажирањето на вооружени групи се претпочита како средство за ставање крај на вооружениот конфликт, со оглед на фактот дека воените опции против бунтовниците, долгорочно, ретко успеваат; б) вооружените групи, ќе преговараат доколку барањата се подложни на рационална и/или разумна дебата; в) преку ангажирање, вооружените групи може да станат поумерени во нивното однесување и барања и да бидат поподготвени фокусот да го

[152] Beriker, N. (2009). Conflict Resolution. The missing linkg between liberal international relaitons theory and realistic practice. In: Sandole, J.D.D.; Byrne, S.; Staroste-Sandole, I. Senehi, J. (Eds.). *Handbook of Conflict Analysis and Resolution*. 256- 271. Routledge, NY
[153] Griffiths, M. & Whitfield, T. (2010). *Mediation Ten Years On. Challenges and Opportunities for Peacemaking*. Henry Dunant Centre for Humanitarian Dialogue
[154] Ibidem

пренасочат од милитарна во политичка борба; и г) ризиците кои произлегуваат од ангажирање на вооружени групи во процесот на преговарање, се надминуваат со изгледите за постигнување крај на вооружениот конфликт. Оттука, професионалците кои влегуваат во преговори со вооружени групи, врз основа на наведените четири претпоставки, имаат одговорност да го сторат тоа на принципиелен начин, задолжително водејќи сметка да не ги влошат работите. Ова, понатаму, вклучува внимателна анализа на самата вооружена група, со внимание на нејзиното лидерство, идеологија, покровители и капацитети, но воедно и јасна проценка на сопствените капацитети на медијаторот и компаративната предност што ја има во целиот процес[155].

## 6.1. Блиски Исток – Случајот на Израел и Палестина

Гледано историски, корените на, според некои автори (пр. Kelman),[156] еден од најконтроверзните конфликти во светот - конфликтот помеѓу Израел и Палестина - лежат во формирањето на политичкото Ционистичко движење, кон крајот на 19-от век. Во раните 20-ти години на минатиот век, голем број Евреи се доселуваат на територијата на денешната држава Израел. Нивното присуство во сè поголем број, Арапите, кои дотогаш живееле на тие простори, почнуваат да го перципираат како закана, што доведува до пораст на национализмот и формирање на посебен, Палестински идентитет. Оттогаш, па сè до денес, насилството и конфликтот помеѓу овие две групи се постојано присутни. По арапско-израелската војна од 1947-1948, во 1949 година Израел и Палестина потпишуваат примирје, со што Палестина е поделена на неколку области. Сепак, граничните линии воспоставени со овој договор значително се менуваат по Шест-дневната војна (во Јуни, 1967 година), кога Израел ги окупира појасот Газа, Синајскиот полуостров (во Египет) и Голанската висорамнина (во Сирија). Со тоа, конфликтот помеѓу Израел и Палестина повторно се враќа на почеток[157].

[155] Ibidem
[156] Kelman, H.C. (2007). The Israeli-Palestinian Peace Process and Its Vicissitudes. Insights from Attitude Theory. *American Psychologist*, 62 (4), 287-303, APA DOI: 10.1037/0003-66X.62.4287
[157] Ibidem

Во текот на 1973 година, се случува уште една голема војна, по која земјите од Арапскиот свет, кои дотогаш ја поддржуваат Палестина, се повлекуваат од натамошни акции против Израел. По ова следува потпишувањето на мировниот договор помеѓу Египет и Израел во 1979 година. Палестинците тогаш ја продолжуваат борбата преку низа герилски напади против Израел. Фатах, предводена од Јасер Арафат, го презема приматот над Ослободителната организација на Палестина, која иницијално е формирана од страна на Арапската лига. Ваквата состојба трае сè до крајот на 80-те години на минатиот век, кога и двете страни почнуваат да покажуваат интерес за доаѓање до мирно решение кое би довело до историски компромис. Сепак, политичките пречки за целосно решавање на конфликтот и натаму остануваат силни. Дури во 1993 година, со потпишувањето на мировниот договор во Осло, Газа е предадена на новосоздадената Палестинска власт, со цел формирање на едно крило на новата Палестинска држава, заедно со Западниот Брег и потенцијален копнен коридор помеѓу нив. Сепак, поради недостигот на посветеност на конечниот исход, овој мировен процес е попречуван од резервите присутни кај двете страни. Како последица на тоа, во 2000 година произлегуваат конфликтни наративи, а јавната поддршка за насилството се зголемува, дури и во услови кога јавното мислење и натаму го поддржува договореното решение.[158]

Во септември, 2005 година, Ариел Шарон – тогашен премиер на Израел - ги повлекува сите израелски доселеници од Газа, со што тој дел од територијата го препушта целосно под контрола на Палестина. Сепак, Израел ја задржува строгата контрола над сите гранични премини. Во јануари, 2006 година, Хамас ги добива парламентарните избори и ја соборува владата на Фатах. Потоа, со избувнувањето на борбите во јуни, 2007 година, во кои се убиени повеќе од 100 луѓе, вооружени напаѓачи на Хамас ги поразуваат силите на Фатах и целосно ја преземаат контролата на појасот Газа. Израел, кој одбива да ја признае владата на Хамас, возвраќа со затегање на обрачот околу Палестинските територии, што го отежнува протокот на стоки и луѓе во и надвор нив. До јуни, 2008 година, Хамас и Израел стануваат подготвени да стигнат до некаков вид на смирување на тензиите. Како резултат на тоа, прогласено е шестмесечно примирје, иако тоа никогаш не е формално дефинирано. Според официјалните претставници на Хамас, нивна главна цел е

[158] Ibidem

да се запрат ракетните напади врз Израел, не само од своите вооружени групи, туку и од други кои имаат упоришта во Газа, вклучувајќи ги и бригадите на маченици на Исламски џихад и Ал Акса. Сепак, по истекот на шестмесечниот период на примирје, ракетирањето не само што се возобновува, туку и се засилува, по што следуваат и воздушни напади од страна на Израел.

Нестабилниот период продолжува и понатаму, со променливи циклуси на насилство и примирја. Така, забележан е извесен напредок во преговорите помеѓу Израелските власти и новиот лидер на Палестинците, Претседателот Махмуд Абаз. Сепак, во 2010 година, повторниот избор на новата влада на Нетанјаху го означува овој процес како невозможен. Иако премиерот на Израел, Нетанјаху, во 2009 ја одобрува идејата за демилитаризирана Палестинска држава, сепак одбива да престане со градење на нови населби и покрај притисоците од меѓународниот фактор (пред сè, САД). Во 2013 година, Ликуд (партијата на власт во Израел) заедно со премиерот Нетанјаху, го одбива постоењето на Палестинска држава, што е нагласено и како една од водечките пораки во предизборната кампања во 2015 година (јасно одбивање на решението за две држави). Во целиот овој период насилството продолжува, притоа регистрирајќи ги 2008-2009 и 2014 година како најлоши за состојбата во појасот Газа. Ваквите услови водат до помирување помеѓу Хамас и Фатах, како и до зголемување на меѓународната поддршка за Палестинците[159]. Во последниве месеци, клучен повод за зголемениот број протести од страна на Палестинците, е прогласувањето на Ерусалим за главен град на Израел од страна на претседателот на САД, Доналд Трамп.

Блискиот исток дава примери за критичната улога на регионалните медијатори (на пример, Турција во олеснувањето на разговорите меѓу Израел и Сирија, Египет меѓу Хамас и Фатах, Саудиска Арабија меѓу Авганистанската влада и Талибанците) и приватните миротворци во обидите за мирно решавање на конфликтите. Сепак, во контекст на Израелско-Палестинскиот конфликт, од средината на 2008 година, една од четирите претпоставки наведени погоре, е директно оспорена со тоа што на провокациите од страна на Хамас во Газа, Израел одговара со употреба на сила и оружје. Последица од

[159] Ramsbotham, O., Woodhouse, T., & Miall, H. (2016). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*. Polity Press

војната во Газа е огромното страдање, таа не менува ниту еден од основните фактори што го предизвикуваат насилството, а зад себе остава неодржлива ситуација која ова подрачје го прави и понатаму да биде препознаено како „буре барут“[160]. Во оваа насока, Соломон и Гинзбург[161], нагласуваат дека животот во Израел се карактеризира со повторлива и продолжена изложеност на воено и политичко насилство. По завршувањето на трите години на задолжителна воена служба, сите работоспособни мажи имаат обврска да служат како резервни војници во израелските воени сили, што значи дека тие се повеќе или помалку постојано изложени на насилство или воена обука за војна.

Според Халперин[162], долготрајните конфликти меѓу групите вклучуваат меѓусебни провокации, насилни реакции и различни престапи изведени од страните во конфликтот. Како резултат на тоа, членовите на општествата кои се вклучени во таквите конфликти доживуваат чести епизоди на гнев кон групата во која не припаѓаат, кон нејзините лидери и претставници. Различни степени на ваквиот гнев се неизбежен елемент на секој интергрупен конфликт. Релевантната литература покажува дека гневот евоциран со помош на однесувањето на противникот, е тесно поврзан со поддршката за одмаздничка агресија (пр. Huddy et al., 2007; Skitka et al., 2006; според Halperin, 2011). Од друга страна, големата поддршка за агресијата може да ги легитимира, па дури и да ги охрабри креаторите на политичката одлука за иницирање на голема воена акција (Zaller, 1994; според Halperin, 2011). Оваа динамика лесно може да прерасне во еден маѓепсан круг на реципрочно насилство. Во тој контекст, резултатите од неколку истражувања (дел спроведени за време на војната, дел за време на релативен мир во конфликтот меѓу Израелците и Арапите), направени од страна на Халперин и неговите соработници (Halperin, Canetti-Nisim, et al., 2009; според Halperin, 2011), а во насока да се проверат улогите на гневот и омразата во политичката нетрпеливост, каде испитаници биле израелски Евреи, упатуваат на ист заклучок. Имено, се покажува дека гневот кон

---

[160] Griffiths, M. & Whitfield, T. (2010). *Mediation Ten Years On. Challenges and Opportunities for Peacemaking*. Henry Dunant Centre for Humanitarian Dialogue

[161] Solomon, Z. & Ginzburg, K. (2011). The Psychological Toll of Exposure to Political Violence: The Israeli Experience. In: Shaver, P.R. & Mikulincer, M. (Eds.). *Human Aggression and Violence. Causes, Manifestations and Consequences*. 385-402. APA, Washington DC

[162] Halperin, E. (2011). The Emotional Roots of Intergroup Aggression: The Distinct Roles of Anger and Hatred. In: Shaver, P.R. & Mikulincer, M. (Eds.). *Human Aggression and Violence. Causes, Manifestations and Consequences*. 315-332. APA, Washington DC

спротивната група доведува до политичка нетрпеливост само во услови кога е поддржана од страна на омразата. Исто така, во некои случаи, гневот во отсуство на омразата е поврзан со намалување на политичката нетрпеливост.

Имајќи го предвид сето претходно изложено, се поставува прашањето за ефектите од примената на стратегиите и приодите во решавањето на конфликтот помеѓу Израел и Палестина. Имено, во овој случај јасно се забележува целата сложеност на преговарањето, медијацијата и дијалогот, насочени кон постигнување на компромис за клучни прашања околу кои се води повеќедецениskиот конфликт помеѓу овие две групи. Јасно се видливи придобивките, но и ограничувањата во примената на посочените стратегии, кои и по еден век, се уште не успеале да создадат услови за реконсилијација. На пример, кај обете страни (иако кај Палестинците значително повеќе), е силно изразен стравот од неможност да се задоволат основните потреби (особено перцепираната закана за идентитетот и безбедноста), кој во теоријата и во праксата се нагласува како една од главните причини за ерупција на меѓугрупните конфликти. Во услови кога се присутни долготрајни конфликти меѓу идентитетските групи, како што е случај во Израелско-Палестинскиот конфликт, тие стравови можат да станат егзистенцијални, претворајќи се на тој начин во борба за групен опстанок.

Во анализираниот случај, можат да се препознаат и некои од најчестите ограничувања на преговарањето, како што се, на пример, повторно отварање на веќе решено прашање, блокада, застој, враќање на преговорите на почеток (на пример, во Јуни, 1967 година, кога Израел ги окупира појасот Газа, Синајскиот полуостров и Голанската висорамнина, враќајќи го со тоа конфликтот на почеток) и така натаму. Воедно, овде е присутна и асиметрија во конфликтите обележани со терористичко насилство, што им отежнува на државните лидери и официјални претставници да прифатат дека не се во можност да ги поразат оние кои ги сметаат за терористи. Случајот на Израел и Палестина ја потврдува и понекогаш присутната потреба за тајност на почетокот на преговарачкиот процес во контекст на терористичкото насилство (на пример, мировниот договор од Осло, потпишан во 1993 година, кој започнал во тајност пред да биде официјализиран). Во сложените и хронични конфликти, праксата покажува дека преговорите често пати можат

да пропаднат или да се вратат на почеток, што е точно и во овој контекст (на пример, пропаѓањето на преговорите во Камп Дејвид кои се водени во 2000 година).

Кога, пак, станува збор за дипломатските дијалози, во случајот на Израел и Палестина се потврдува веќе добро познатиот факт дека истите не мора нужно да ги трансформираат вредностите и идентитетите на актерите во конфликтот (што е особено важно за конфликтите со длабоки корени), но може да влијаат и врз времето на настаните и врз природата на мерките што се усвојуваат. На тоа се надоврзуваат тајноста и доверливоста на дијалогот. Впрочем, како што покажува практиката, дијалогот е поефективен во спречувањето на конфликтите. Доказ за ова, повторно, е мировниот договор од Осло, кој и покрај многуте стагнирања и/или уназадувања со кои се соочува(л) мировниот процес, сепак повеќето автори го сметаат за најзначаен чекор во обидите за решавање на посочениот конфликт.

Сето ова генерално го потрдува заклучокот дека ниту еден приод и стратегија во решавањето на конфликтите, посебно кога од едната страна се наоѓаат терористички групи/организации, не е омнипотентен. Сепак, и покрај регистрираните слабости, во случајот на Израел и Палестина постојат цврсти докази наведени погоре, дека преговарањето, медијацијата и дијалогот се покажале како ефикасни, барем кога станува збор за определен временски период. Иако со чести застои, процесот на воспоставување на мирот би бил невозможен без примената на овие стратегии. Воедно, подготвеноста за стапување во преговори, како мошне значаен аспект од секој преговарачки процес (посебно кога истиот треба да се води со претставници на терористички/екстремистички групи), во голем степен придонесува за успех (барем и делумен) на преговорите (на пример, прогласеното шестмесечно примирје во 2008 година, кога Хамас и Израел покажуваат подготвеност да стигнат до некаков вид на смирување на тензиите). На ист начин, Израелскиот премиер Ицак Рабин преговара со Организацијата за ослободување на Палестина (ООП), бидејќи смета дека тоа е единствениот начин да донесе мир за сите граѓани, што на крајот резултира со мировниот договор од 1993 година потпишан во Осло.

Тоа што го прави овој конфликт повторувачки и тешко решлив, е самата негова природа, времетраењето, хроничноста, загрозеноста на голем број основни потреби (околу кои преговарањето е речиси невозможно), поставувањето на заемно исклучиви цели од

двете страни, недостатокот на политичка волја (во одредени периоди), но и присуството на т.н. трансгенерациска траума, со оглед на тоа што веќе многу генерации се раѓаат и живеат во конфликтно секојдневие. Решавањето на долготрајните, хронични етнички, национални и идентитески конфликти, каков што е Изралеско-Палестинскиот конфликт, некои автори (пр. Kelman, 2001; Kelman, 2005)[163], го гледаат во интерактивното решавање на проблемите и континуираната едукација за ненасилно решавање на конфликтите (по пат на обуки). Во таа смисла, обуките за интерактивно решавање на проблемите, според Келман[164], имаат за цел да поттикнат промени на индивидуален план кај сите учесници во обуките, и да ги пренесат тие промени во политичкиот процес, на општествено ниво. Тука, посредувањето и олеснувањето кои вклучуваат високо професионални и обучени медијатори-олеснувачи, се од голема важност.

Фиц-Гибон[165], укажува на тоа дека процесот на "разговарање со терористите", кој е применет во контекст на Северна Ирска, е токму можното решение кое ќе донесе вистински мир помеѓу Израел и Палестина. Авторот нагласува дека мировниот процес во Северна Ирска бил извонредно тежок и барал многу добра волја и компромис од сите страни. Сепак, во споредба со насилствата во 1970-тите и 1980-тите години, мирот во Северна Ирска е успешно воспоставен. Мировниот процес меѓу Израел и Палестинците, иако поинаков од оној во Северна Ирска, сепак, има основа да биде успешен доколку се применат позитивните искуства од оваа земја, поради многуте заеднички фактори кои двете општества ги споделуваат.

Други автори (пр. Kendall Hope, 2014а)[166], нагласуваат дека подлабокото познавање на културата и свесноста за тоа како припадноста на одредена култура влијае врз

---

[163] Kelman, H.C. (2001). The Role of National Identity in Conflict Resolution. Experiences from Israeli-Palestinian Problem-Solving Workshops. In: Ashmore, R.D.; Jussim, L.; & Wilder, D. (Eds.). *Social identity, intergroup conflict and conflict reduction.* 187-212. Oxford University Press.
Kelman, H.C. (2005). Interactive Problem Solving in Israeli-Palestinian Case: Past Contributions and Present Challenges. In: Fisher, R. (Ed.). *Pawing the way: Contributions of interactive conflict resolution to peacemaking.* 2-28. Lanham, MD: Lexington Books

[164] Kelman, H.C. (2005). Interactive Problem Solving in Israeli-Palestinian Case: Past Contributions and Present Challenges. In: Fisher, R. (Ed.). *Pawing the way: Contributions of interactive conflict resolution to peacemaking.* 2-28. Lanham, MD: Lexington Books

[165] Fitz-Gibbon, A. (2016). *Talking to Terrorists, Non-violence and Counter-Terrorism. Lessons for Gaza from Northern Ireland.* Palgrave Macmillan

[166] Kendall Hope, M. (2014a). *The Middle East: How Conflict Resolution can Extinguish Terrorism.* Pax Pugna Publ. North Carolina

индивидуалните и групните интеракции, е нужен предуслов за успешноста на секој процес на преговарање и медијација. Воедно, неопходно е да се применува холистички приод и разбирање за да се поттикне вистинско и целосно решавање на конфликтот, во што преговарачите и дипломатите некогаш, за жал, потфрлаат. Оттука, разбирањето, а не силата и/или игнорирањето, може да доведе до подолгорочни позитивни ефекти, но само доколку е засновано врз активно слушање, активна толеранција, доверба, соработка и подготвеност за менување на секоја од страните во конфликтот.

Оживувањето на мировниот процес бара взаемно уверување за достапноста на партнерот за преговарање за принципиелен мир заснован врз историски компромис кој ги задоволува основните потреби и ги потврдува идентитетите на двата народи. Во оваа насока, на размислување поттикнува и визијата на Јохан Галтунг за мирна трансформација на конфликтот помеѓу Израел и Палестина, претставена во едно негово интервју од 2006-та година, чив автор е Гавин[167]. Според Галтунг, трансформацијата се заснова врз т.н. "формула на креативност" и важното признавање на "потребата за влез во нов елемент, нова димензија и начин на размислување". Правејќи паралела со моделот на создавањето на Европската заедница од 1958 година, Галтунг сугерира можно решение со 6 држави. Тој предлага формирање заедница на Блискиот Исток, вклучувајќи ги Либан, Сирија, Палестина, Јордан и Египет, заедно со Израел. Тој смета дека на таков начин, овие држави ќе бидат доведени во заедничка соработка и дијалог. Галтунг, исто така, истакнува дека е потребно обезбедување на еднакви права како клуч за мирот во овој конфликт и предлага создавање на палестински главен град во источен Ерусалим. Според него, мотивот за споменатата трансформација, треба да потекне од граѓанското општество, поточно од автономните движења и организации креирани од израелскиот / палестинскиот народ.

Како што нагласуваат Халпер, Џонсон и Шафер[168], потребно е да се преформулира самиот конфликт за да може да се дојде до трајно решение. Според нив, само политичко решение засновано врз човековите права и меѓународното право е неопходна основа за решавање на израелско-палестинскиот конфликт, затоа што конечно би ги задоволило

[167] Gavin, A. (2006). *Conflict Transformation in the Middle East. Dr. Johan Galtung on Confederation in Iraq and a Middle East Community for Israel/Palestine*. PeacePower

[168] Halper, J.; Johnson, J., & Schaeffer, E. (2009). *The Israeli-Palestinian Conflict: Challenging Slogans through Critical Reframing.* The Israeli Committee Against House Demolitions (ICAHD), Jerusalem, Israel

грижите за обезбедување правда и безбедност. Ова е така, бидејќи почитувањето на човековите права и на меѓународното право овозможуваат да се дојде до постигнување на еднаквост, инклузивност, културна разновидност, мир, правда и просперитет. Доказ дека овој приод функционира, се значајните придобивки што се направени за праведно решение на конфликтот, и покрај насилството од последните години. Имено, Палестинците и Арапската лига го признаа Израел во рамките на "Зелената линија". Израел, исто така, е во мир со Египет и Јордан, има коректни односи со многу арапски земји и ги шири врските низ арапскиот и муслиманскиот свет. Воедно, мнозинството израелски Евреи го признаваат постоењето на палестинскиот народ, а некои од нив дури и изразуваат подготвеност да се откажат од окупираните територии, доколку нивната сигурност би можела да се обезбеди. Конечно, Израелците и Палестинците се ангажираат во продолжување на преговорите, што е секако добар показател во целиот процес.

## 6.2. Блиски Исток – Случајот на Авганистан

Случајот на Авганистан е предмет на бројни анализи во релевантната литература. Обидите да се воспостави мир во оваа земја се долготрајни, но само делумно успешни, со оглед на тоа дека конфликтот сеуште трае (имено, во периодот кога се правеше последен преглед на оваа магистерска теза, на 30.04.2018 година, во Кабул се случија два последователни терористички самоубиствени напади во временско растојание од 20 минути, кои усмртија 31 цивил, меѓу кои девет новинари и еден фоторепортер. Целта на вториот бомбаш-самоубиец била да усмрти што е можно повеќе новинари и медицински персонал, со оглед на тоа што нападот го извршил инфилтрирајќи се облечен како новинар помеѓу новинарските и медицинските екипи кои пристигнале на местото на првиот напад и професионално ги извршувале своите задачи).[169]

Почнувајќи од 2001 година, владата на Авганистан, заедно со помош од меѓународната заедница и меѓународниот политички фактор, прави континуирани напори да ги вклучи Талибанците во дијалог. Тоа е резултат на сфаќањето дека процесот на дијалог и помирување со вооружените фракции е невозможен без негово инкорпорирање

[169] https://edition.cnn.com/2018/04/30/asia/afghanistan-kabul-blasts-intl/index.html

во поширок и сеопфатен мировен процес. Талибанците не се случајно избрани како една од страните во дијалогот, со оглед на тоа што тие се клучните актери во насилствата во целиот изминат период. Делови од овој долготраен процес на дијалог се водат во тајност, додека други делови се парцијално документирани и нецелосно достапни за јавноста. Конфликтот помеѓу Талибанците од една страна и силите на САД и коалиционите партнери, заедно со владата на Авганистан од друга страна, во периодот помеѓу 2001 и 2014 година, се засили по потпишувањето на договорот од Бон во 2001 година[170]. Договорот од Бон (официјално познат како Спогодба за привремени аранжмани во Авганистан во очекување на повторно воспоставување на постојани владини институции), е првична серија на договори што биле усвоени на 5 декември, 2001 година и наменети за повторно создавање на државата Авганистан по американската инвазија како одговор на терористичките напади од 11 септември, 2001 година. Со оглед на тоа што во 1979 година во Авганистан не постоела национално договорена влада, се сметало дека е потребен период на транзиција пред да биде формирана постојана влада. Сепак, во отсуство на закон и ред, по брзата победа на американските и силите на Северно Авганистанската Алијанса, било неопходно да се преземат итни чекори.[171]

Пред да се случи интервенцијата на САД и коалиционите партнери во 2001 година, Авганистан веќе бил во војна долги 23 години. Талибанските бунтовници, колоквијално кажано „долевале масло на огнот", поддржувајќи и повторно разгорувајќи повеќекратни конфликти кои останале нерешени од претходните фази на војната. По 2001 година, повеќето од водачите на Талибанците пребегнале во соседен Пакистан, со цел да го реорганизираат движењето. Веднаш потоа, во 2002 година, Талибанците започнуваат вооружени напади и ракетирања вдолж границата на Авганистан. Грешката направена при потпишувањето на договорот во Бон, која подоцна се покажала како фатална, била во тоа што Талибанската страна не била вклучена, бидејќи се сметало дека таа не е повеќе релевантен политички фактор. Имено, веќе во 2004 година, реорганизираните и зајакнати

[170] Semple, M. (2017). Peace Dialogue, the Afghan Case 2001-2014. In: Rieker, P. & Thune, H. (Eds). *Dialogue and Conflict Resolution. Potential and Limits.* 143-166 Routledge, NY
[171] https://en.wikipedia.org/wiki/Bonn_Agreement_(Afghanistan)

Талибански бунтовници стануваат сериозна безбедносна закана за новата влада на Авганистан, за цивилното население, како и за целиот мировен процес.[172]

Почетоците на талибанското движење се во 1994 година, кога на негово чело доаѓа талибанскиот емир, Мула Омар. Карактеристично за движењето е неговата кохезивност, што се покажува како критично во одржувањето на долготрајна вооружена борба против воено моќен непријател. Робусноста на талибанскиот бунт даде основа за засилување на меѓународното воено присуство по 2004 година. Исто така, оттука потекна идејата во Кабул дека мирот и безбедноста се возможни само ако по пат на дијалог, Талибанците бидат убедени да стават крај на вооружената кампања. Притоа, предвид треба да се земе нивната кохезивност и пошироката организациска култура на движењето со цел дијалогот да се насочи во вистински правец. По првичната интервенција на САД и сојузниците, конфликтот во Авганистан поминува низ четири фази. Најпрво, во периодот од 2002 до 2004 година се случува затишје, кога насилството е релативно ниско, а Талибанскиот бунт не се перципира како главен безбедносен предизвик. Втората фаза е поврзана со почетокот на бунтот и периодот помеѓу 2005 и 2007 година, кога Талибанците го напаѓаат ограниченото распоредување на НАТО во јужниот дел, паралелно активирајќи фронтови и на други места за да дојде до национална кампања, што резултира со голем број воени и цивилни жртви. Помеѓу 2009 и 2011 година, САД го удвојуваат бројот на војници и влегуваат во директна конфронтација со Талибанците, што ја отсликува третата фаза на конфликтот. Конечно, четвртата фаза која е актуелна од 2012 до 2014 година, се означува како период на "транзиција", со постепено повлекување на западните војници. Во исто време, Талибанците го поддржуваат бунтот против Авганистанската влада и преостанатите сили на НАТО. Паралелно со ова расте и бројот на цивилни жртви. Овој преглед на фазите покажува дека конфликтот се движи од низок интензитет до релативно висок интензитет.[173]

---

[172] Semple, M. (2017). Peace Dialogue, the Afghan Case 2001-2014. In: Rieker, P. & Thune, H. (Eds). *Dialogue and Conflict Resolution. Potential and Limits*. 143-166 Routledge, NY

[173] Ibidem

Според Седик Вера[174], голем број фактори учествуваат во креирањето и одржувањето на конфликтот во Авганистан. Меѓу позначајните, авторот ги набројува продолжените закани за религијата и достоинството; етничката репресија и политичката исклученост; некомпетентното и нелегитимно владино раководство; историјата на странската интервенција; присуството на странски трупи; улогата на елитата во одржувањето на незадоволството; уништената социјална и физичка инфраструктура; манифестацијата на етнички, партиски и лични интереси; манифестацијата на омраза, предрасуди и насилно однесување; ветераните и статусот и богатството поврзано со војната; пристапот до помало оружје и нелегалната економија на црната пазарна економија; деградацијата на животната средина и миграцијата на внатрешно раселени лица. Сложеноста на конфликтот во Авганистан е условена и од тоа што на оваа територија се вкрстуваат интересите и на други држави покрај САД – првенствено на Русија и на Индија. Така, примарната област на конвергенција на интереси меѓу Индија и Русија е пристапот до касписките нафтени и гасни ресурси. Руското влијание отсекогаш постоело во Авганистан, и по падот на Талибанците, Русија повторно се активира на овие простори заедно со своите сојузници. Воената база во Фархор, Таџикистан, блиску до авганистанската граница, исто така, е во конкуренција за пристап до каспискиот регион богат со нафта и гас. Индија, Таџикистан, Русија и Иран ја поддржуваат северната алијанса со седиште во Таџикистан и сè уште имаат свое влијание во владата во Авганистан. Индија може да им помогне на авганистанските Таџикистанци преку своето влијание во Таџикистан и да ги искористи за постигнување на сопствените интереси. Згора на тоа, сè додека Пакистан има контрадикторни односи со Индија, постои можност Индија да ги користи антипакистанските елементи во Авганистан за свои мотиви.

Резултатите од истражувањето на Седик Вера[175] кое го опфаќаперидот од 1999 до 2002 година, ги потврдуваат погоре наведените фактори како значајни варијабли во посочениот конфликт. Повикувајќи се на клучните наоди од истражувањето, авторот сугерира дека постигнување на мирен и стабилен режим во Авганистан е од клучно значење за регионалната стабилност, но и за повеќе од 25 милиони Авганистанци

[174] Weera, S. (2002). *Afghanistan. An Introduction to the Sources and Nature of Conflict*. Creative Associates International, Kabul, Afghanistan.
[175] Ibidem

исцрпени со повеќедецениските конфликти. Со цел да се зголеми влијанието на активностите за градење на мирот во рамките на активностите на меѓународните организации, заедниците за помош и развој, агенциите на ОН, земјите-донатори и авганистанските власти, неопходно е да ги препознаат и да ги испитаат широките детерминанти на мирот и конфликтот во Авганистан и соодветно да ги приспособат своите политики и програми, кои треба да послужат како корисна образовна алатка за интелектуалците и политичките елити.

Во специјалниот Извештај на Кобурн[176], нотирани се неколку клучни карактеристики на состојбата со правниот систем во Авганистан, што значитено влијае врз можностите за успешно решавање на конфликтите. Така, се нагласува дека постојат бројни извори на локални конфликти во оваа земја, меѓу кои поголемиот дел се поврзани со прашања околу правата на земјиште и вода, наследство и спорови околу контролата на локалните позиции на власта. Воглавно изостанува ефикасно решение на ваквите спорови поради недостатокот на капацитети и/или ресурси во формалните системи за правда. Сепак, гледано наназад, фактите потврдуваат дека истиот тип на спорови успешно се решавале пред војните, кога формалниот систем на правда имал дури и помалку ресурси, што укажува на тоа дека постојат и други можни причини за ваквата состојба. Една од можностите е поткопувањето на традиционалниот систем за решавање спорови со зголемувањето на моќта на локалните команданти, кои немаат авторитет во заедницата и недостатокот на политичка и лична сигурност на практичарите. Од друга страна, корупцијата и неефикасноста го делегитимизираат формалниот правен систем. Исто така, се забележува дека во Авганистан постои дуализам во правниот сектор, манифестиран во, од една страна, државни (судски) сектори и недржавни сектори засновани врз комбинација на обичајно и религиозно право, кои неретко се натпреваруваат едни со други. Истражувањата, исто така, покажуваат дека, спротивно на претпоставките, успешно разрешените спорови се потпираат врз комбинација на формални и неформални актери и се разгледуваат многу повеќе од страна на серија локални старешини, отколку од владини претставници.

---

[176] Coburn, N. (2011). *The Politics of Dispute Resolution and Continued Instability in Afghanistan*. The United States Institute of Peace, USA

Во најновиот Извештај на Советот за безбедност на Обединетите Нации[177], од 2017 година, за состојбата во Авганистан е напишано дека и по 40 години насилни конфликти, сеуште не е обезбеден убедлив и стабилен мировен процес. Во истиот извештај, се повикуваат Талибанците да покажат јасна подготвеност за отпочнување на преговори. Тадамичи Јамамото, специјален претставник на Генералниот секретар и шеф на Мисијата за помош на Обединетите нации во Авганистан (UNAMA), изјавува дека клучното прашање е одржувањето на парламентарните избори во 2018 година, по што ќе следуваат претседателски избори во април, 2019 година. Тој истакнува дека, за жал, нема доволно напредок во овие подготовки. Сепак, Јамамото истакнува дека и покрај интензивните борби, неодамнешните напори на авганистанските национални одбранбени и безбедносни сили за заштита на цивилите резултираат со намалување на цивилните жртви и повредите. Во истиот Извештај, Вазхма Фрог - основачка на Организацијата за жени и мировни студии и член на високиот совет за мир на Авганистан - понатаму соопштува дека оваа земја сè уште е едно од најопасните места за живеење за жените. Имено, во 2017 година, авганистанската комисија за човекови права објави повеќе од 5.000 случаи на тешки насилства врз жените. Таа, воедно, ја истакнува важноста на мировниот процес, во кој нужно треба да бидат вклучувани сите сектори на општеството. Тука, од особена важност за постигнување траен мир и помирување, е активното вклучување на жените на преговарачка маса, со оглед на тоа што токму жените и децата страдаат од постојано насилство на овие простори.

За истакнување е и изјавата на претставникот на Авганистан во Советот за безбедност на ОН, според кого т.н. "борбена сезона" на Талибанците и другите терористички групи е речиси завршена, со оглед на фактот што тие групи не успеале да направат забележителни придобивки на теренот. Тој, исто така, истакнува дека е потребен засилен дијалог меѓу регионалните и светските сили. Во врска со мировните напори, тој нагласува дека процесот во Кабул е целосно оперативен и обезбедува сеопфатна рамка за хармонизирање на меѓународните и регионалните напори во тој контекст. Оттука, состанокот одржан во февруари на Талибанците им отворил можност за осуда на насилството и за приклучување кон мировниот процес. Истовремено, забележан е

[177] https://www.un.org/press/en/2017/sc13137.doc.htm

напредок во спроведување на проектите според кои Авганистан е замислен како копнен мост, бизнис центар на трговијата и транзитна рута помеѓу Централна Азија, Јужна Азија, Далечниот и Блискиот Исток.[178]

Дијалогот со Талибанците во периодот помеѓу 2002 и 2017 година воглавно вклучува документирање на жалбите на Талибанците во врска со произволните притвори и малтретирање на нивните членови од страна на посредници на моќ кои се поврзани со новите власти. На почетокот од овој процес, кој започнува во тајност, се регистрира поголема отвореност за дијалог од страна на вклучените команданти, поранешни талибански функционери, па дури и некои високи лидери, отколку во подоцнежните фази во конфликтот. Причините за ова се различни и лежат делумно во времето потребно за повторно воспоставување на раководните структури, а делумно и во надежта на Талибанците дека меѓународната заедница ќе забележи одредена неутралност меѓу нив и нивните авганистански ривали. Овој ран дијалог вродува со конкретни резултати, како што е, на пример, одлуката на Абдул Вахид - висок талибански претставник од северниот Хелманд - за реинтегрирање. Сепак, во периодот помеѓу 2008 и 2011 година, станува јасно дека реинтегрирањето само по себе нема да донесе трајни резултати. Оттука, во посочениот временски период се зголемуваат напорите за што поголемо инволвирање на Талибанците во дијалогот, што резултира со дури 12 различни канали на дијалог во 2010-та година (на пример, средбата на претседателот Карзаи со претставници на Талибанците во Саудиска Арабија, позната како „Процесот во Абу Даби“ инициран од Источно-Западниот институт; или форумите во Пешавар и Дубаи одржани од страна на Пугваш конференциите итн.). Во текот на 2010 година, владата на Авганистан започнува нова институционална инфраструктура за миротворење. Во таа насока, во јуни, во Кабул се состануваат повеќе од илјада делегати, во форма на Национален консултативен мир Џирга. На собирот се поддржува идејата за нова мировна иницијатива и се дава мандат за формирање на т.н. Висок совет за мир. Два други јавни настани од 2012 година, иницирани од државата, успеваат да донесат високи претставници на Талибанците, па дури и да се состанат со помош на претседателот Карзаи. Во јуни, истата година Талибанците праќаат свои високи претставници на средба во Кјото, а пак, во декември на

[178] Ibidem

собирот во Шантили, на кој присуствуваат и политичари кои претставуваат голем број авганистански интересни групи и изборни единици. На состаноците е најавено дека Талибанците одбиваат да се сретнат директно со авганистанската влада, а своето учество во нивната изборна единица го оправдуваат велејќи дека на тој начин ги објаснуваат политиките на нивниот Исламски Емират.[179]

Дијалогот кој се водел во Катар подолго време се чинело дека нуди надеж за отворање на патот кон преговори. Токму како резултат од овој т.н. „Катарски процес“, Талибанците изразуваат подготвеност да испратат своја делегација на средбите во 2012 година. Посредници во дијалогот помеѓу претставниците на Талибанците и американските официјални претставници, се германски дипломати во раните фази од овој процес, што придонесува токму Катар да прифати да биде домаќин на талибанската делегација. Присуството на талибанската делегација во Катар значи дека има постојана можност за дискретен дијалог. Сепак, првичните обиди да се постигне договор за размена на затвореници, прикажани како мерка за градење на довербата пропаѓаат, по што Талибанците прекинуваат секаков вид контакти со САД. Подоцна, официјалните претставници на САД вложуваат големи напори да го ревитализираат процесот на политички дијалог во 2013 година. Како резултат на тоа, истата година во јуни се најавува отворање на формална талибанска канцеларија и внимателно се составува талибанска декларација во која е содржана јасна намера за водење дијалог со авганистанските и меѓународните партии. Но, како и претходно, процесот одново е запрен, овој пат од владата во Кабул, која се спротивставува на препознавањето на делегацијата на Талибанците како квази-амбасада. По јуни, 2013 година, членовите на Политичката комисија се состануваат со дипломати од западните земји и со делегациите на ОН во Доха и во Обединетите Арапски Емирати. Тогаш, Талибанците повторно објавуваат прекин на разговорите со САД, но продолжуваат да работат на реализација на иницијалниот договор за ослободување на затворениците, кој се реализира во мај 2014 година, без формално поврзување со очекуваниот поширок политички процес.[180]

---

[179] Ibidem
[180] Ibidem

Од погоре направениот преглед на случувањата во Авганистан и на напорите да се отпочне процес на мировни преговори, може да се заклучи дека и покрај многуте стагнации и назадувања на целиот процес, сепак, обидите да се воспостави дијалог меѓу страните во конфликит, во голем степен се оправдани и неопходни. Од друга страна, искуството од Авганистан, укажува и на бројни слабости и на начини како процесот на дијалог може да се зајакне. Главен недостаток е што дијалогот започнува, без потполно да се земе предвид природата на Талибанците како организација. Ова значи дека сите страни во процесот не влегуваат подеднакво и целосно подготвени. Воедно, се добива впечаток дека ниту една страна во дијалогот не успева да ги искористи предностите на односите кои се воспоставуваат во раните фази од дијалогот, со цел истиот да се зајакне и да придонесе кон поголема успешност на идните преговори. Неуспехот на меѓународните напори за градење траен мир во Авганистан, меѓу другото, се должат и на тоа што изворите на конфликт се решаваат селективно, војувајќи против тероризмот, без да се вложува доволно во пошироки напори за градење структурна стабилност во регионот. Постои зголемена поддршка за основно преземање на акции и преиспитување на принципите и временските рамки на договорот од Бон, кој можеби ја заробува меѓународната заедница во краткорочна вежба за менаџирање на конфликти со цел да се добијат изборите во Авганистан, во исто време ограничувајќи го размислувањето за долгорочните импликации за спречување на конфликтите.[181]

Сепак, можност и простор за дијалог постои, тој е нужен предуслов за доаѓање до мирно решение на конфликтот и како таков треба да опстои и да се надградува. Ова е така, затоа што е јасно дека отворен воен пораз на бунтовниците веројатно би било тешко (ако не и невозможно) да се постигне. Оттука, одредени автори сметаат дека креаторите на политиката треба да го редефинираат концептот на "позиција на сила" и да спроведат политичко решение кое ќе промовира правични, инклузивни и ненасилни пристапи кон конфликтот.[182] Компаративната перспектива за мировните процеси би можела да помогне да се внесе нова енергија во напорите да се размислува за обликот што би можел да го добие мировниот процес во Авганистан. Еден од начините е преку помагање да се

[181] Goodhand, J. & Bergne, P. (2004). *Evaluation of the Conflict Prevention Pools. Afghanistan Case Study*. Evaluation Report 647. Department for International Development. Bradford University

[182] Waldman, M. & Ruttig, T. (January, 2011). Theories of conflict resolution and their applicability to Afghanistan. *Afghanistan Analysts Network Discussion Paper*

информира за национален дијалог насочен кон инклузивни мировни процеси. Иако дијалогот од ваков тип не е замена за вистински мировен процес, тој сепак, може да помогне ваквиот процес да се олесни.[183]

Според Ширч и соработниците[184], во Авганистан треба да се имплементира сеопфатен мировен процес кој ќе биде насочен кон три области: развивање на политички договорено решение, зголемување на легитимноста на авганистанската влада и градење на национален јавен консензус за идните односи меѓу различните групи. Мировниот процес во Авганистан треба да вклучи создавање, координирање и секвенционирање на сет од структурирани механизми, форуми и преговарачки маси за партиципативно разгледување и донесување одлуки кои вклучуваат различни засегнати страни, регионални земји, но и сите нивоа на авганистанското општество. Во оваа смисла, за успешен мировен процес ќе се смета оној кој ќе ги комбинира преговорите на високо ниво, со "вертикални" процеси кои ги поврзуваат овие преговори со процесите на јавен дијалог на начин кој е транспарентен, непристрасен и инклузивен.

## 6.3. Блиски Исток – Случајот на Ирак

Многу причини лежат во основата на насилните и деструктивни форми на конфликтот во Ирак. Според некои извори, оваа земја веројатно има една од најлошите статистики за насилство во светот денес. Насилството во Ирак е повеќеслојно и постои на различни нивоа. Во извештајот на УНХЦР од 2007 година[185], стои дека насилството во оваа држава вклучува бунт и тероризам, вооружени групи кои вршат насилство од политички или секташки причини, организиран криминал, контра-бунтовници и воени операции од страна на ирачките безбедносни сили (ИБС) и Мулти-националните сили во Ирак, интра-секташки (шиити против шиити и сунити против сунити), како и видови племенско насилство. ИБС и понатаму се соочуваат со сериозни предизвици во

---

[183] Hartzell, C.A. (2014). *A Comparative Perspective on an Afghan Peace Process: Why, When, Who and What?* Afghanistan: Opportunity in Crisis Series No. 7. Chatnam House, The Royal Institute of International Affaires
[184] Schirch, L.; Raffiee, A.; Sakhi, N.; & Wardak, M. (2011). *Designing a Comprehensive Peace Process for Afghanistan.* United States Institute of Peace. Washington DC
[185] United Nations High Commissioner for Refugees Iraq Operation (December, 2007). *Framework for Conflict-sensitive programming in Iraq.* UN

одржувањето на законот и редот во земјата, стои нотирано во посочениот извештај. Исто така, во Извештајот се посочува дека сите страни во конфликтот се вмешани во сериозни прекршувања на законите на војната, вклучувајќи ги и воените злосторства. Интензитетот и видот на конфликтите значително варираат во различните региони на Ирак. Така, на пример, насилството на сунитските бунтовници е помалку честа појава на Југот, со оглед на тоа што е хомогено населението на претежно арапски шиитски муслимани. Во истиот Извештај стои и дека меѓу почестите видови на насилство се интра-шиитските борби, насилството врз жените, насилството поврзано со организираниот криминал, племенското насилство и секташките напади врз сунитите и другите верски малцинства. Иако цивилното население во Басра, Багдад и Бакуба може да биде слично погодено од насилство како целина, причините за ова насилство потекнуваат од различни извори. Според тоа, активностите кои се наменети за решавање на ова насилство може да бидат мошне различни во зависност од локацијата.

Причините за повеќедецениското опстојување на конфликтот во Ирак се различни и многубројни. Помеѓу нив најчесто се наведуваат пролонгираниот политички вакуум, слабиот и нестабилен судски систем, како и актуелизирање на минати неправди. Постоечкиот конфликт, меѓуетничкото насилство и недостатокот на помирување на политичко ниво, го спречуваат повторното воспоставување на безбедноста, реконструкцијата и обезбедувањето на основни услуги за граѓаните на Ирак. Ова понатаму, создава атмосфера на разочарување од политичкиот процес, како и дискредитација на најголемиот број од вклучените актери. Ваквата состојба е плодна основа, а со тоа и значителен ризик фактор, за регрутирање на разочарани, невработени и маргинализирани млади луѓе за приклучување во вооружени групи и криминални организации. Распуштањето на поранешната ирачка армија и останатите негативни процеси кои следуваат, ги остава ирачките институции без искусен персонал. Извештаите на меѓународните организации регистрираат неефикасни и нетранспарентни вработувања. Како резултат на тоа, државните институции немаат соодветно ниво на обучени експерти, како од технички аспект, така и во однос на управувањето со човечките ресурси. Ова е особено проблематично со ирачката полиција, каде голем број полицајци се неписмени или поседуваат криминално досие, стои во дел од извештаите. Конечно, поранешните членови на распуштената партија Ба'ат и агенциите за безбедност на поранешниот режим,

се соочуваат со прогон во многу делови од земјата. Недостатокот на видлива и транспарентна транзициона програма за правда доведува до тоа некои луѓе – жртви на кршењата на човековите права од претходниот режим – самите да бараат излез и решение (неретко земајќи ја правдата во свои раце).[186]

Многу Ирачани имаат тенденција за насилството во Ирак да ја обвинуваат "окупацијата" и присуството на странски сили, наведувајќи ја широката употреба на сила како пример за деструктивно странско влијание врз ирачкото општество. Мулти-националните сили во Ирак, исто така, поддржуваат и вооружуваат некои ирачки групи (т.е. Сахвас) едни против други, со цел да се подобри безбедносната ситуација во центарот на Ирак. Од друга страна, одредени милиции кои се поврзани со политичките партии, се вклучени во меѓусебно насилство или во насилство кон нивните противници. Делови од ирачките безбедносни сили, задолжени за воспоставување на законот и редот, се погодени од корупција и се под влијание на милициите (кои, патем, се паравоени формации), со што стануваат главен фактор на несигурност извршувајќи насилство против Сунитите и другите малцинства. Од аспект, пак, на верските водачи, некои промовираат помирување меѓу различните групи во Ирак и го осудуваат насилството помеѓу сектите, додека други се обвинети за поттикнување токму на таков вид насилство.[187]

Во март, 2003 година САД и коалиционите партнери започнуваат воздушни и копнени напади врз Ирак. Основата на нападите е сомневањето дека тогашниот претседател Садам Хусеин поседува оружје за масовно уништување и дека ги поддржува терористите кои на 11 септември, 2001 година извршуваат напад врз Светскиот трговски центар во Њу Јорк, во кој загинуваат голем број цивили. Целта на нападите на САД и партнерите (пред сè, В. Британија), е да се симне режимот на Хусеин и Ба'атистите кои се на власт. Сепак, како што нагласува Кендал-Хоуп (2014а)[188], десетина години подоцна, се покажува дека информациите со кои располагале САД и коалиционите партнери во 2003

[186] United Nations High Commissioner for Refugees Iraq Operation (December, 2007). *Framework for Conflict-sensitive programming in Iraq.* UN
[187] Ibidem
[188] Kendall Hope, M. (2014a). *The Middle East: How Conflict Resolution can Extinguish Terrorism.* Pax Pugna Publ. North Carolina

година не биле до крај точни. Некои автори (пр. Lieberfeld, 2005)[189], во некои аспекти ја оценуваат одлуката за инвазија како одлука без преседан, особено во врска со големата американска воена вмешаност во една Арапска или муслиманска земја. Трупите на САД кои се пратени во Ирак, имаат за цел да го намалат и спречат насилството помеѓу различните секти, што според Кендал-Хоуп, може да има и позитивни и негативни ефекти. Иако, трупите имаат потенцијал да го одржуваат мирот, клучниот проблем, сепак, останува, а тоа е како најпрво да се дојде до мирот кој треба да се одржува. И покрај сè, насилствата во Ирак се присутни и ден денес. На тој начин, уште еднаш се потврдува фактот дека без холистичко разбирање и приод кон решавање на конфликтот, не може да се постигне трајно решение кое ќе го гарантира мирот долгорочно и на сите нивоа.

Според годишниот извештај на Меѓународниот институт за истражување на мирот во Стокхолм[190], граѓанската војна продолжува да покажува трендови кои се евидентни уште од 2011 година, вклучувајќи ја секташката поларизација и намалувањето на надлежностите на централната влада. Власта на Шиадомини од Нури ал Малики во сунитските арапски области во суштина се трансформира во "пропадната држава", оставајќи ги ранливи на ИСИС, која во јуни презема неколку градови. Подоцна, на местото на Малики доаѓа Хајдер ал-Абади, што, сепак, не придонесува кон суштинска разлика, бидејќи ирачката армија останува во голема мера зависна. Шиитските милиции поддржувани од Иран го отежнуваат поврзувањето со сунитските арапски подрачја. Од јануари, 2014 година, ИСИС е присутна во источниот дел на Сирија освојувајќи ја Рака како свое упориште, а од јуни, 2014 година ги окупира и областите во северниот дел на Ирак, вклучувајќи ги Мосул и Тикрит. Исто така, ИСИС се бори и со курдските сили поврзани со ПКК за северниот сириски град Кобане. Во случајов, курдската политика е уште една клучна состојка во двата конфликти. Постоечкото институционализирано ривалството меѓу Курдистанската демократска партија (КДП) и на Патриотската унија на Курдистан (ПУК) во Ирачката регионална влада на Курдистан, е испреплетено со сложените регионални области: КДП во сојуз со Турција и САД; и ПУК во сојуз со Иран и

---

189 Lieberfield, D. (2005). Theories of Conflict and the Iraq War. *International Journal of Peace Studies*, 10 (2), 1-21

190 SIPRI Yearbook (2015). *Armaments, Disarmaments and International Security*. Stockholm International Peace Research Institute

ПКК. Порастот на влијанието на ПКК во Ирак по настаните од 2014 година, може да се покаже како долгорочен знак, се цени во годишниот извештај на овој Институт.[191]

Клучните прашања поврзани со Блискиот Исток, околу кои опстојува една сложена дилема, се однесуваат на тоа како на овие простори да се воспостави траен мир по повеќедецениски насилни конфликти и како да се намали ризикот од тероризмот во иднина? На прв поглед се чини дека ваквата мисија е невозможна (барем според состојбите на теренот), бидејќи процесите на напредок постојано се соочуваат со стагнација и/или се враќаат на почеток. Па сепак, постојат примери кои покажуваат дека со многу трпеливост, добра волја и меѓусебно разбирање од сите страни, нештата можат барем за одредено време да се придвижат кон подобро. Во прилог на ова говори Извештајот на UNDP објавен во февруари, 2009 година[192], каде е наведен пример за улогата и значењето на дијалогот во отварањето на обидите за мирно решавање на конфликтот во Ирак [193]. Имено, во извештајот стои дека во септември, 2007 година, ирскиот мировен ветеран О'Мали, користејќи го своето искуство во Северна Ирска и во Јужна Африка, собира повеќе од десетина релевантни Ирачани во Хелсинки. Во април, 2008 година, се одржува нов состанок со цел да се зголеми бројот на релевантни учесници, со уште повлијателна група на Ирачани во општеството, меѓу кои и претставници на владата, граѓанското општество и академијата. Поранешниот шеф на Ирската републиканска армија и на Африканскиот национален конгрес, исто така, се приклучуваат на разговорите за разгледување на можностите за разрешување на конфликтите. Целта на овие неформални состаноци е да се зборува за перспективата на Ирачаните и за нивните потреби. Преку дијалог, слично како во Северна Ирска и во Јужна Африка, општествата во војна би можеле да ја отфрлат недовербата и да се обидат да изградат односи, премостувајќи ги меѓусебните разлики. До крајот на разговорите во Хелсинки, Ирачаните постигнуваат согласност околу седумнаесет принципи, почнувајќи од почитувањето на правата на малцинствата, па сè до повторно вклучување на поранешните ба'атисти во

---

[191] Ibidem

[192] UNDP (February, 2009). Why dialogue matters for conflict prevention and peacebuilding? UN http://www.undp.org/content/dam/undp/library/crisis%20prevention/dialogue_conflict.pdf

[193] "Bringing Iraqis to the Table," The Boston Globe (April 25, 2008). http://www.boston.com/news/nation/articles/2008/04/25/bringing_iraqis_to_the_table

владата. Насилството во Ирак оттогаш е намалено, иако политичко помирување допрва треба да се постигне.

Она што досегашното искуство со сигурност го покажува, е дека милитарните решенија сами по себе не се ниту ефикасни, ниту доволни за трајно решавање на проблемите. Напротив, циклусот на насилство се повторува предизвикувајќи сè подлабоки конфликти. Сепак, кога треба да се донесе одлука, како и зошто да се преговара со терористите, предвид треба да се земат неколку критериуми кои ги разликуваат самите терористи и тероризмот, што директно влијае врз изборот дали да се влезе во преговори (односно, дали има основа да се очекува дека постои реална можност преговорите да успеат) или не. Во таа насока, релевантната литература (пр. Zartman, 2008)[194] посочува дека постојат т.н. апсолутни и контингентни (инструментални) терористи. Првите (како што се, на пример, бомбашите-самоубијци) извршуваат терористички акции кои се не-инструменталистички и самоусогласени, односно завршуваат со самото нивно извршување и не се средство за постигнување на некоја друга инструментална цел. Апсолутните терористи уште се делат на условно апсолутни и тотално апсолутни (или револуционери). Со тотално апсолутните не може да се преговара, бидејќи нема за што, ниту со што да се преговара (иако некои влади прават и такви обиди), со оглед на тоа што без оглед дали причината за акцијата е светска општествена и политичка револуција или непосреден пристап до небесната награда, таа станува неостварлива амбиција во земниот живот и се користи за да се оправда целосната тактика и крајниот исход.

Од друга страна, контингентниот или инструментален тероризам, опфаќа голем дел од литературата за преговорите со терористите (главно во врска со земањето заложници). Контингентните терористи ги користат животите на жртвите за други цели, па дури и бараат преговори. Нивна основна цел е да ги разменат своите жртви за публицитет, откуп или ослободување на нивни членови. Насилството кај овој вид тероризам не е дефинитивно или апсолутно. Поточно, само дел од насилството се реализира преку чинот на земање заложници, а остатокот се спроведува во загрозувањето на нивната судбина, доколку поставените барања не им бидат исполнети. Помеѓу категориите на тотално апсолутни и инструментални терористи, се наоѓаат условните апсолутни терористи, кои

[194] Zartman, W. (2008). *Negotiation and Conflict Management. Essays on Theory and Practice*. Routledge. NY.

имаат нешто за што би преговарале (на пример, територија, независност, услови), дури и тогаш кога нивните суицидални тактики се апсолутни. Овие терористи не се инструментални, тие не бараат преговори како дел од нивниот чин на дејствување. Сепак, за нивните барања може потенцијално да се преговара, што зависи и од оној со кого преговараат. Оттука, мошне е важно е да се поделат терористите, одделувајќи ги инструменталните и условните апсолути од тоталните апсолути, што значи да се создадат услови за нешто што е реално и остварливо (како што е направено во случајот со ИРА)[195].

Овде може да се повлече паралела со искуствата од Ирак, каде се присутни наведените форми на тероризам. Имено, долг низ години, се повторуваат напади врз трупите на САД, кои се прошируваат во насилство помеѓу Шиитската милициа и припадниците на Сунитите, и обратно. Од друга страна, и Шиитската и Сунитската милициа извршува напади врз трупите на САД и коалициските партнери низ целата територија на Ирак. Владата, пак, се чини дека е немоќна да ги спречи ваквите напади кои со себе повлекуваат и цивилни жртви[196]. И покрај значајните исчекори кон решавањето на Ирачкиот конфликт кои се веќе направени, сè уште останува долг пат кон постигнување на целосно решение и создавање на услови за реконсилијација помеѓу сите страни.

Во овој контекст, покрај влијанието на културата и суб-културите, на политичката култура и идеологијата, не смее да се занемари и влијанието на медиумите и пропагандата. Денес, терористите активно и ефикасно ја користат пропагандата за добивање поддршка од поединци и од групи, не само во Ирак, туку и во други земји од Блискиот Исток. Праксата континуирано покажува дека во многу случаи оваа пропаганда е успешна. Причините за тоа лежат во споделувањето на иста или слична култура и вредносен систем. Земјите од Западот најчесто се сметаат за непријатели кои вистински не ги разбираат нивните потреби и сакаат да ги акултурализираат, менувајќи им ги законите, системот на верување, начинот на живот итн., што задира директно во нивниот идентитет. Токму затоа, голем број поединци од Блискиот Исток симпатизираат со и ги поддржуваат радикалните Исламистички групи, бидејќи тие им се културолошки многу поблиски,

---

[195] Ibidem

[196] Kendall Hope, M. (2014a). *The Middle East: How Conflict Resolution can Extinguish Terrorism*. Pax Pugna Publ. North Carolina

односно се дел од нивната култура и се „борат да ги одбранат" нивните вредности и потреби (во случајов, по насилен и деструктивен пат).[197]

Иако случајот на Ирак е уникатен според многу свои карактеристики, Ратмел (2005)[198], посочува на неколку значајни заклучоци кои би биле корисни за спроведување и управување со идните операции за пост-конфликтна реконструкција во оваа земја. Воедно, самата сложеност и тежината на овој случај, придонесуваат стабилизацијата и реконструкцијата да бидат долги и континуирани, но сепак, крајно неопходни процеси за воспоставување на траен мир помеѓу страните во конфликт. Оттука, Ратмел го објаснува четириаспектниот модел преку кој можат да се разберат компонентите на меѓународната мисија за постконфликтна реконструкција во Ирак. Според овој модел, вложувањата од страна на меѓународниот фактор преку обезбедување финансиска помош, меѓународни сили или советници, понатаму се мобилизираат низ процес на управување, раководен од меѓународна мисија, а насочен кон исходи како што се, зајакната администрација и институции, обучени локални безбедносни сили и слично, што на крајот би придонело да се постигнат посакуваните резултати меѓу кои на прво место се мирот, стабилноста и демократската политичка транзиција.

Земено во целост, Ирак не е ветувачко опкружување за постигнување на целта за градење на мирен, демократски, и слободен пазар. Оваа земја се соочи со неуспех во обидот да се развие во кохезивна национална држава, по повеќе од половина век соочување со насилство и конфликти кои ја ослабнаа економијата и правниот систем. Сепак, реалноста на поствоениот Ирак не е потполно разбрана, бидејќи разликите помеѓу таа реалност и претпоставената ситуација се толку круцијални за судбината на окупацијата, што според Ратмел може да се означат како "изненадувања" (2005, стр.1023)[199]. Во таа насока, првото изненадување (во случајов, позитивно), е отсуството на големи хуманитарни кризи. Второто изненадување, по падот на Садам Хусеин, се однесува на дезинтеграцијата и парализата на владејачките институции, особено структурите на законот и редот. Третото изненадување е поврзано со појавата на голем

---

[197] Ibidem

[198] Rathmell, A. (2005). Planning post-conflict reconstruction in Iraq: what can we learn? *International Affairs* 81 (5), 1013-1038

[199] Ibidem

број бунтовнички и терористички напади, за кои не се очекувало да бидат значаен предизвик за коалицијата или новата ирачка држава. Праксата во случајот на Ирак покажува дека задачите на стабилизација, градење на мирот и градењето на државата претставуваат сериозен предизвик. Она на што интензивно треба да се работи, се политичката и економска трансформација, со што ќе се обезбеди поопшта стабилност и перспективност на државата. Сето ова подразбира внимателно планирање на секој чекор од процесот и вклучување на сите расположливи механизми за негово успешно имплементирање.

Уште два обиди за решавање на конфликтите во Ирак, преку едукација и поттикнување на дијалог, заслужуваат внимание. Првиот обид ги опфаќа активностите на Мерси Корпс, во почетокот на 2009 година. Резултатите од активностите во периодот 2009-2010 година, се соопштени во специјалниот двогодишен Извештај на организацијата.[200] Во овој извештај, како една од главните придобивки од спроведените активности, е поддржаната мрежа од вкупно 87 ирачки лидери кои се посветени на промовирање на добро владеење и помирување преку преговори засновани врз консензус. Врз основа на ова, воспоставена е инклузивна мрежа на ирачки преговарачки експерти, составена од Сунити и Шиити, Арапи и Курди, племенски старешини, верски водачи, владини претставници, политичари и претставници на граѓанското општество од секој регион во Ирак. Овие експерти се обучени за решавање на спорови, преку интензивно менторство и поддршка за директна примена на нови вештини на преговарање и медијација. Резултатите од примената на ваквиот приод се 130 разрешени спорови од страна на овие експерти, почнувајќи од племенски конфликти околу земјата, тензии меѓу граѓаните и владата над службите, па сè до спорови околу изборите и судири меѓу ривалските фракции на ирачката армија и полицијата. Посебно значајно е тоа што може да се измери намалувањето на насилните инциденти по спроведените интервенции. Конечно, долгорочните придобивки од оваа едукација се пресликани во посветеноста на експертите да го продолжат нивното ангажирање во преговорите и медијацијата, давајќи свој

[200] Mercy Corps (January, 2009-December, 2010). *Governance Promotion through Conflict Management in Iraq (GPCMI). Final Evaluation: Results, Lesson learned and Recommendations for future programming.* https://www.mercycorps.org/sites/default/files/mercy_corps_iraq_gpcmi_final_evaluation_2011-06-02_2.pdf

придонес во процесот на решавање на конфликтите и воспоставувањето на траен мир на овие простори.

Вториот обид е поврзан со активностите на Глобалните заедници преку Програмата за акција на заедницата (ПАЗ), финансирана од USAID, која започнала во јуни, 2003 година, а завршила во септември, 2012 година. Како што е нотирано во извештајот на оваа организација од февруари, 2013 година, Глобалните заедници се една од неколкуте организации кои ја имплементираат оваа програма, директно надгледувајќи го нејзиното спроведување најпрво во провинциите Бабил, Карбала и Наџаф, а и во Кадисија, Васит и Анбар. Програмата е реализирана во три фази и со текот на времето се развива во сеопфатен напор кој гради основа за демократски механизми и механизми за застапување на граѓаните. Првите две фази од оваа програма имплементирани во периодот помеѓу 2003 и 2008 година, се фокусирани првенствено на градење на капацитетите на заедничките акциони групи за премостување на јазот во локалната самоуправа и остварување на локалната демократија, преку спроведување на самостојни проекти и проекти во партнерство со локалната власт. Третата фаза имплементирана од 2008 до 2012 година, најмногу се фокусира на унапредување на развојот на заедницата, преку градење на капацитетите на локалните власти со цел да ја преземат својата соодветна улога во управувањето. На тој начин, преку ваквите заеднички активности, даден е значителен придонес кон развој на дијалогот, меѓусебната кохезија и стабилноста во заедницата.[201]

## 6.4. Блиски Исток – Случајот на Сирија

Конфликтот во Сирија официјално започнува во март, 2011 година. На почетокот, прикажан како движење за социјална правда и достоинство за сите, наскоро станува сѐ појасно дека прераснува во нешто многу повеќе од она што се случува во земјите зафатени од т.н. „Арапска пролет“ (Ghabra, 2013; според Fontan, 2015)[202]. Разликите се видливи уште на самиот почеток, поради релативно хетерогените манипулации на

[201] Holsten, M.; Tilock, K.; Korir, S.; & Fawzy, M. (2013). Partners for Peace: Community and Conflict Resolution “We are the people, we are the problem, we are the solution.”Global Communities. Partners for Good

[202] Fontan, V. (2015). Out Beyond Occupy Fallujah and the Islamic State in Iraq and Sham, there is a field… In: Tellidis, I. & Toros, H. (Eds.). *Researching Terrorism, Peace and Conflict Studies. Interaction, synthesis and opposition.* 165-186 Routledge, NY

различни религиски мотивирани фракции. Владата во Сирија, претставена од Шиитското малцинство, успева да ја кристализира религиозната и терористичката димензија на настаните, веднаш по потиснувањето на, главно, сунитската популација (Burgat & Caillet, 2012; според Fontan, 2015). Во декември, 2012 година, официјално е формирано т.н. движење „Окупирај ја Фалуџа" како ненасилно движење за општествени промени на Ал-Каеда, кое произлегува од провинцијата Анбар и пошироко.[203]

Некои автори[204], сметаат дека агендата за конфликт помеѓу Шиитите и Сунитите, е поставена уште за време на инвазијата врз Ирак, во 2003 година, од страна на САД и колиционите партнери. Тоа го користат борците на ИСИС да се вклучат во обидот да го соборат Сирискиот претседател Башар Ал Асад. ИСИС во Ирак не успева да го оспори шиитското политичко мнозинство. Наскоро, други сунитски муслимански држави, како што е Катар, а подоцна и Саудиска Арабија, интервенираат, вооружуваат и поддржуваат голем број различни групи, од кои некои се поврзани и со Ал Каеда (Oweis 2014; според Fontan, 2015)[205]. На тој начин, она што започнува како бунт и борба за социјална правда и достоинство за сите, набрзо прераснува во тежок интрарелигиски конфликт кој излегува надвор од контрола.

Со почетокот на востанието против владата во Сирија во 2011 година, режимот на претседателот Асад ги денотира противниците како терористи, со цел да ги дискредитира во очите на умерените Сирijци и западните влади. Ако се анализира самиот почеток, демонстрациите против Асад и неговата влада започнуваат релативно мирно и во голема мера се позиционираат секуларно, иако корените се главно во сириското сунитско мнозинство. Насилствата кои уследуваат во почетокот на 2012 година во градот Хола, им се припишуваат на многу исламистички екстремисти кои се ослободени од затворот Седнаја во близина на Дамаск, во март 2011 година. Во исто време се уапсени десетици илјади либерални и секуларни демонстранти. Како последица на овие случувања, бунтот бргу станува сè помалку секуларен, а сè повеќе секташки и насилен. Паралелно со ова, подемот на ИСИС, исто така, има предност, од гледна точка на Дамаск, за да ги одвлече повеќето секуларни бунтовници од нивната борба против владата. Имено, самата

[203] Ibidem
[204] Ibidem
[205] Ibidem

идеологија на ИСИС е цврсто спротивставена на секуларистите. Притоа, една од клучните цели на ИСИС е насочена кон уривање на владата во Сирија.[206]

Кон ескалирањето и радикализацијата на конфликтот во Сирија придонесуваат и други фактори. Меѓу нив се непријателството и насилството меѓу различните групи во бунтот. Уште една причина е што "умерените" бунтовнички сили не успеваат да се здружат во добро организирана и ефективна сила, делумно поради конфликтните поединци и цели, но делумно и поради недостаток на јасна поддршка од надвор. Слободните борци на сириската армија неретко се обвинети за корупција, грабежи и неправедно конфискување на имотот. Ваквата состојба придонесува да расте бројот на поддржувачи на радикалните фракции, делумно и поради тоа што многу групи се подобро снабдени со оружје и имаат на располагање значителен број ресурси. Со тек на време, очигледна станува индиректната поддршка што радикалните групи ја добиваат од други земји (тука, директен сомнеж паѓа врз Саудиска Арабија, а подоцна и врз Катар). Поради тоа, Саудијците и другите државјани на земјите од Заливот, сè повеќе се обвинуваат за лиферување финансиски средства за овие групи, иако официјалните претставници ги негираат таквите обвинувања нарекувајќи ги инсинуации[207].

Како што времето изминува, состојбите на теренот укажуваат на тоа дека ИСИС станува една од најмоќните џихадистички групи во Сирија, контролирајќи ја територијата што вклучува нафтени полиња. Генезата на настаните покажува дека во почетокот на 2014 година, секуларистичките бунтовници спроведуваат контра-офанзива со што го носат ИСИС до провинциите Латакија и Идлиб. Групата, исто така, целосно ја презема контролата над провинцијата Рака во август, 2014 година. Подемот на ИСИС и видливата иницијална неподготвеност на Западот да се вклучи во решавање на конфликтот во Сирија, од една страна, како и постојаната поддршка од Иран и Хизболах од друга страна, придонесува режимот на Асад да ја зацврсти својата позиција. До крајот на 2014 година, бунтовничките сили на Сириската национална коалиција немаат целосна контрола над ниту еден голем град во Сирија. Сепак, од неодамна сириската влада повторно успева да ја

[206] Page, R. (2015). *ISIS and the sectarian conflict in the Middle East*. House of Commons. International law, International Affairs and Defence Section, ISSN 1368-8456

[207] Ibidem

преземе контролата врз двата најголеми градови - Алепо и Дамаск - како и врз клучниот коридор меѓу нив[208].

Што се однесува до интервенции од други земји, неопходно е да се нагласи дека истите имаат значително повеќекратно влијание. Ова придонесува кон сложеноста на конфликтот, што го отежнува постигнувањето на каква било резолуција. Во насока на обидите да се отпочне процес на преговарање и дијалог кој би придонел кон смирување на регионалните тензии, за издвојување е иницијативата на Хилтерман од Меѓународната кризна група, кој предлага да се воспоставуви регионална конференција за безбедност, на која министрите за надворешни работи и одбрана од регионот би можеле да се состанат за да помогнат во барањето на најсоодветно решение на конфликтот. Ако се анализираат рекациите на дел од земјите од регионот и од светот, станува јасно дека декларативно, ниту една од нив не ги поддржува активностите и дејствијата на ИСИС. Во таа насока, на пример, на 26 септември, 2014 година, амбасадорот на Саудиска Арабија во Велика Британија, Мохамед бин Наваф Ал Сауд, дава изјава во која го осудува ИСИС и ветува дека Саудиска Арабија ќе преземе дејства против оваа терористичка организација.[209]

Што се однесува до реакциите на Катар, кој е обвинет дека е премногу „мек" и дека, наводно, им помага на екстремистички групи финансирајќи ги, за одбележување е реакцијата на Министерот за надворешни работи на оваа земја, кој негира каква било поврзаност со ИСИС. Јордан, од своја страна, во септември, 2014 година се приклучува кон интервенциите, ветувајќи воена поддршка за борбата против ИСИС. Јорданските авиони учествуваат во воздушни напади врз позициите на ИСИС во Сирија. Позицијата, пак, на Иран е мошне контроверзна. Според многумина, отстранувањето на Садам Хусеин од власт во Ирак, е главен стратешки подарок за Иран. Режимот на Асад во Сирија, исто така, е исклучително значаен за Иран. Ова доаѓа оттаму што, до воспоставувањето на избори во Ирак, Сирија е единствената арапска држава која е сојузник на Иран и која претставува важен мост за другите големи арапски сили на Иран – поточно – на Хезболах во Либан. Иран е можеби главен поддржувач на сириската влада во конфликтот, поддржан од либанската Хезболах. Конзистентната поддршка на Иран и Хезболах за владата на

[208] Ibidem
[209] Ibidem

Асад во Сирија е клучна во помагањето на истата таа влада во Дамаск да се врати од тешката ситуација во која се нашла во 2012 година. Техеран придонесува кон борбата против ИСИС, помагајќи да се организираат шиитски милиции, кои се важен дел од борбата по неуспесите на ирачката армија.[210]

Амбивалентни релации со ИСИС има и Турција. Имено, турската владејачка партија (АКП), е исламистичка партија, оддалечена од традиционалниот секуларизам на Ататурк. Како и другите влади во регионот, таа се позиционира на средина - меѓу обидот да ја спречи заканата од ИСИС преку границата во Сирија - истовремено провоцирајќи насилни реакции од екстремистичките сили во Турција. Сепак, турската влада цели и кон промена на режимот во Дамаск, бидејќи за неа тој е поголема закана од ИСИС. Друг фактор во односите на Турција со ИСИС, е битката на ИСИС со сириските Курди. По почетокот на конфликтот во 2011 година, сириските Курди успеваат да ја преземат контролата врз голем дел од претежно курдските области во североисточна Сирија. Меѓутоа, како што моќта на радикалните групи во сирискиот конфликт се зголемува, борбите избиваат помеѓу курдските групи и радикалните исламистички групи. Турција има интерес во оваа борба, поради историскиот конфликт меѓу курдските сепаратисти и државата Турција. Турција првично не се приклучува кон коалицијата предводена од САД, но на 24 септември, 2014 година, владата сепак издава соопштение во кое се вели дека Турција ќе ги поддржи операциите.[211]

Реакцијата на Израел во сирискиот конфликт на почетокот е воздржана. И покрај историјата на конфликти помеѓу Израел и Сирија, односите помеѓу овие две земји се студени, но сепак, стабилни. Израел во декември, 2014 година го напаѓа конвојот на возила за кои се претспоставува дека земаат воена опрема за Хезболах. Потоа, на 18 јануари, 2015 година, Израел извршува воздушен напад над Голанската висорамнина, при што загинува еден ирански генерал и шест милитанти на Хезболах. Израел сè уште ги ограничува своите активности во Сирија и Либан, а сириската влада е претпазлива во одговорот на акциите на Израел. Башар ал-Асад нема интерес да ги антагонизира Израел и САД кога постои можност Западот да го префрли својот фокус од неговото соборување

[210] Ibidem
[211] Ibidem

кон поразување на ИСИС. Сепак, доказ дека ситуацијата е мошне ранлива е јануари, 2015 година, кога Хезболах испукува пет проектили кон израелски воен конвој, во знак на одмазда за израелскиот напад од 18 јануари, на територија на Сирија.[212]

Што се однесува до учеството на САД, на почетокот, администрацијата на тогашниот претседател Обама е претпазлива и не се решава да одобри акции во Сирија. Сепак, денес САД активно учествува во воздушни напади врз ИСИС во Ирак и против ИСИС и Џабат ал Нусра во Сирија. Притоа, постојат неколку причини зошто САД се чинат поподготвени да реагираат на настаните во Ирак, отколку во Сирија. Имено, во Ирак постојат значајни американски политички и материјални инвестиции кои треба да се штитат. Ирачката влада, која голем број сили ја сметаат за легитимна, меѓу кои и повеќето ирачки сунити, и покрај сè, сепак има релативно блиски врски со Вашингтон. Во Сирија, пак, Русија става вето на обидите да се усвојат резолуциите на Советот за безбедност, кои го загрозуваат опстанокот на сириската влада. Руските официјални лица, од своја страна, честопати ја обвинуваат западната и, особено, американската интервенција за нестабилноста на Блискиот Исток. Начелно, Русија ја поддржува кампањата на Западот против исламистичките екстремистички групи (на пример, во Авганистан). Сепак, случајот на Сирија е исклучок од таквата соработка. Русија е на страна на владата на Башар ал Асад, за што говори континуираната поддршка на Дамаск со резерви на оружје, и има значително, но ограничено влијание во овој регион. Оттука, поддршката на Русија за владата во Дамаск веројатно би го намалила понатамошното влијание меѓу многуте арапски држави со сунитско мнозинство[213].

Сите претходно разгледани интервенции се во суштина милитарни и, како што покажуваат состојбите на теренот, имаат успех во делот на физичко и материјално уништување на терористичките упоришта во земјата. Во однос на обидите да се започнат политички преговори околу случајот на Сирија, преземени се неколку конкретни чекори[214]. Првиот е Женевскиот процес од 2012 година, во кој владата на Сирија и претставници на опозицијата влегуваат во преговори со посредство на ОН. Целта на овој

[212] Ibidem
[213] Ibidem
[214] Humud, C.E.; Blanchard, C.M.; & Nikitin, M.B.D. (October, 2017). *Armed Conflict in Syria: Overview and U.S. Response*. Congressional Research Service, USA

процес, односно на т.н. „Женевски договор“, е да се формира преодно раководно тело со целосни извршни овластувања – опција која е прифатена и од САД и од Русија. Сепак, последователните преговори постигнуваат многу мал напредок, бидејќи двете страни усвојуваат различни толкувања на договорот. Главниот „камен на сопнување“, е разликата во толкувањето на улогата на претседателот Асад, за кого опозицијата инсистира да биде исклучен од која и да било преодна влада во иднина, додека сириската влада тврди дека во овој договор не стои експлицитно барање за изземање на Асад, кој е реизбран (по пат на референдум) во 2014 година. Ставот на сириската влада е дека преодна влада може да се постигне со едноставно проширување на постојната влада вклучувајќи припадници на опозицијата. Притоа, неопходен услов за реализирање на ваква политичка транзиција е потполно поразување на тероризмот. Во првата половина на 2017 година, претставници на сириската влада и на сириските опозициски групи повторно се состануваат на индиректни преговори во Женева, но без значителен напредок. Последната рунда преговори се одржува во Женева на 10 и 14 јули, додека, пак, во септември, 2017 година, в.д. помошник-секретарот за блискоисточни работи, Дејвид Сатерфилд, изјавува дека меѓународната заедница нема да учествува во реконструкцијата на Сирија доколку не се спроведе веродостоен политички процес.[215]

Вториот значаен процес, е процесот на повеќекратни разговори во Астана, Казахстан. Во декември 2016 година, министрите за надворешни работи и одбрана на Русија, Иран и Турција се состануваат во Москва. Тема на разговорите е политичка резолуција за конфликтот во Сирија. По разговорите, страните излегуваат со заедничка изјава во која се наведува сет принципи за иден мировен договор. Следствено на ова, на 29 декември, 2016 година, Русија и Турција објавуваат нов договор за прекин на огнот што ќе биде проследен со мировни разговори во Казахстан еден месец подоцна. На 31 декември, 2016 година, Советот за безбедност на ОН едногласно ја усвојува Резолуцијата 2236, поздравувајќи и поддржувајќи ја руско-турската иницијатива. Така, првите три турнуси на мировни разговори се завршуваат со неколку конкретни резултати. Понатаму, на 3 и 4 мај, 2017 година, се одржува четвртиот турнус разговори во Астана, како резултат на што се издава меморандум за создавање области за де-ескалација во Сирија. Во јули и во

---

[215] Ibidem

септември следуваат уште два нови турнуса, по кои страните-учесници излегуваат со заедничка изјава на 15 септември, најавувајќи го воспоставувањето на областите за де-ескалација предвидени со меморандумот од 4 мај. Овие области ги опфаќаат провинцијата Идлиб и околината, одредени делови од северната провинција Хомс, источна Гаута во предградието на Дамаск и делови од јужните провинции Дарја и Кунитра. Меморандумот повикува да прекинат непријателствата помеѓу сириската влада и опозицијата и да се овозможи непречен хуманитарен пристап во овие области. Воедно, предвидува и мерки за враќање на инфраструктурата и за поттикнување на доброволно враќање на бегалците и внатрешно раселените лица. Сепак, овој меморандум не е потпишан ниту од страна на сириската влада, ниту од претставниците на опозициските групи. Сириската влада соопштува дека ќе се придржува кон него доколку и опозицијата го стори тоа, додавајќи дека Сирија и понатаму ќе продолжи да се бори против терористичките групи.[216]

Според Хумуд, Бланчард и Никитин,[217] мултилатералната хуманитарна помош како одговор на кризата во Сирија ги вклучува Регионалниот план за бегалци и отпорност и Планот за хуманитарна реакција. Првиот е дизајниран да одговори на влијанието на конфликтот врз соседите на Сирија и го опфаќа планот за одговор на кризи во Либан, во Јордан и во делови од Турција, Ирак и Египет. Во реализацијата на делови од овој план се вклучени UNHCR и UNDP. Вториот план насочен кон хуманитарна реакција во Сирија, е наменет за решавање на кризата преку фокусирање на хуманитарната помош, цивилна заштита и зголемување на можностите за живот, делумно преку подобрување на пристапот до основните услуги, како што е реконструкција на оштетената инфраструктура, враќање на медицинските и образовните капацитети и обновување на инфраструктурата и ресурсите за јакнење на земјоделството.

[216] Ibidem
[217] Ibidem

## 6.5. Африка – Случаите на Сомалија и Нигерија

Нестабилноста и немирите на Афричкиот континент во последната декада од 21-от век се поврзани со неколку клучни настани и трендови. Имено, на 2 август, 2012 година, во рудникот за платина во Јужна Африка, се случуваат насилни немири кои резултираат со три смртни случаи[218]. По ова (поточно на 16 август) следува уште еден насилен инцидент поврзан со овој рударски регион - во рудникот Марикана – кој како епилог има 34 мртви и околу 80 повредени (воедно, истиот се смета за најнасилниот инцидент од крајот на апартхејдот во 1994 година). Во протестите учествуваат рудари и земјоделци и се уништуваат повеќе од 120 хектари земјоделски култури. Ваквиот тек на настаните се оценува од страна на набљудувачите како толку сериозен, што може да го поткопа мирот на овие простори. Една од претпоставките за можните причини за насилството во Јужна Африка, е покачувањето на цените на храната. Ваквата можност лежи во основата на широко распространетите немири во периодот помеѓу 2007 и 2008 година и востанијата во Северна Африка и на Блискиот Исток, честопати нарекувани „Арапска пролет“, во периодот помеѓу 2010 и 2011 година. Според авторите кои ги анализираат овие претпоставки[219], на почетокот на август, 2012 година неповолните временски услови и други поврзани причини, доведуваат до рекордно покачување на цените на пченката и на храната воопшто. Како што констатираат авторите, претходното ксенофобично насилство се совпаѓа со глобалниот врв на цените на храната за периодот помеѓу 2007 и 2008 година, кој е поврзан со немирите во 30 земји.

Ако се погледне историјата на Афричкиот континент, се забележува дека е обременет со конфликти. Според Матиасен[220], статистиката покажува дека 14 од вкупно 27 скорешни операции на ООН за одржување на мирот во светот, се во Африка. Бројот на конфликти во Африка укажува на потребата од фокусирање врз решавање на конфликтите пред да се овозможат услови за општ напредок и развој. За таа цел, на 11 јули, 2000 година е основана Африканската Унија, која прави значителни напори да стане активен партнер

[218] Vos Fellman, P.; Bar-Yam, Y.; & Minai, A.A. (2015). *Conflict and Complexity. Countering Terrorism, Insurgency, Ethnic and Regional Violence*. Springer, NY
[219] Ibidem
[220] Mathiasen, F. (2006). *The African Union and Conflict Management*. USAWC Strategy Research Project. U.S. Army War College Carlisle Barracks, Pennsylvania

во решавањето на конфликтите во Африка. Таа има широк спектар на средства за влијание врз конфликтите, меѓу кои: градење на воени капацитети за спроведување операции за поддршка на мирот, развивање на механизам за меѓусебна ревизија за подобрување на владеењето, како и општ систем за политичка и економска соработка. Природата на конфликтите во Африка е таква што тие се шират насекаде низ континентот, па практично не постојат региони без конфликти. Овие конфликти покажуваат неколку основни карактеристики. Прво, тие се меѓудржавни, транснационални, меѓународни или мешовити. Второ, државите често се слаби или неуспешни во нивното решавање. Трето, надворешните страни, како што е посведочено во повеќе наврати, се обидуваат да влијаат врз областите на интерес. Конечно, регионалните организации, како и државните аспирации за регионална хегемонија, ја креираат околината во која конфликтите израснуваат.

Афричкиот континент е поделен на пет региони, во кои припаѓаат Северна Африка, Западна Африка, Источна Африка, Централна Африка и Јужна Африка. Од геополитички аспект, границите во Африка во многу случаи се вештачки и можат да предизвикаат внатрешни конфликти, онаму каде две или повеќе нации живеат во рамки на една држава. Од друга страна, вештачките граници можат да ја поделат нацијата помеѓу две или повеќе држави, но и да генерираат внатрешни, транснационални и меѓународни конфликти. Оттука, механизмот за решавање конфликти мора да има капацитет за спроведување на различни видови интервенции. Освен тоа, тој треба да биде способен да спроведува мировни операции во мултиконфликтно сценарио, каде се вклучени неколку страни кои имаат различни интереси (на пример, како што е случајот со Судан). Праксата покажува дека конфликтите во Африка честопати вклучуваат држави кои се карактеризираат со социјална нестабилност, сиромаштија, недостаток на здравствени услуги и образование, недостаток на безбедност, голем број на воени удари и слично. Ваквите држави се карактеризираат со губење контрола од страна на државата над политичкиот и економскиот простор, а колапсот често се случува во цикличен пад. Токму затоа, тие неретко може да побараат мировни интервенции од надвор, но, како што е регистрирано во сите пет региони наведени погоре, и да формираат регионални организации чија основна цел е да го поттикнат економскиот развој, но и да учествуваат во решавањето на конфликтите. Примери на поддршка на мировни активности од страна на ваквите

регионални организации може да се најдат, на пример, во Западна Африка, каде што ЕКОВАС интервенира, распоредувајќи војници во Сиера Леоне и Либерија. Освен тоа, големите регионални сили, како што се Нигерија и Јужна Африка, се обидуваат сами и со заеднички усилби да го зацврстат и да го прошират своето влијание, вклучително и во областа на мирот и безбедноста.[221]

Случајот на Сомалија, како и речиси сите до сега анализирани конфликти заситени до висок степен со тероризам, ја отсликува комплексноста и ограничувањата на приодите за решавање на конфликти во услови на длабоки конфликти со долга историја, обременети со насилство и бројни жртви. Имено, уште од соборувањето на воената диктатура во Сиад Баре, во 1991 година, Сомалија е обележана со долготрајна граѓанска војна, насилни судири меѓу клановите, конфликти помеѓу соседните региони, глад и внатрешно раселување. Најинтензивниот и деструктивен период на граѓанска војна се случува како непосредна последица на диктатурата, со биланс од околу 35.000 цивили убиени во урбаниот конфликт, 300.000 мртви од глад и 700.000 раселени и принудени да бараат засолниште во Кенија, Етиопија, Европа, САД и во други држави. Во април, 1992 година, ОН овластија спроведување на мировна мисија (УНИСОМ) заради олеснување на испораката на хуманитарна помош. По отпорот на воениот лидер, па сè до мисијата на УНИСОМ, Советот за безбедност во декември, 1992 година одобрува многу поголема интервенција под раководство на САД (наречена "Операција за враќање на надежта"), за да се обезбеди испорака на помошта и да се направи обид за посредување во помирувањето. Во јуни, 1993 година, милицијата предводена од генерал Мохамед Фара Аидед, напаѓа и убива 24 пакистански мировници како дел од кампањата за протерување на мисијата на ОН од Сомалија. Истата година, во октомври, за време на лошо испланиран обид да се фатат некои од борците на милицијата, два американски хеликоптери се соборени во Могадишу и осумнаесет американски војници загинуваат во познатиот инцидент "Black Hawk Down" (стр.61).[222]

Кратко време потоа САД се повлекуваат од Сомалија, а нивните чекори ги следат и ОН во март, 1995 година. Така, УНИСОМ и операцијата "Враќање на надежта", како и

---

[221] Ibidem

[222] Boon-Kuo, L.; Hayes, B.; Sentas, V.; & Sullivan, G. (2015). *Building Peace in Permanent War. Terrorist Listing and Conflict Transformation*. International State Crime Initiative. London, UK

речиси сите други последователни интервенции, не успеваат да ги постигнат своите цели за обезбедување на мирот, хуманитарната помош и градењето на нацијата, и ја напуштаат Сомалија, оставајќи ја во состојба на граѓанска војна и колапс. Оваа мисија е всушност еден од најеклатантните примери како не треба да се дејствува, со оглед на тоа што, освен тоталниот дебакл на самата мисија, негативните последици се отсликани во зацврстувањето на насилните структури, создавање на нова класа претприемачи и зацврстување на Могадишу како центар на конфликтот. Неуспехот на овие интервенции поттикнува стратегија за градење на мирот преку одржување на меѓународни конференции и формирање на "виртуелни" влади. Во таа насока, во периодот помеѓу 1997 и 2004 година, надвор од Сомалија, а со поддршката на ООН, ЕУ и Арапската лига, одржани се повеќе од пет такви мировни конференции со цел да се направи обид за доаѓање до национално помирување и иницирање на процеси за изградба на државата. Една од најпознатите ветувачки иницијативи е конференцијата во Џибути од 2000 година, на која се формира транзициона национална влада, која набрзина добива признание од страна на ОН како легитимна влада на Сомалија. Сепак, и покрај меѓународниот ентузијазам, оваа влада е осудена на неуспех уште од самиот почеток, со оглед на тоа што е финансиски поддржана од арапските држави, од исламистите кои се во нејзиниот состав и фаворизирањето на силна, централизирана држава. На крај, поради неможноста да се обезбеди популарна поддршка и ефикасно владеење, транзиционата национална влада наскоро станува перципирана како нелегитимен државен експеримент. Друга конференција одржана во Најроби во 2004 година, резултира со договор за нова транзициона федерална влада. Сепак, до почетокот на 2005 година и таа е длабоко поделена со конфликт по кланови и религиозни линии, така што во рок од две години е широко критикувана како уште еден неуспешен сомалиски државен експеримент.[223]

Во 2006-та година ОН повторно авторизираат нова мисија за враќање на мирот во Сомалија (со акроним АМИСОМ), во која овој пат учествуваат 8000 мировници од Африканската унија, со цел да ги истиснат силите на Унијата на исламски судови кои го контролираат најголемиот дел од Јужна и Централна Сомалија. Како одговор на ова, терористите се регрупираат и обединуваат со други терористички фракции и им

[223] Ibidem

објавуваат „света војна“ и на транзиционата федерална влада и на АМИСОМ. Така, до септември, 2009 година, 1.3 милиони Сомалијци се внатрешно раселени со борбите, околу третина од популацијата гладува и зависи од хуманитарната помош во храна, додека 60.000 луѓе годишно ја напуштаат државата.[224]

Ваквите последователни неуспешни обиди за воспоставување на влада и градење на државата (кои не запираат тука), упатуваат на неколку заклучоци. Прво, тие ја покажуваат несоодветноста на примена на интервенции за градење мир во Сомалија користејќи го приодот „од горе надолу“ и со повеќе локализирани механизми на сомалиските политики кои обезбедуваат минимална стабилност и решавање на конфликтите во отсуство на централизирана држава. Ако се разгледаат подетално, политиките во Сомалија се хетерогени, прилично неформални, изградени врз варијабилни и прагматични организации. Второ, овие неуспеси ја нагласуваат централната важност на системот на кланови во политиката. Имено, политиките кои не водат доволно сметка за динамиката на клановите, не успеваат да ги исполнат поставените цели. Конечно, мисијата за градење на мирот и на безбедносната политика во Сомалија, не може да се сфати доколку не се прифати растечката важност на Исламот во политичкиот живот на оваа земја.[225]

Анализата на случајот на Сомалија во последните дваесет и пет години, покажува со какви ужасни предизвици можат да се соочат мировните работници во услови на континуирана граѓанска војна. Состојбите на теренот докажуваат колку бргу конфликтот може да трансмутира од цивилна војна заснована врз судири помеѓу кланови, до појава на воени лордови и војни помеѓу соседните земји како што се Етиопија и Еритреја, па сè до глобализиран религиски и идеолошки судир.[226] Оттука, при разгледувањето на најефективните приоди и стратегии за решавање на конфликти во случајот на Сомалија, неопходно е инкорпорирање на идејата за нексус, што би им овозможило на учесниците од различни домени - правни, мировни, безбедносни, хуманитарни - подобро да ја разберат нивната улога како страни во рамките на пошироките процеси на глобалната

---

[224] Ramsbotham, O., Woodhouse, T., & Miall, H. (2016). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*. Polity Press

[225] Boon-Kuo, L.; Hayes, B.; Sentas, V.; & Sullivan, G. (2015). *Building Peace in Permanent War. Terrorist Listing and Conflict Transformation*. International State Crime Initiative. London, UK

[226] Ramsbotham, O., Woodhouse, T., & Miall, H. (2016). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*. Polity Press

безбедносна поврзаност. Испреплетеноста, па можеби дури и заплетканоста на стратегиите за борба против тероризмот и на оние за решавање на конфликти во Сомалија, го менува актуелното значење на концептот за создавање на мирот и безбедноста, конкретно влијаејќи врз решавањето на конфликтите на начин кој е и длабок и применлив. Несомнено е дека антитерористичките мерки имаат материјални влијанија (на пример, со спречување на финансирањето на терористите), но тие сами по себе не се ни одблиску доволни. Доколку се постави прашањето дали има „светлина на крајот од овој тунел“, одговорот влева зраци на надеж. Имено, во октомври, 2014 година, мисијата АМИСОН соопштува дека во Могадишу е постигната состојба на релативен мир, благодарение на која е овозможено одржување на фудбалски натпревари за децата, со цел да се долови какво-такво чувство на „нормализирање“ на ситуацијата, а се спроведуваат и програми и работилници за заштита на децата и жените.[227] Сепак, патот е многу долг и неизвесен, а токму неизвесноста и непредвидливоста на случувањата остануваат главен предизвик во процесот на миротворење во оваа земја.

Според податоците објавени во 2002 година од страна на Афробарометар[228], Нигерија е најгусто населена афиканска држава. За неа се смета дека е еден вид „континентален разгласувач“, бидејќи тоа што се случува во Нигерија, без оглед дали е извор на хаос или на стабилност, се проширува и низ соседните земји. Уште од добивањето на независноста, Нигерија редовно се соочува со инциденти на насилни конфликти, вклучувајќи го обидот за сецесија на Источниот регион и катастрофалната граѓанска војна; конфронтацијата меѓу (северната) воена сила и (западните) граѓански активисти во текот на поништените претседателски избори на 12 јуни, 1993 година; судирите околу приходите од нафтата помеѓу федералната влада и малцинските етнички групи од Делта Нигер; споровите околу земјиштето во мултиетничкиот "среден појас"; и смртоносните религиозни судири помеѓу христијанските и муслиманските заедници, на пример во Кано и Зарија во доцните 1980-ти, како и во Кадуна и Џос, во 2001 година. Причините за ваквата состојба се мултифакторијално условени и многу комплексни. Помеѓу нив, како најдоминантни се издвојуваат религијата, културните фактори и економската состојба. Запрашани за тоа кој

[227] Ibidem
[228] Afrobarometer (August, 2002). Violent Social Conflict and Conflict Resolution in Nigeria. *Afrobarometer Briefing Paper No. 2.* прочитано на, 13.12.2017 http://afrobarometer.org/sites/default/files/publications/Briefing%20paper/AfrobriefNo2.pdf

начин на решавање на конфликти им е најприфатлив со оглед на комплексноста на подрачјето и долгата и длабока историја на конфликти, Нигеријците покажуваат двојно поголема веројатност да претпочитаат неформален процес на решавање конфликти, кој потекнува од и е заснован врз заедницата (т.н. дипломатија од тип 2 и 3), отколку официјална интервенција од владата или од федералната агенција.

Резултатите од спроведеното истражување во декември, 2014 година, објавено во Афробарометар[229], покажуваат дека распространетото насилство и криминал придонесуваат кон зголемување на напнатоста за време на изборите во Нигерија. Воедно, во тој период, медиумите изобилуваат со наслови кои известуваат за вооружени грабежи и киднапирања, како и за тоа дека делови од земјата се под целосна контрола на терористите. Според наведените податоци, речиси четири од 10 Нигеријци (39%) изјавиле дека не се чувствуваат безбедно во своите населби. Една третина (33%) кажале дека стравуваат од криминал во своите домови. Речиси исто толку (31%) Нигеријци доживеале кражба во претходната година, а 20% велат дека биле физички нападнати. Повеќе од половина од Нигеријците велат дека владата во голема мера не реагира и не е ефективна во борбата против заканата од вооружени екстремисти. Една третина или повеќе од Нигеријците веруваат дека "најголемите" или "сите" високи функционери во сојузната влада, припадниците на нигериската војска, членовите на Националното собрание, нигериските муслимани и меѓународните екстремистички групи, се вклучени во поддршката и помагањето на екстремистичките групи во Нигерија. Сиромаштијата и невработеноста се сметаат за главни причини поради кои луѓето се приклучуваат кон овие групи. Конечно, две третини од Нигеријците се противат на поделбата на земјата како решение на предизвиците од екстремизмот. Сепак, промената која следува потоа е брза и позитивна. Поточно, во период од неколку месеци, сите спорни територии (и стотици заробеници) се ослободени од екстремистичките групи, а во март и април, 2015 година, политичките избори се спроведени со минимални нарушувања. Но, безбедноста и понатаму останува главен приоритет за новата влада која ја презема власта на 29-ти мај истата година.

[229] Afrobarometer (May, 2015). Security and armed extremism in Nigeria: Setting a new agenda. *Afrobarometer Dispatch No. 29*. прочитано на, 13.12.2017 http://afrobarometer.org/sites/default/files/publications/Dispatches/ab_r6_dispatchno29_security_and_extremism_nigeria.pdf

Од историски аспект, Африка има што да му понуди на полето на решавање на конфликти, со оглед на фактот дека во повеќето предколонијални африкански општества, постоеле традиционални методи со кои успешно се решавале конфликтите, со цел да обезбедат одржување на мирот и редот во општеството. Во таа насока, Огунтомисин (2004; според Ezenwoko & Osagie; 2014)[230] смета дека различните заедници во предколонијална Нигерија имале различни конвенции насочени кон ублажување на меѓучовечките и внатрешните конфликти, како и конфликтите меѓу различните заедници. Овие конвенции барале да се почитуваат правилата за мирно регулирање на активностите на луѓето, како што се соживот, односот помеѓу сопружниците, таткото и децата, една заедница кон друга и слично. Тајните за миротворење и решавање на конфликтите се вградени во африканските обичаи и традиции, што може да се види во принципот на Ubuntu - концепт кој го демонстрира фактот дека Африканците со години ги развиле и тестирале различните методи за решавање на конфликтите.[231]

Во контекст на решавањето на конфликтите, улогата на медиумите е многу значајна, поради тоа што тие во сериозен степен можат да придонесат кон (не)успешноста на применетите стратегии, во зависност од феквентноста и фокусот на лиферуваните содржини. Тоа е случај и со Нигерија, за што говорат резултатите од една неодамнешна студија спроведена од Тинуаде и Фадекеми[232], во која се испитуваат услугите што ги нудат академските библиотеки во решавањето на конфликтите, се идентификуваат медиумите преку кои академските библиотеки ги нудат своите услуги, како и проблемите со кои тие се соочуваат во давањето на услуги за решавање конфликти. Имено, студијата покажува дека постои недостаток на воспоставена библиотечна политика за информативни услуги за решавање на конфликтите, од каде произлегува и главната препорака на истражувањето, според која е неопходно да им се даде приоритет на услугите кои ќе имаат голема покриеност на публиката како програми за радио и телевизија. На тој начин, се придонесува кон поголем опфат на население во насока на едукација околу стратегиите за превенција и за решавање на конфликтите.

[230] Ezenwoko, F. A. & Osagie, J. I. (2014). Conflict and Conflict Resolution in Pre-Colonial Igbo Society of Nigeria. *Journal of Studies in Social Sciences*, 9 (1), 135-158. ISSN 2201-4624
[231] Ibidem
[232] Tinuade, A. O. & Fadekemi, B. O. (2015). Conflict Resolution in Nigeria: The Role of Academic Library. *International Journal of Library Science*, 4(1), 13-20 DOI: 10.5923/j.library.20150401.03

Уште еден сериозно важен аспект кој би можел да придонесе кон решавање на конфликтот во Нигерија, е улогата на религијата и вклучувањето на верските актери во мировниот процес. На ваков заклучок упатуваат резултатите од студијата на Ило[233]. Според овој автор, долго време истражувањето во полето за решавање конфликти не успеало да се фокусира на улогата што религијата ја има во решавањето на конфликтите (наспроти нејзината улога во придонесувањето конфликтите да станат нерешливи). Во Нигерија, како и во цела Африка и во други делови на светот, верските организации сè повеќе се вклучени во обидите за завршување на конфликтите и постигнување на траен мир. Спроведената студија покажува дека Христијанската асоцијација на Нигерија, која ги застапува интересите на христијаните во оваа земја, го прифаќа дијалогот како примарна форма на решавање на конфликтот и има потенцијал да помогне во мировниот процес. Сепак, авторот предлага дека е неопходно да се застапува поасертивен пристап и да се засилат операциите на оваа организација, доколку се посакуваат подолгорочни и потрајни ефекти. Во друго истражување поврзано со религиското решавање на конфликтите во Нигерија, спроведено од Отух[234], каде за анализа е користен инкултурацискиот херменевтички модел, може да се заклучи дека причината за конфликтите меѓу муслиманите и христијаните е недостаток на свест за концептот на африканското братство и љубов што се покажува во фанатизмот, нетолеранцијата и навредливите изјави, политичкото незадоволство и комплексот на супериорност. Оттука, авторот посочува дека лекциите од Библијата кои зборуваат за концептот на љубов, простување, дијалог, братство и правда како инструменти за разрешување конфликти можат и треба да се применат и да важат за сите Нигеријци, а не само за оние со христијанска вероисповест. Ваквиот заклучок е логичен, со оглед на тоа што лесно може да се претпостави дека мирен соживот меѓу сите религиозни приврзаници во Нигерија не е невозможен, доколку сите консензуално ги прифатат и почитуваат овие принципи. Сепак, препораките на Огбуехи,[235] според кого решавањето на верските конфликти во Нигерија е од голема

---

[233] Ilo, P. (2014). Faith-Based Organisations and Conflict Resolution in Nigeria: The Case of the Christian Association of Nigeria (CAN). *Journal of Global Initiatives: Policy, Pedagogy, Perspective*, 9 (2), 99-108. достапно на http://digitalcommons.kennesaw.edu/jgi/vol9/iss2/9

[234] Ottuh, J.A. (2013). Religious Conflict Resolution in Nigeria (Matthew 18:15-22): A Hermeneutico - Inculturation Approach. *Journal of Humanities and Social Science* (IOSR-JHSS), 7(6) 19-26 e-ISSN: 2279-0837, p-ISSN: 2279-0845.

[235] Ogbuehi, F. I. (2016). Critical Appraisal of Dialogue as a Strategy for Religious Conflict Resolution in Nigeria. *Journal of Religion and Human Relations*, 8(2), 158-174

важност за Нигеријците, се движат во малку понаква насока. Имено, тој посочува дека досега се правени напори да се стави крај на постојаните религиски конфликти во оваа земја, но без поголем успех. Затоа, авторот смета дека религискиот дијалог може да се користи дури откако ќе се создадат предуслови за меѓусебно почитување и прифаќање на разликите помеѓу припадниците на различните религии во Нигерија.

Во прилог на заклучокот дека Нигерија има капацитет за решавање на конфликтите, оди и активната улога на оваа земја во спречувањето и решавањето на конфликти не само во западно-африканскиот подрегион, туку и во други подрегиони на Африка (на пример, посебно е значајна нејзината заложба за решавање на конфликтот во Дарфур, Судан). Таа дава голем придонес кон ослободувањето и независноста на многу африкански земји, што е препознаено и признаено од страна на многу земји во и надвор од континентот. Според некои автори, Нигерија силно верува дека мирот и безбедноста во Африка се неразделно поврзани. Оттука, Африка нема да може да одговори на предизвиците за намалување на сиромаштијата и елиминирање на болестите, доколку во неа нема мир и безбедност.[236]

Како што може да се забележи од посочените анализи, истражувања и состојби во Африка (со посебен акцент на Сомалија и Нигерија), продолжената сиромаштија проследена со економска криза, корупцијата, етнорелигиските фактори, лошото лидерство, непридржувањето до принципите на демократијата, граничните спорови и контролите на природните ресурси, се меѓу најчестите фактори кои ги предизвикуваат и/или разгоруваат конфликтите на континентот. Како последица на тоа, мирот и стабилноста се сериозно нарушени, со што е оневозможен развојот во повеќето земји во Африка. Оттука, можните начини за надминување на овие состојби треба да се бараат во зајакнување на капацитетот за спречување, менаџирање и решавање на конфликтите преку соодветна обука и професионализација на дипломатите за водење преговори, медијација, арбитража и спроведување на мировни договори, како и навремено воспоставување на центри за документација кои ќе го олеснат собирањето и анализирањето на информациите и податоците што би довело до намалување на појавата на нови конфликти[237]. Земено во

[236] Ebegbulem, J.C. (2012). Nigeria and Conflict Resolution in Africa: The Darfur Experience. *Transcience*, 3(2), 17-23

[237] Ikyase, J.T. & Olisah, C.I. (2014). Sustainable Conflict Management Mechanism in Africa: Issues and Challenges for Development. *International Journal of Humanities and Social Science*, 4(7), 183-190

целост, воспоставувањето на траен мир на целиот континент треба да биде врвен приоритет во агендите на владите во секоја африканска држава.

## 6.6 Европа – Случаите на Северна Ирска и Баскија

Многу проценки на конфликтот во Северна Ирска се фокусираат на насилството од дваесеттиот век и на неговиот последователен мировен процес од 1990-те години. Гледано отстрана, се чини дека мировниот договор потпишан на Велики петок, во 1998 година, е олицетворение на новооткриениот мир во оваа земја. Сепак, оние кои се подобро запознаени, проценуваат дека во реалноста овој процес е бавен и сеуште во тек. Во изминатите години, почнувајќи од историското потпишување на споменатиот договор политиката во Северна Ирска прави обиди кон постепено нормализирање. Сепак, различните проблеми поврзани со долгогодишниот конфликт во животот на многумина се сè уште присутни. Прашањата за тоа како да се справат со минатото и како правилно да ја обликуваат иднината допрва треба целосно да се решат. Најголемата придобивка од мировниот процес во Северна Ирска, меѓу другото, е што постојаната закана од терористичките напади на ИРА веќе не е присутна во ова општество, иако спорадични напади од дисиденти-наследници на организацијата, сè уште можат да се регистрираат (Horgan & Morrison, 2011; според Morrison, 2015)[238].

Случајот на паравоените групи во Северна Ирска, како и на многу други национални и меѓународни терористички групи, покажува како треба да се пристапува кон минатите терористички акции, со цел вистински да се разберат овие групи и нивните членови. Со други зборови, јасно е дека со етикетирање на група или на поединец како "терорист" автоматски не се припишува дека сите нивни дејства, било да се законски или незаконски, треба да се класифицираат како чин на "тероризам". Како и во секоја постконфликтна средина, спроведувањето на договорената структура и процедури, не е воопшто едноставна задача и ниту една промена не се случува преку ноќ. Ова е така, затоа што секоја од релевантните страни мора да обезбеди поддршка од своето членство и од

[238] Morrison, J. F. (2015). Peace comes dropping slow. The case of Northern Ireland. In: Tellidis, I. & Toros, H. (Eds.). *Researching Terrorism, Peace and Conflict Studies. Interaction, synthesis and opposition.* 187-202 Routledge, NY

поширокото општество пред да можат да отпочнат какво било преструктуирање и менување на условите. Во овој контекст, еден од поголемите успеси на северно-ирскиот мировен процес, е интеграцијата на мнозинството од привременото ирско републиканско движење во политичкиот естаблишмент на Северна Ирска како негов централен дел. Бавното темпо на овие стратешки промени ги трансформира терористите од парамилитарни приврзаници на апсолутната апстиненција од политичкиот живот, во мирна политичка организација која ја дели власта во Стормонт со Демократската унионистичка партија (ДУП) и потенцијално идна рамнотежа на моќта во Дејл Ајреан. Уште повеќе, оние кои некогаш биле дел од терористичката организација, не само што се сретнале и се ракувале со кралицата, туку и се приклучиле на здравицата во име на нејзиното здравје и среќа (стр. 191).[239]

Успехот на мировниот процес во Северна Ирска се должи на тоа што раководството постојано ја демонстрирало својата способност и подготвеност да го одложат и отстапат доколку веруваат дека немаат мнозинска поддршка од нивната база. Клучната цел на ваквиот пристап била да се задржи нивната легитимност и сила во рамките на заедницата и да се заштити опстанокот на нивното лидерство и насоката во која тие сакаат да се движат. Во исто време, тие постојано ја покажувале својата подготвеност да ја напуштат преговарачката маса и да ја продолжат својата вооружена кампања. Меѓутоа, тогаш кога било потребно, тие, исто така, покажале способност да направат смели и историски значајни стратешки чекори кои довеле до промени од витално значење за успехот на мировниот процес во Северна Ирска. На тој начин, во пракса се потврдува она што во теоријата повеќе пати е јасно нагласено, а тоа е важноста од вклучување на сите релевантни страни во преговарањето и дијалогот, паралелно водејќи сметка за подготвеноста и „зрелоста“ на секоја од страните за влез во процесот со капацитет за менување и трансформација на сопствените позиции, интереси и цели.

Еускади Та Аскатасуна (ЕТА) е вооружена организација која веднаш по нејзиното формирање (во декември, 1958 година) почнува да користи насилство за да ги достигне политичките цели за кои се залага. Баскиското национално ослободување (БНО), познато и како левицата Аверзале или Баскија, е пошироко од ЕТА и вклучува многу различни

[239] Ibidem

групи и здруженија кои бараат слични политички цели, но сепак не употребиле насилство за да стигнат до нив. Оние други групи, вклучувајќи и политички партии, весници, здруженија на граѓани и слично, кои бараат независност, самоопределување или поголемо ниво на автономија за Баскија и кои никогаш не практикувале или не користеле насилство, се обележани и третирани како терористички од страна на шпанските власти низ годините. Заедничките цели на овие групи се однесуваат на идејата дека е во најдобар интерес на баскискиот народ и на Баскија да станат независна држава и дека тоа е најдобро да се направи преку референдум. Воедно, нивните цели вклучуваат и други видови на јазични, социјални, родови и еколошки прашања (на пример, изјави за социјалистичка, феминистичка, анти-нуклеарна и Еускалдунска (т.е. на оние кои го зборуваат баскискиот јазик) Баскиска држава. Властите во Шпанија подолго време се обидуваат да го поразат БНО, како и да работат против создавањето на независна Баскија, со тоа што ќе го гонат и криминализираат тој проект и оние кои се вклучени во него. Шпанските власти, исто така, промовираат активна улога на меѓународната заедница во ова прашање, обидувајќи се на прво место да ја изолираат БНО од другите политички сили, а исто така, и да ја спречат и опструираат меѓународната заедница од барањето да се отпочне процес на дијалози и преговори во врска со баскискиот конфликт.[240]

Како што може да се забележи, примерот на Баскија е суштински различен од оној во Северна Ирска. Имено, во овој случај се гледа како политиката што ја спроведуваат шпанските власти кон баскискиот конфликт и баскиското движење, со цел целото движење да се означи како терористичко, како од шпанските, така и од меѓународните институции, не се покажува како ефикасна кога се работи за поразување и за искоренување на движењето. Ова е така, бидејќи потезите што ги влечела владата на Шпанија го спречиле баскиското движење да ја развива својата политичка агенда за еднакви можности и да биде претставена во локални, национални (баскиски), државни и меѓународни институции (Европскиот парламент). Забраната на партиите, исто така, се покажала како мошне проблематична во процесот на решавање конфликти, бидејќи придонела кон уште поголем револт и обединување што резултирало со легализирање и

[240] Diaz, G.E. (2015). From freedom fighters to terrorists and back again. The Basque case. In: Tellidis, I. & Toros, H. (Eds.). *Researching Terrorism, Peace and Conflict Studies. Interaction, synthesis and opposition.* 146-164 Routledge, NY

многу силна поддршка на Сорду во нејзината изборна единица, како и во случајот на левицата Аберцале што било јасно видливо за време на процесот во 2006 и 2007 година. Со ваквата стратегија не запреле ниту интерните дебати и дискусии, ниту се намалила поддршата за движењето, ниту самото движење и идеи исчезнале.[241]

Во обидите да се реши прашањето со ЕТА, до одреден степен успех бележи Француската и меѓународната соработка со Шпанија на краток и на среден рок. Оваа соработка и помага на Шпанија да постигне подобри резултати во слабеењето на капацитетот на ЕТА. Со интернационализацијата на конфликтот на среден и долг рок се создава простор меѓународната заедница активно да се вклучи во доаѓањето до мировна спогодба заснована врз дијалог и преговори. Посебно во текот на последните години потребата од меѓународна поддршка во решавање на Баскиското прашање станува апсолутно неопходна. Овој мировен процес го следат извесни сигурности и несигурности кога станува збор за дефинирање на патот по кој истиот ќе се движи во иднина. Прашањата за кои мора да се најде решение се јасни и ги вклучуваат причините, како и последиците од конфликтот. Одлуката на ЕТА да ја прекине својата вооружена кампања е цврста. Баскиските главни политички актери, како и широки сектори на меѓународната заедница, се посветени да го придвижат процесот напред. Промената на ставот од Шпанија и Франција и нивната посветеност кон решавање на конфликтот во Баскија би била од голема помош, но се чини дека тие повеќе немаат право на вето. Невозможно е да се процени дали Шпанија и Франција ќе го променат својот став кон дијалог и преговарачки процес со ЕТА. Сепак, претходните процеси докажуваат дека денешната политика може да се промени и оттука треба да им се даде шанса.[242]

[241] Ibidem
[242] Ibidem

# 7. ЗАКЛУЧОК

Целта на овој магистерски труд беше да се анализираат актуелните услови во врска со заканата што меѓународниот тероризам ја претставува на регионално и глобално ниво. Во исто време, целта беше и да се анализира како се применуваат приодите за решавање на конфликти во регионите и земјите кои се соочуваат со (заканата од) терористички напади и со тешки и длабоки конфликти. Притоа, основната хипотеза на истражувањето се однесуваше на тоа дека користењето соодветни приоди за решавање конфликти обезбедува поефикасни резултати во справувањето со меѓународниот тероризам. Во рамките на ова се тврди дека дефинирањето на конкретни чекори и приоди за решавање конфликти директно ја одредува ефективноста на антитерористичките стратегии во соодветен регион и индиректно влијае врз резултатите од општиот пристап во борбата против меѓународниот тероризам.

Направените анализи на студиите на случај поделени во три регионални кластери (Блиски Исток, Африка и Европа), ја потврдуваат генералната претпоставка за важноста од примена на соодветни приоди кон решавањето на конфликтите, избрани врз основа на детална анализа и моделирање, а согласно контекстот, општествените услови, историјата на конфликти, културата, религијата, и социјалниот идентитет, карактеристични за секое поединечно општество. Во оваа смисла, анализираните состојби во дел од земјите кои се соочуваат со долготрајни, длабоки и мошне насилни конфликти со циклична природа, ги потврдуваат речиси сите предности и ограничувања на приодите и стратегиите за решавање на конфликтите кои се посочени во теоријата, а засновани врз практичното искуство на бројните поединци и организации кои учествувале во процесите на преговарање и медијација, водејќи дијалози и обидувајќи се (некогаш повеќе, некогаш помалку успешно) да придонесат кон ставање крај на насилството и воспоставување долгорочен мир по пат на миротворење и градење на мирот. Тоа што на крајот може да се заклучи, е дека не постои една општокорисна формула која нуди ефективни решенија на кој било конфликт, каде било во светот. Воедно, до решение не се доаѓа ниту бргу, ниту лесно. Напротив, станува збор за долгорочен процес на преговарање, на посредување, на олеснување, кој неретко (како што покажуваат анализите во овој труд) се прекинува, се враќа на почеток, влетува во „ќор-сокак“ и на моменти дури се чини и невозможен. Па

сепак, несомнен е фактот дека без преговарање и дијалог, без активна толеранција и почитување на демократските вредности (но и одлично познавање на религиите, културите и на локалните вредности), без грижа за другиот и емпатија, без соработка и прифаќање на разликите, решавањето на конфликтите и градењето на мирот се во суштина невозможна мисија. Комплексноста и предизвикот на овој процес посебно доаѓаат до израз во случаите кога од другата страна во конфликтот стојат терористи и терористички групи со кои сето претходно наведено треба да се спроведе. Во таков контекст, на најсериозен тест се ставени довербата, волјата и подготвеноста на секоја од страните подеднакво да учествува во мировниот процес, за што е потребно претходно да бидат испочитувани низа предуслови за кои детално се дискутира во овој труд. Анализите покажуваат дека можеби единствениот позитивен пример на долгорочно (и речиси потполно) решавање на конфликтот предизвикан од терористичко насилство е случајот на Северна Ирска, кој се користи како модел за решавање на голем број други конфликти. Во сите останати случаи, сеуште не се созреани условите за помирување и доаѓање до крајно решение на конфликтите. Ваквата состојба напати делува фрустрирачки и обесхрабрувачки, нерешливо и безнадежно, но сепак, сè додека постојат обиди да се преговара и сè додека постојат макар и минорни поместувања од „мртвата точка“, сите опции се „во игра“, а страните треба самите свесно да изберат која од тие опции најмногу им оди во прилог. Притоа, несоборлив факт е дека вложувањето во и насоченоста кон постигнување на траен мир, е единствената опција која ќе овозможи историјата никогаш да не се повтори, а идните генерации да уживаат во придобивките од живеењето во мирно општество.

Праксата покажува дека поединечните актери, услови, состојби, причини и динамика во секој конфликт се мошне варијабилни. Во ваков случај решенијата не се секогаш доволно сигурни и трајни, поради што е неопходно да се земе предвид широк спектар на можности и приоди, кои би варирале според типот, комплексноста и моќноста согласно соодветниот конфликт. На пример, теориите сугерираат дека воената де-ескалација, ефективните мерки за медијација, дијалог и градење на довербата, поддржани од дипломатијата од типовите II и III, би можеле да ги зголемат изгледите за постигнување подобар конечен резултат. Теоријата за градење на мирот сугерира потреба од широк, долгорочен процес на помирување, вклучувајќи ги лидерите на граѓанското

општество, кој се осврнува на сите нивоа на конфликти и се обидува да ги рехабилитира меѓуетничките односи. Теориите за споделување на моќта укажуваат на тоа дека преку преговори и инклузивен политички процес треба да се разгледаат аранжманите за поделба на власта, уставните реформи и воспоставувањето на силни, репрезентативни државни институции. Теоријата за веродостојна посветеност ја нагласува потребата за ефективни политички и безбедносни гаранции од трети страни. Други теории сугерираат дека процесот треба да биде дополнет со силна поддршка за напорите за формирање на мировни сили. Анализата на факторите кои можат да го отежнат или деградираат процесот, пак, сугерира дека целиот тој процес треба да биде засилен со низа стратегии за менаџирање на ваквите потенцијално ризични фактори[243].

Улогата на системското размислување и моделирање на системи е мошне значајна при анализата на конфликтите, бидејќи може да помогне во донесувањето на одлуки како да се постапи во одреден конфликт, како и во напорите да се спречи почетокот на насилството или истото да се намали кога конфликтот веќе започнал. Ова е така, затоа што е добро познат фактот дека сложеноста на конфликтите произлегува од многу различни, а понекогаш и меѓусебно неповрзани елементи. Вообичаено, конфликтот вклучува многу страни помеѓу кои постојат сложени односи и кои имаат повеќекратни и разновидни цели (некои дури и латентни)[244]. Оваа комплексност е особено тешка и предизвикувачка задача за конструирање на модели на реални конфликти кои би помогнале во поставување на тројната врска „дијагноза-прогноза-терапија“, како исклучително значајни за успешното решавање на конфликтот преку избор на најсоодветни стратегии. Една од основните претпоставки во теоријата за трансформација на конфликтите, е дека конфликтот е составен дел на развојот и на социјалните промени, кои имаат потенцијал и за конструктивни и за деструктивни резултати. Долгогодишните искуства и истражувања низ светот покажуваат дека интервенциите за хуманитарна помош и друг вид на помош можат да имаат позитивно влијание врз конфликтот преку: а) механизми за зајакнување и ресурси за менаџирање и надминување на разликите и б) решавање на факторите кои предизвикуваат тензија која може да доведе до или веќе

---

[243] Waldman, M. & Ruttig, T. (January, 2011). Theories of conflict resolution and their applicability to Afghanistan. *Afghanistan Analysts Network Discussion Paper*

[244] Gallo, G. (2012). Conflict Theory, Complexity and Systems Approach. *Systems Research and Behavioral Science* DOI: 10.1002/sres.2132 wileyonlinelibrary.com

резултира со насилство. Сепак, ваквите иницијативи можат да предизвикаат и несакани ефекти, кои можат негативно да влијаат врз динамиката на конфликтот, посебно кога се спроведуваат со недоволно разгледување на контекстот, на пример, при длабоко вкоренети конфликти во општеството. Следствено, таквите иницијативи за помош може всушност да ги влошат тензиите меѓу групите и/или во самите групи.[245]

Воспоставувањето на мир во сегашната клима на взаемно обвинување и обновените тврдења за вродена културна супериорност нема да биде лесна задача. Доминантните американски и блискоисточни наративи се извонредно слични во начините на кои тие ги конструираат непријателските слики преку селективно присвојување на историјата. Оттука, војната се појавува природно кога страните во конфликтот остануваат во реактивна и дефанзивна состојба на свеста. Мирот, за разлика од војната, е проактивен и бара намерен напор да се пресели од површината на суштественото, од морбидитет во креативност, од одбрана до отвореност, од натпреварувачки фокус на негативната до кооперативна афирмација на позитивните можности и од политика на страв и проекција кон политиката на надеж.[246]

Неопходно е афирмативниот пристап кон односите меѓу Исламот и Западот да го нагласи мирот како заеднички идеал на двете цивилизации и да привлече внимание кон секогаш присутната можност за избор. Муслиманите и жителите на западните земји споделуваат многу слични идеали, а сепак ги следат културните традиции кои ги формулираат и применуваат овие идеали на единствени начини кои не се потполно сензибилизирани. Како и Западот, Исламот поседува повеќекратни парадигми на мисла и акција за прашања кои се однесуваат на мирот (Said, Funk, and Kadayifci, 2001; според Funk & Said, 2004)[247], па затоа само со препознавање на внатрешната разновидност на цивилизациите би можел да се изгради траен мир меѓу културите. Воедно, од исклучителна важност кога се проучува групната идентификација, е истата да не се разгледува како стабилна и независна од контекстот. Вгнездeноста на националниот, етничкиот и религискиот идентитет (кои се дел од социјалниот идентитет) во културното наследство и во традицијата на групата/општеството на која поединецот припаѓа, е

[245] Ibidem
[246] Funk, N.C. & Said, A.A. (2004). Islam and the West: Narratives of Conflict and Conflict Transformation. *International Journal of Peace Studies*, 9(1), 1-28
[247] Ibidem

истакнувана повеќе пати во теоријата (имено, мнозинството го прифаќа идентитетот кој му е даден низ процеост на социјлизација, како нешто реално и е насочено да го одбрани од секакво можно загрозување). Но, некои аспекти на идентитетот и условите под кои тој се менува (или не се менува) не се до крај разјаснети. Имено, истражувањата покажуваат дека повеќето поединци не ги поддржуваат конфликтите и нивното повторно јавување, па сепак, најмногу ѝ веруваат на својата група и ја поддржуваат нејзината позиција.[248]

Сето ова води до конечниот заклучок дека долгорочен мир во едно општество може да се воспостави само преку градење и одржување на култура на мирот. Воспоставувањето на културата на мирот е сложен, долготраен и нималку лесен процес. Ова особено важи за мултикултурните општества и за постконфликтните општества каде многу треба да се направи за разликите и недоразбирањата да се надминат и да се трансформираат во взаемна доверба, почит и активна толеранција. Притоа, иако постојат одредени мошне ефикасни практики од западните земји кои можат да се искористат за оваа намена, се постигнуваат поцелосни и поуспешни резултати тогаш кога конкретното општество стои на капацитетите на сопствениот народ за да ги мобилизира своите сили да се однесуваат мирно и ненасилно и да градат сила што во иднина ќе се нарекува култура на мирот.[249]

Градењето на културата на мирот не влијае само врз општеството, туку и врз луѓето кои живеат во него. Со други зборови, на општествено ниво тоа може да се сфати како важна историска и општествена промена, додека на индивидуално ниво тоа е значајна промена во развојот на секој човек кој е дел од тој процес на трансформација. Кога се зборува за култура на мирот, честопати се размислува за трансформација на вредностите, ставовите и однесувањето во секој поединец, што води до култура формирана со мир и насочена кон мир. Сепак, не постои универзална дефиниција на овој концепт кој обично се подразбира како холистички и нормативен.[250] Галтунг, тврди дека културата на мирот претставува, во исто време, различни нивоа на култура и различни нивоа на мир. Самиот мир може да се сфати како позитивна емоционална клима и внатре

[248] Pratto, F.; Žeželj, I.; Maloku, E.; Turjačanin, V.; & Branković, M. (2017). *Shaping Social Identites after Violent Conflict. Youth in Western Balkans*. Palgrave Macmillan
[249] Fritzhand, A. & Petrović, N. (2014). The Culture of Peace: Measuring the Emotional Climate in the Republic of Macedonia. *Безбедносни дијалози.*, 5, 1, 145-162 Скопје: Филозофски факултет

[250] Petrović, N.; Selimović, A.; & de Rivera, J. (2010) "Kultura mira – procena emocionalne klime u Bosni i Hercegovini i Srbiji" in: XVI *Empirijska istraživanja u psihologiji*, Filozofski fakultet, Univerzitet u Beogradu

во самите поединци и надвор од нив, т.е. околу нив[251]. Уште еден клучен апсект од процесот на градење култура на мирот кој го нагласува де Ривера[252], е соочувањето со реалноста на случувањата на терен. Притоа, важно е да се биде свесен за фактот дека конфликтите се присутни во секојдневниот живот и дека луѓето можат да се однесуваат крајно насилно, но исто така, можат да бидат многу мирни и соработливи. Кога луѓето живеат во култура на мир, тие манифестираат различни позитивни карактеристики, вредности и капацитети. На пример, тие можат да бидат подготвени да им помагаат на другите, да се грижат и да поддржуваат, да бидат сочувствителни, храбри и искрени. Ова понатаму значи дека тие можат да ги прифатат другите кои се различни од себе, односно, да бидат свесни дека секој човек е единствен и има свој идентитет.

И на крајот, токму довербата во општествените односи и чувството на безбедност кои се нужни за воспоставување на долгорочен мир, може да се зајакнат со помирување и простување. Како што објаснува Бар-Тал[253], помирувањето е сложен процес кој бара длабоки промени - социјални и психолошки - меѓу сите поединци и групи. Со други зборови, тој нагласува дека "суштината на помирувањето вклучува социо-психолошки процеси кои се состојат од промени на мотивациите, целите, верувањата, ставовите и емоциите на мнозинството членови на општеството (Kelman 1999; Lederach 1997; Shonholtz 1998; Wilmer 1998; според Bar-Tal, 2009, стр. 365)[254]. Помирувањето може да се промовира во култура на мир, ако се исполнат одредени критериуми. Тоа се: взаемно знаење, взаемно прифаќање, взаемно разбирање, почитување на разликите и фокусирање на заедништвото, развој на кооперативни односи, вреднување на мирот и механизми за одржување на мирот. Сите тие треба да се развијат за да се случи оваа трансформација. Затоа, авторот заклучува: "кога членовите на општеството, барем поголемото мнозинство, ги интернализираат вредностите, верувањата, ставовите и практиките на културата на мирот, тоа општество е можно да се окарактеризира како мирно, а неговиот колективен идентитет како впечатен во овие суштински карактеристики" (стр. 371)[255].

---

[251] Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна трансформација на конфликти*. Скопје: Филозофски факултет
[252] De Rivera, J. (Ed.) (2009). *Handbook on Building Cultures of Peace*. Springer
[253] Bar-Tal, D. (2009) “Reconciliation as a Foundation of Culture of Peace” in: De Rivera, J. (Ed.) *Handbook on Building Cultures of Peace*. Springer
[254] Ibidem
[255] Ibidem

Како што, впрочем, ќе нагласи и Келман[256], соработката сама по себе, не може да доведе до помирување во отсуство на взаемно прифатлив и применлив политички договор. Сепак, таа може да го подготви теренот за негово постигнување, а на тој начин да помогне и во процесот на градење на мирот. Оттука, за да се дојде до целосно помирување, соработката треба да им биде од суштинска корист на страните во конфликт за постигнување на општествените потреби и цели, треба да се заснова врз принципите на еднаквост и реципрочност и треба да ги прекрати минатите зависности на едната од другата (помоќната) страна во конфликтот. Притоа, сите релевантни институции, актери и страни треба да делуваат заедно, користејќи механизми кои ќе овозможат фокусирање на континуирано и конструктивно решавање на конфликтите, што ќе придонесе и кон менување на колективните идентитети на страните во конфликт[257], посебно насочувајќи се кон отстранување на негирањето на другата страна, како еден од основните елементи на секој групен идентитет, но и еден од основните предуслови за постигнување на траен мир.

---

[256] Kelman, H.C. (2004). Reconciliation as Identity Change: A Social-Psychological Perspective. In: Bar-Siman-Tov, Y. (Ed.). *From Conflict Resolution to Reconciliation.* 111-124. Oxford University Press

[257] Kelman, H.C. (2001). The Role of National Identity in Conflict Resolution. Experiences from Israeli-Palestinian Problem-Solving Workshops. In: Ashmore, R.D.; Jussim, L.; & Wilder, D. (Eds.). *Social identity, intergroup conflict and conflict reduction.* 187-212. Oxford University Press

# 8. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Afrobarometer (May, 2015). Security and armed extremism in Nigeria: Setting a new agenda. *Afrobarometer Dispatch No. 29*. прочитано на, 13.12.2017 http://afrobarometer.org/sites/default/files/publications/Dispatches/ab_r6_dispatchno29_security_and_extremism_nigeria.pdf

Afrobarometer (August, 2002). Violent Social Conflict and Conflict Resolution in Nigeria. *Afrobarometer Briefing Paper No. 2*. прочитано на, 13.12.2017 http://afrobarometer.org/sites/default/files/publications/Briefing%20paper/AfrobriefNo2.pdf

Amin, S.J. (2017). Adopting a Conflict Resolution Perspective towards Terrorism – Possibilities and Limitations. *International Journal for Excogitation Education and Research*, 1(2), 48-54

Bar-Siman-Tov, Y. (Ed.). (2010). *Barriers to Peace in the Israeli-Palestinian Conflict*. The Jerusalem Institute for Israel Studies, Jerusalem, Israel

Bar-Tal, D. (2009) "Reconciliation as a Foundation of Culture of Peace" in: De Rivera, J. (Ed.) *Handbook on Building Cultures of Peace*. Springer

Beriker, N. (2009). Conflict Resolution. The missing linkg between liberal international relaitons theory and realistic practice. In: Sandole, J.D.D.; Byrne, S.; Staroste-Sandole, I. Senehi, J. (Eds.). *Handbook of Conflict Analysis and Resolution*. Routledge, NY

Boon-Kuo, L.; Hayes, B.; Sentas, V.; & Sullivan, G. (2015). *Building Peace in Permanent War. Terrorist Listing and Conflict Transformation*. International State Crime Initiative. London, UK

Borum, R. (2004). *Psychology of terrorism*. Tampa: University of South Florida.

Borum, R. (2011). Understanding Terrorist Psychology. In: Silke, A. (Ed.). *The Psychology of Counter-terrorism*. UK: Rootledge.

The Boston Globe (April 25, 2008). "Bringing Iraqis to the Table," Достапно на: http://www.boston.com/news/nation/articles/2008/04/25/bringing_iraqis_to_the_table

Bright, M. (February, 2006). "Talking to terrorists", retrieved from https://www.newstatesman.com/node/163753

Brown, K. E. & McGlinchey, S. (Ed). (2017). *International Relations*, E-International Relations Publishing: Bristol, England.

Burgoon, B. (2006.) "On Welfare and Terror: Social Welfare Policies and Political-Economic Roots of Terrorism", *Journal of Conflict Resolution*, 50 (2), 176-203.

Canadian Inernational Institute of Applied Negotiation "Addressing Terrorism: Does Conflict Resolution Have a Role?".Достапно на: http://www.ciian.org/PDF%20Docs/cancraddressterrorism.pdf

Coburn, N. (2011). *The Politics of Dispute Resolution and Continued Instability in Afghanistan*. The United States Institute of Peace, USA

Cohen, S.P. & Arnone, H.C. (1988). Conflict Resolution as the Alternative to Terrorism. *Journal of Social Issues*, 44(2), 175–189

Coll, S. (2014). 'The Unblinking Stare: The Drone War in Pakistan'. *New Yorker*. Available at: www.newyorker.com/magazine/2014/11/24/unblinking-stare

De Rivera, J. (Ed.) (2009). *Handbook on Building Cultures of Peace*. Springer

Diaz, G.E. (2015). From freedom fighters to terrorists and back again. The Basque case. In: Tellidis, I. & Toros, H. (Eds.). *Researching Terrorism, Peace and Conflict Studies. Interaction, synthesis and opposition.* 146-164 Routledge, NY

Ebegbulem, J.C. (2012). Nigeria and Conflict Resolution in Africa: The Darfur Experience. *Transcience*, 3(2), 17-23

Ezenwoko, F. A. & Osagie, J. I. (2014). Conflict and Conflict Resolution in Pre-Colonial Igbo Society of Nigeria. *Journal of Studies in Social Sciences*, 9(1), 135-158. ISSN 2201-4624

Fahed-Sreih, J. (2018). Conflict Management. *Conflict in Family Businesses*, 23-51, DOI 10.1007/978-3-319-62852-3_2

Fitz-Gibbon, A. (2016). *Talking to Terrorists, Non-violence and Counter-Terrorism. Lessons for Gaza from Northern Ireland.* Palgrave Macmillan

Фишер, Р.; Ури, В. и Патон, Б. (1998). *Како да постигнете договор. Преговарање без отстапување* [Getting to Yes. Negotiation Agreement Without Giving In]. Балкански центар за мир, Скопје: Филозофски факултет

Fontan, V. (2015). Out Beyond Occupy Fallujah and the Islamic State in Iraq and Sham, there is a field... In: Tellidis, I. & Toros, H. (Eds.). *Researching Terrorism, Peace and Conflict Studies. Interaction, synthesis and opposition.* 165-186 Routledge, NY

Fritzhand, A. & Petrović, N. (2014). The Culture of Peace: Measuring the Emotional Climate in the Republic of Macedonia. *Безбедносни дијалози.*, 5(1), 145-162 Скопје: Филозофски факултет

Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје: Магор

Funk, N.C. & Said, A.A. (2004). Islam and the West: Narratives of Conflict and Conflict Transformation. *International Journal of Peace Studies*, 9(1), 1-28

Gallo, G. (2012). Conflict Theory, Complexity and Systems Approach. *Systems Research and Behavioral Science* DOI: 10.1002/sres.2132 wileyonlinelibrary.com

Gavin, A. (2006). *Conflict Transformation in the Middle East. Dr. Johan Galtung on Confederation in Iraq and a Middle East Community for Israel/Palestine*. PeacePower

Global Terrorism Index. (2016). *Measuring and Understanding the Impact of Terrorism*. Institute for Economics and Peace

Goodhand, J. & Bergne, P. (2004). *Evaluation of the Conflict Prevention Pools. Afghanistan Case Study.* Evaluation Report 647. Department for International Development. Bradford University

Гоцевски, Т. Ортаковски, В., Георгиева, Л. (1999). *Разрешување и трансформација на конфликтите*. Куманово: Македонска ризница

Griffiths, M. & Whitfield, T. (2010). *Mediation Ten Years On. Challenges and Opportunities for Peacemaking*. Henry Dunant Centre for Humanitarian Dialogue

Halper, J.; Johnson, J., & Schaeffer, E. (2009). *The Israeli-Palestinian Conflict: Challenging Slogans through Critical Reframing.* The Israeli Committee against House Demolitions (ICAHD), Jerusalem, Israel

Halperin, E. (2011). The Emotional Roots of Intergroup Aggression: The Distinct Roles of Anger and Hatred. In: Shaver, P.R. & Mikulincer, M. (Eds.). *Human Aggression and Violence. Causes, Manifestations and Consequences*. 315-332. APA, Washington DC

Hartzell, C.A. (2014). *A Comparative Perspective on an Afghan Peace Process: Why, When, Who and What?* Afghanistan: Opportunity in Crisis Series No. 7. Chatnam House, The Royal Institute of International Affaires

Hoffman, B. (2006.) *Inside Terrorism*, New York: Columbia University Press.

Holsten, M.; Tilock, K.; Korir, S.; & Fawzy, M. (2013). *Partners for Peace: Community and Conflict Resolution "We are the people, we are the problem, we are the solution."* Global Communities. Partners for Good

Humud, C.E.; Blanchard, C.M.; & Nikitin, M.B.D. (October, 2017). *Armed Conflict in Syria: Overview and U.S. Response*. Congressional Research Service, USA

Ikyase, J.T. & Olisah, C.I. (2014). Sustainable Conflict Management Mechanism in Africa: Issues and Challenges for Development. *International Journal of Humanities and Social Science*, 4(7), 183-190

Ilo, P. (2014). Faith-Based Organisations and Conflict Resolution in Nigeria: The Case of the Christian Association of Nigeria (CAN). *Journal of Global Initiatives: Policy, Pedagogy, Perspective*, 9 (2), 99-108. достапно на http://digitalcommons.kennesaw.edu/jgi/vol9/iss2/9

Jeong, H.W. (2010). *Conflict Management and Resolution. An Introduction*. Routledge, NY

Kelman, H.C. (2007). The Israeli-Palestinian Peace Process and Its Vicissitudes. Insights From Attitude Theory. *American Psychologist*, 62 (4), 287-303, APA DOI: 10.1037/0003-66X.62.4287

Kelman, H.C. (2005). Interactive Problem Solving in Israeli-Palestinian Case: Past Contributions and Present Challenges. In: Fisher, R. (Ed.). *Pawing the way: Contributions of interactive conflict resolution to peacemaking.* 2-28. Lanham, MD: Lexington Books

Kelman, H.C. (2004). Reconciliation as Identity Change: A Social-Psychological Perspective. In: Bar-Siman-Tov, Y. (Ed.). *From Conflict Resolution to Reconciliation*. 111-124. Oxford University Press

Kelman, H.C. (2001). The Role of National Identity in Conflict Resolution. Experiences from Israeli-Palestinian Problem-Solving Workshops. In: Ashmore, R.D.; Jussim, L.; & Wilder, D. (Eds.). *Social identity, intergroup conflict and conflict reduction*. 187-212. Oxford University Press.

Kelman, H.C. (1997). Social-Psychological Dimensions of International Conflict. In: Zartman, W.I. & Rasmussen, L.J. (Eds.). *Peacemaking in International Conflict. Methods and Techniques*, 191-238. United States Institute of Peace Press, Washington D.C.

Kelman, H.C., & Fisher, R.J. (2003). Conflict Analysis and Resolution. In: Sears, D.O., Huddy, L, & Jervis, R. (Eds.). *Oxford Handbook of Political Psychology*. 315-353 Oxford University Press

Kendall Hope, M. (2014a). *The Middle East: How Conflict Resolution can Extinguish Terrorism*. Pax Pugna Publ. North Carolina

Kendall Hope, M. (2014b). *Transcending the Cycles of Violence*. Pax Pugna Publ. North Carolina

Котовчевски, М. (2003). *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје.

Kriesberg, L. (2009). The Evolution of Conflict Resolution. In: Bercovitch, J.; Kremenyuk, V.; & Zartman, W.I. (Eds.). *The Sage Handbook of Conflict Resolution*, 15-32. Thousands Oaks, CA: Sage

Langholtz, H.J. (Ed.) (2015). *Peacekeeping and International Conflict Resolution*. USA: Peace Opertion Training Institute.

Lieberfield, D. (2005). Theories of Conflict and the Iraq War. *International Journal of Peace Studies*, 10 (2), 1-21

Lizardo, O. (2008.) „Defining and Theorizing Terrorism: A Global Actor-Centered Approach", *Journal of World-Systems Research*, XIV (2):91-118, *http://jwsr.ucr.edu/archive/vol14 /index2. Html.*

Mandaville, P. (2007). *Global Political Islam.* Abingdon, UK: Routledge.

Mathiasen, F. (2006). *The African Union and Conflict Management*. USAWC Strategy Research Project. U.S. Army War College Carlisle Barracks, Pennsylvania

Mercy Corps (January, 2009-December, 2010). *Governance Promotion through Conflict Management in Iraq (GPCMI). Final Evaluation: Results, Lesson learned and Recommendations for future programming*. Достапно на: https://www.mercycorps.org/sites/default/files/mercy_corps_iraq_gpcmi_final_evaluation_2011-06-02_2.pdf

Милошевска, Т. (2018). *Глобален тероризам*, Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.

Morrison, J. F. (2015). Peace comes dropping slow. The case of Northern Ireland. In: Tellidis, I. & Toros, H. (Eds.). *Researching Terrorism, Peace and Conflict Studies. Interaction, synthesis and opposition.* 187-202 Routledge, NY

Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна трансформација на конфликти.* Скопје: Филозофски факултет

Mustafa, D. and Brown, K. E. (2010). 'The Taliban, Public Space, and Terror in Pakistan' *Eurasian Geography and Economics* 51(4).

Neumann, P. (2013). The Trouble with Radicalisation. *International Affairs,* 89(4), 873-893.

Ogbuehi, F. I. (2016). Critical Appraisal of Dialogue as a Strategy for Religious Conflict Resolution in Nigeria. *Journal of Religion and Human Relations*, 8(2), 158-174

Ottuh, J.A. (2013). Religious Conflict Resolution In Nigeria (Matthew 18:15-22): A Hermeneutico - Inculturation Approach. *Journal of Humanities and Social Science* (IOSR-JHSS), 7(6) 19-26 e-ISSN: 2279-0837, p-ISSN: 2279-0845.

Page, R. (2015). *ISIS and the sectarian conflict in the Middle East*. House of Commons. International law, International Affairs and Defence Section, ISSN 1368-8456

Petrović, N.; Selimović, A.; & de Rivera, J. (2010). Kultura mira – procena emocionalne klime u Bosni i Hercegovini i Srbiji. In: XVI *Empirijska istraživanja u psihologiji*, Filozofski fakultet, Univerzitet u Beogradu

Pratto, F.; Žeželj, I.; Maloku, E.; Turjačanin, V.; & Branković, M. (2017). *Shaping Social Identites after Violent Conflict. Youth in Western Balkans*. Palgrave Macmillan.

Ramsbotham, O. Woodhouse, T. & Miall, H. (2016). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*. Polity Press.

Rathmell, A. (2005). Planning post-conflict reconstruction in Iraq: what can we learn? *International Affairs* 81 (5), 1013-1038

Rieker, P. & Thune, H. (2017). *Dialogue and Conflict Resolution. Potential and Limits*. Routledge, NY

Ryan, S. (1990). Conflict management and conflict resolution. *Terorism and Political Violence*, 2(1), 54-71. Published online: 21 Dec 2007

Sageman, M. (2008). *The Leaderless Jihad: Terror Networks in the Twenty-first Century*. Philadelphia: University of Pennsylvania Press.

Schmid, A. P. (1983). *Political terrorism: A research guide to concepts, theories, data bases and literature*. New Brunswick, NJ: Transaction.

Schirch, L.; Raffiee, A.; Sakhi, N.; & Wardak, M. (2011). *Designing a Comprehensive Peace Process for Afghanistan*. United States Institute of Peace. Washington DC

Semple, M. (2017). Peace Dialogue, the Afghan Case 2001-2014. In: Rieker, P. & Thune, H. (Eds). *Dialogue and Conflict Resolution. Potential and Limits*. 143-166 Routledge, NY

Shaver, P.R. & Mikulincer, M. (Eds.) (2011). *Human Aggression and Violence. Causes, Manifestations and Consequences*. APA, Washington DC

Schmid, P. A. & Jongman, J.A. (1988.) *Political Terrorism: A New Guide to Actors, Authors, Concepts, Data Bases, Theories and Literature,* Amsterdam: North-Holland Publishing Company.

SIPRI Yearbook (2015). *Armaments, Disarmaments and International Security*. Stockholm International Peace Research Institute.

Solomon, Z. & Ginzburg, K. (2011). The Psychological Toll of Exposure to Political Violence: The Israeli Experience. In: Shaver, P.R. & Mikulincer, M. (Eds.). *Human Aggression and Violence. Causes, Manifestations and Consequences*. APA, Washington DC

Staub, E. (2003). *The Psychology of Good and Evil. Why Children, Adults and Groups Help and Harm Others*. Cambridge University Press.

Танески, Н. (2011). Методи на сузбивање на модерниот тероризам. *Безбедносни дијалози*, 4(2), 161-174. Скопје: Филозофски факултет

Tellidis, I. & Toros, H. (Eds.) (2015). *Researching Terrorism, Peace and Conflict Studies. Interaction, synthesis and opposition.* Routledge, NY.

Tilly, C. (2005.) Terror as Strategy and Relational Process, *International Journal of Comparative Sociology*, 46 (1-2), 11-32.

Tinuade, A. O. & Fadekemi, B. O. (2015). Conflict Resolution in Nigeria: The Role of Academic Library. *International Journal of Library Science*, 4(1), 13-20 DOI:10.5923/j.library.20150401.03

Toros, H. (2008). „We Don't Negotiate with Terrorists! " Legitimacy and Complexity in Terrorist Conflicts. *Security Dialogue*, 39(4), 407-426

Toros, H. (2016). *Terrorism, Counterterrorism, and Conflict Resolution: Building Bridges*. Center for Excellence Defence against Terrorism. NATO

Torstensen, R. L. (2014). *Creative Tools in Reconciliation after Terrorism*. Unpublished Master thesis. Norwegian School of Theology, Oslo, Norway

United Nations High Commissioner for Refugees Iraq Operation (December, 2007). *Framework for Conflict-sensitive programming in Iraq.* UN

UNDP (February, 2009). Why dialogue matters for conflict prevention and peacebuilding? UN. Достапно на:
http://www.undp.org/content/dam/undp/library/crisis%20prevention/dialogue_conflict.pdf

Victoroff, J. (2005). The Mind of the Terrorist: A Review and Critique of Psychological Approaches. *The Journal of Conflict Resolution*, 49(1), 3-42

Викс, Д. (1998). *Осум есенцијални чекори кон разрешување конфликти* [The Eight Essential Steps to Conflict Resolution]. Скопје: Филозофски факултет

Vos Fellman, P.; Bar-Yam, Y.; & Minai, A.A. (2015). *Conflict and Complexity. Countering Terrorism, Insurgency, Ethnic and Regional Violence*. Springer, NY

Waldman, M. & Ruttig, T. (January, 2011). Theories of conflict resolution and their applicability to Afghanistan. *Afghanistan Analysts Network Discussion Paper*

Wani, H. A. (2011). Understanding Conflict Resolution. *International Journal of Humanities and Social Science*, 1, 2, 104-111

Weera, S. (2002). *Afghanistan. An Introduction to the Sources and Nature of Conflict*. Creative Associates International. Kabul, Afghanistan.

Weinberg, L. (2008). *Democratic Responses to Terrorism,* New York.

Weiss, J. (February, 2003). "Why Has Negotiation Gotten a Bad Name?" достапно на: http://www.mediate.com/articles/weissj.cfm

Zartman, W. (2008). *Negotiation and Conflict Management. Essays on Theory and Practice*. Routledge. NY.